# СТУДИЈА ЗА МЛАДИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2018/2019

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

**ФОНДАЦИЈА ФРИДРИХ ЕБЕРТ**

Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС) е најстарата политичка фондација во Германија, со богата традиција на полето на социјалната демократија уште од 1925 година. Работата на нашата фондација се заснова на основните идеи и вредности на социјалната демократија – слобода, правда и солидарност. Овие вредности нè поврзуваат со принципите на социјалната демократија и независните синдикати. Со нашата меѓународна мрежа на канцеларии во повеќе од 100 земји, поддржуваме политика на мировна соработка и заштита на човековите права, промовираме воспоставување и јакнење на демократски, социјални и уставни структури, и истовремено работиме како пионери во сферата на независните синдикати и стабилното граѓанско општество. Активно сме вклучени во промовирање на социјална, демократска и конкурентна Европа во процесот на Европската интеграција.

**СТУДИИ ЗА МЛАДИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 2018/2019:**

„ФЕС Студии за млади во Југоисточна Европа 2018/2019" е меѓународен истражувачки проект за млади кој се одвиваше паралелно во десет држави од Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија и Словенија. Главната цел на проектот беше да се идентификуваат, образложат и анализираат ставовите на младите луѓе и нивните модели на однесување во современото општество. Податоците беа собрани во почетокот на 2018 година со учество на повеќе од 10,000 испитаници на возраст помеѓу 14 – 29 години во десетте држави вклучени во проектот.

Истражувањето адресираше широк спектар на прашања, вклучувајќи ги искуствата на младите луѓе и нивните аспирации во различни сфери од животот, како што се: образование, вработување, политичко учество, семејни односи, слободно време, употреба на технологија за информирање и комуникација, како и нивните вредности, ставови и верувања. Резултатите, заедно со документите за јавни политики, се презентирани во десетте национални и една регионална студија кои се објавени на англиски и на националните јазици на земјите.

# СТУДИЈА ЗА МЛАДИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2018/2019

Марија Топузовска Латковиќ, Мирјана Борота Поповска,
Елеонора Серафимовска, Анета Цекиќ, Нита Старова

**1 ВОВЕД** ..... 3

**2 ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ..... 7

**3 МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП** ..... 11

**4 ЖИВОТЕН СТИЛ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ** ..... 17

**5 МОБИЛНОСТ** ..... 29

**6 ИНДИВИДУА, РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ, БРАК И СЕМЕЈСТВО** ..... 41

**7 ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ** ..... 57

**8 ПОЛИТИКА И ДЕМОКРАТИЈА** ..... 73

Користена литература ..... 92
Фусноти ..... 94
Преглед на слики ..... 95
Преглед на табели ..... 97

# 1

# ВОВЕД

Фондацијата Фридрих Еберт во 2013 година ја спроведе првата национална студија за млади во Македонија, со цел да ги измери, опише и објасни главните ставови на македонската млада популација, во однос на општеството, политиката, образованието, вработувањето, семејството, религијата и интеграцијата во Европска Унија. Студијата се спроведе со истата методологија во сите земји во регионот, што овозможи и резултираше со дополнителни споредбени анализи. Резултатите од оваа студија наидоа на широк интерес во Македонија и беа користени како основа на креирање на одредени предлог политики и проекти во изминатите години.

Затоа, после пет години, Фондацијата Фридрих Еберт повторно ја покрена иницијативата за истовремено спроведување на студијата за млади, во сите 10 земји во регионот на Југоисточна Европа, во 2018 година, со цел да се здобие со аналитички податоци за перцепциите на младата генерација, нивните очекувања, ставови и пристап кон реалноста и секојдневието, но истовремено и да ги измери евентуалните промени, тенденции и состојби во изминатите пет години.

Бидејќи станува збор за младите, како специфична категорија, треба да се има предвид дека три временски периоди се клучни од перспектива на животниот тек: индивидуалното време, генерациското време и историското време. Индивидуалното време се однесува на биолошкото време. Се претпоставува дека периодите од животот, како што се детството, адолесценцијата, зрелото доба, позициите на влијание, улогите и правата во општеството, се базираат врз основа на културолошки обликувани дефиниции за возраста. Генерациското време се однесува на возрасните групи или врснички групи во кои се групирани луѓето, според нивната возраст или период на раѓање. Додека пак, историското време се однесува на општествениот контекст, на настаните и промените (политички, економски, технолошки итн.) во кои живеат луѓето.

Младата популација опфатена со Студијата е на возраст од 14 до 29 години, и моментално ја сочинуваат две генерациски групи, во светот познати како генерација Y (родени помеѓу 1981 и 2000 година) и генерација Z (родени после 2000 година). Овие млади луѓе покрај тоа што се сведоци на динамичните промени и случувања на глобално ниво (рапиден развој на технологијата и широката примена на интернетот, климатски промени и елементарни непогоди, терористички напади и војни, економска криза), директно или индиректно беа дел и од турбулентните случувања на политички и општествен план во Македонија, особено во изминатиот период, како што се: политичката криза, бројните афери и скандали, студентските протести, Шарената револуција, која резултираше со промена на власта во Македонија. Ваквите настани покрај тоа што ги доведоа во прашање демократските процеси во земјата, очигледно дека во различна мера извршија влијание и на одредени ставови на младите.

Според резултатите од истражувањето, младите од Македонија несомнено ги споделуваат општите карактеристики, вредности, желби и стравови на генерациите Y и Z, слично како и нивните врсници во регионот и воопшто во светот, но за одредени аспекти се забележува влијанието на националниот контекст.

За жал, кај младите во Македонија се уште постои желбата за миграција и напуштање на земјата, во потрага на подобар животен стандард, недовербата во институциите и политичките партии е се уште на високо ниво и предрасудите кон различностите се и понатаму длабоко вкоренети во ставовите; загрижувачки резултати кои укажуваат на низа постоечки предизвици со кои треба да се справат креаторите на политики и

носителите на одлуки, но и самите млади, со цел да се влијае на овие негативни трендови.

Студијата укажува на предизвиците и итните мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбата на младите во македонското општество, бидејќи сме свесни дека тие се идните лидери, политичари, едукатори, иноватори, работодавачи, граѓани на ЕУ и светот. Иднината е во нивни раце и тие треба да поседуваат потенцијал за промена и подобрување на демократијата и економијата во земјата.

Ева Елерајт, директорка, Фондација „Фридрих Еберт" – канцеларија Скопје

Нита Старова, проектна координаторка, Фондација „Фридрих Еберт" – канцеларија Скопје

# 2

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Студијата анализира и опишува феномени, теми и трендови поврзани со младите во Македонија и наедно дава препораки за подобрување на состојбите. Истражувањето во Македонија е дел од поголем проект кој истовремено се одвива во земјите од Југоисточна Европа, со поддршка на Фондацијата Фридрих Еберт. Студијата се базира врз комбинација од квантитативни и квалитативни истражувачки постапки, со анализа на примарни, но и на секундарни податоци. За потребите на анкетното истражување е дизајниран стратифициран квотен примерок од вкупно N=1038 испитаници. Теренското истражување е спроведено со CAPI (Computer-assisted personal interviewing), во временскиот период од 12 февруари до 12 март 2018 година.

За интервјуто, пак, примерокот е составен од 10 испитаници, млади луѓе од Македонија, хетерогени според демографските карактеристики (како пол, возраст, етницитет, степен на образование и место на живеење).

Квантитативните податоци добиени од анкетното истражување се анализирани на униваријантно, биваријантно и мултиваријантно ниво, со примена на соодветни статистички постапки во SPSS (Statistical Package for the Social Sciences) , кои се текстуално интерпретирани и визуелно претставени преку слики и табели.

Квалитативните податоци од спроведените интервјуа се анонимизирани, наративно анализирани и претставени во форма на анегдоти и цитати.

Извештајот е поделен во пет дела.

## ЖИВОТЕН СТИЛ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ

Младите најчесто слушаат музика, минуваат време со семејството и излегуваат со пријателите, а најретко медитираат/практикуваат јога, волонтираат на социјални проекти и престојуваат во странство. Времето поминато на Интернет е зголемено за цели 2 часа, во однос на 2013 година (дневно поминуваат приближно 3 часа гледајќи ТВ и 6 часа на Интернет). Интернетот младите најчесто го користат за социјална интеракција и комуникација, едукација, информирање и разонода/забава.

Речиси една третина од младите редовно пушат цигари, а 24 % пијат алкохол за викенди. Најголемиот дел или 89 % од младите одговориле дека не користат лесни дроги како што е марихуаната. Младата македонска популација во целост покажува ниски вредности на скалата за девијантност;

Младите од женски пол првото сексуално искуство го доживуваат на 18 години, а од машки пол на 17 години. Траекториите на животниот тек кај младите, и од женски и од машки пол, зависат од степенот на образование, при што како што расте степенот на образование, расте и возраста кога се случуваат клучните животни настани, а опсегот на поминато време за сите клучни настани на траекторијата се намалува со растот на степенот на образование.

## МОБИЛНОСТ

Младите ретко патуваат надвор од земјата, а дури 91 % од младите не престојувале во странска земја подолго од 6 месеци, што значи дека нивните очекувања за животот во странство не се засновани врз лично искуство. Во однос на желбата за миграција надвор од земјата,

младите можат да се поделат во три групи: една третина од младите имаат силна желба да ја напуштат матичната земја, една третина изразиле средна желба за миграција, и една третина воопшто немаат таква желба. Ист процент од 33,80 како и во Студијата од 2013 година (33 %), одговориле дека планираат засекогаш да останат во посакуваната земја. Најголема тенденција за миграција има следниот профил на млади луѓе: претежно Македонци, на возраст од 14 до 19 години, со основно и средно образование, главно од урбано место на живеење;

За речиси половина од младите главна причина за иселување е подобрување на животниот стандард.

Како најпосакувана дестинација – број еден за иселување помеѓу младите е Германија.

Младите, покрај тоа што не преземаат конкретна акција за иселување (ниска проактивност), покажуваат и ниско ниво на запознаеност/информираност за можностите за имигранти во посакуваната земја.

Тоа што во најголема мера ги задржува младите да останат во земјата, несомнено е семејството.

## ИНДИВИДУА, РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ, БРАК И СЕМЕЈСТВО

Најважните вредности за младите се: да се биде верен/лојален кон партнерот(ката)/пријателите/работодавците; да се биде независен; да се има успешна кариера и да се презема одговорност. Најмалку значајни работи во животот на младите се: да се биде политички активен и да се учествува во граѓански активности/иницијативи. Испитаниците се многу пооптимистични кога станува збор за сопствената иднина отколку кога станува збор за иднината на македонското општество. Младите во Македонија стравуваат речиси за сѐ, а особено за загадувањето и климатските промени и сиромаштијата. Младите се порелигиозни денес отколку пред 5 години. Најголем дел од нив практикуваат верски обреди само за значајни верски празници.

Најголема доверба младите и сега и пред 5 години имаат во членовите на нивното потесно и пошироко семејство и пријателите, додека најмалку веруваат во политичките лидери. Македонците и Албанците во 2018 година си веруваат помалку отколку што си веруvале во 2013 година. Ставот на младите е дека сексуалната ориентација и јазикот кој го зборуваат најретко е причина за дискриминација, додека политичките убедувања и етничкото потекло се најчеста причина за дискриманција

Профил на едно домаќинство во Македонија е следен: семејство составено во просек од 4 члена кај Македонците и 5 члена кај Албанците – двајца родители и деца. Семејството живее во домот на родителите најчесто заради тоа што е најпрактично и наједноставно. Членовите добро се согласуваат меѓусебно. Врз одлуките на младите учествуваат и двајцата родители. Младите во иднина се гледаат како мажени/женети со две деца, воспитувани се да ги почитуваат родителите и така сакаат да ги воспитуваат и сопствените деца.

## ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

Младите имаат високи аспирации (повеќе од 80 % сакаат да се здобијат со универзитетско образование), малку учат (особено е намален процентот на оние кои учат повеќе од 3 часа, од 44 % во 2013 година на 22,55 % во 2018 година), мислат дека оценките се купуваат, а две третини од испитаниците типичниот ден на училиште го перцепираат како тежок и стресен.

Речиси половина од испитаниците се незадоволни со квалитетот на образовниот процес во Македонија. Дел од причините за незадоволството може да ги детекираме во перцепцијата за употребливоста и корисноста на стекнатото знаење. Имено, регрсионата анализа укажува дека субјективната перцепција на младите за задоволството од квалитетот на образованието во земјата би се зголемила доколку настане приспособу вање на наставните програми кон светот на работата и доколку младите побрзо најдат работа по завршувањето на образованието.

Младите најмногу сакаат да работат во јавниот сектор (45 %), а „сигурното работно место без страв од отпуштање“се јавува на прво место според значајот за избор на работата.

Среќата е меѓу првите три фактори за наоѓање работа (на прво место се „врски и пријатели“, на второ место „врски со моќни луѓе“).

Сериозен е наодот дека помалку од една третина редовни ученици и студенти во текот на образованието посетиле некаков вид пракса, а само 20 % од младите волонтирале во последните 12 месеци.

## ПОЛИТИКА И ДЕМОКРАТИЈА

Интересот за политика меѓу младите и разговарањето за политички теми е опаднат, односно е двојно помал во споредба со претходната студија од 2013 година. За намалениот интерес, меѓу другото, има влијание и политичката криза која се одвиваше во Македонија во периодот 2015 – 2017 година, што предизвика големо незадоволство кај населението, долгогодишните меѓународни проблеми со „прашањето за името“ и неуспехот за започнување на преговори со ЕУ.

Дека политичарите не се грижат за нивните мислења сметаат 61 % од младите, додека 73 % сметаат дека треба да имаат повеќе можности за да го кренат својот глас во политиката. Повеќе од 80 % од младите гласаат на избори. Околу 40 % од младите имаат позитивен став кон политичката партиципација кога се работи за потпишување петиции, учество на протести и учество во активности на волонтерски или граѓански организации.

Довербата во институциите е мала. Најмала е довербата во домашните политички институции и политичките партии.

Младите изразуваат левичарски ставови, односно во голема мера прифаќаат поголема улога на државата во економијата. Од друга страна, кога станува збор за димензијата либерализам-конзервативизам, тие се приклонуваат кон десницата.

Дека „треба да имаме лидер кој ќе ја води Македонија со цврста рака во интерес на јавното добро" сметаат 71,3 % од младите, како и дека „силна партија која ќе го претставува обичниот народ, генерално, е она што ни е потребно во Македонија во моментот" (68,5 %), што се типични показатели за авторитарност, и во поново време, за приемчивост на популизмот.

Младите сметаат дека нивното општество е оптоварено со многубројни проблеми и изразуваат умерен оптимизам кога се работи за очекувањата за развојот на економската состојба во следните 10 години.

Членството во Европската Унија го поддржуваат 81 % од младите.

# 3

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

## ИСТРАЖУВАЧКИ ТЕХНИКИ

Студијата се базира врз комбинација од квантитативни и квалитативни истражувачки постапки, со анализа на примарни, но и на секундарни податоци. Поконкретно, употребени се следните истражувачки техники за собирање на податоците:

— Преглед на литература;
— Лице-в-лице анкета на репрезентативен, национален примерок, со стандардизиран главен прашалник, идентичен за сите земји од ЈИЕ вклучени во проектот на Фондацијата Фридрих Еберт;
Полуструктурирани интервјуа.

Анкетниот прашалник е составен од следните тематски целини:

— Слободно време и животен стил;
— Вредности, религија и доверба;
— Семејство и пријатели;
— Мобилност;
— Образование;
— Вработување;
— Политика;
— Демографски податоци
— Прилог: Доверливи прашања;
— Модул специфичен за земјата (со задолжителни ајтеми).

Интервјуто е составено од 10 отворени прашања (со потпрашања) за сите теми од прашалникот, плус дел посветен на демографските податоци.

## ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИМЕРОК И СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

За потребите на анкетното истражување е дизајниран стратифициран квотен примерок.

За оваа цел, користени се официјални податоци за процените[1] на населението, објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика на Македонија.

Македонската млада популација, на возраст од 14 до 29 години (поделена во три возрасни категории од страна на самиот Државен завод за статистика), прво беше сегментирана во меѓусебно ексклузивни субгрупи, според осумте статистички региони во земјата и општините. Потоа, случаите во секој сегмент/стратум беа калкулирани и селектирани врз основа на специфичниот сооднос на квотите според: пол, етницитет и место на живеење (урбано/рурално).

Големината на примерокот е пресметана според формула (при што маргиналната грешка е 3 %, а нивото на доверба 95 %). Големината на истражувачката целна популација – вкупен број на млади луѓе на возраст од 14 до 29 години во Македонија е 454.979, па оттаму и според барањата на проектната документација, големината на предвидениот истражувачки примерок беше N=1065+200.

За интервјуто, пак, примерокот е составен од 10 испитаници, млади луѓе од Македонија, хетерогени според демографските карактеристики (како пол, возраст, етницитет, степен на образование, место на живеење).

Во рамките на теренското анкетно истражување се собрани комплетно пополнети прашалници од вкупно N=1038 испитаници. Истражувањето е спроведено со CAPI (Computer-assisted personal interviewing), во временскиот период од 12. февруари до 12. март 2018. година. За оваа цел, креирана е двојазична верзија (на македонски и албански) од прашалникот, во офлајн Андроид апликација. Вкупен број од 20 анкетари ја спроведоа анкетата лице-в-лице, со користење на 20 единици Lenovo Tab 3 7 таблети, на целата територија на Македонија. Просечното времетраење на една анкета изнесува 45 минути.

Успешно се спроведени 10 длабински полуструктурирани интервјуа, за кои е направен пречистен транскрипт.

## ПОСТ-ТЕСТ НА РЕЛИЈАБИЛНОСТ

Пост-тест на релијабилност е спроведен преку CATI (Computer-assisted telephone interviewing) на 69 субјекти (6,6 % од примерокот). За оваа цел, анкетниот прашалник се состоеше од 14 прашања[2] извлечени од главниот прашалник, намерно селектирани за да ги покријат различните видови варијабли (номинални, ординални и скалести). Во SPSS (Statistical Package for the Social Sciences) е спроведена Kappa анализа, која потврди релијабилност.

## АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

Податоците се анализирани на квантитативно и квалитативно ниво, при што се користени следните истражувачки методи:

— Експлоративен метод;
— Дескриптивен метод;
— Компаративен метод;
— Експланаторен метод.

Квантитативните податоци добиени од анкетното истражување се анализирани на униваријантно, биваријантно и мултиваријантно ниво, со примена на соодветни статистички постапки во SPSS, кои се текстуално интерпретирани и визуелно претставени преку слики, табели, графикони и дијаграми.

Квалитативните податоци од спроведените интервјуа се анонимизирани, наративно анализирани и претставени во форма на анегдоти и цитати.

## ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ

Истражувачкиот примерок (N=1038), според демографските белези, е составен од 50 % испитаници од машки пол и 50 % испитаници од женски пол. Во однос на возраста, испитаниците се застапени според возрасни групи во следниот сооднос: 14–19 години (36 %), 20–24 години (33 %) и 20–24 години (31 %).

СЛИКА БР. 1: **Пол**



Машки: 50 %
Женски: 50 %

СЛИКА БР. 2: **Возраст**



14–19: 36 %
20–24: 31 %
25–29: 33 %

Според местото на живеење, кумулативно 66 % од испитаниците се изјасниле дека живеат во урбана средина, а 34 % во рурална средина.

СЛИКА БР. 3: **Како би го опишале местото во коешто живеете?**




Во однос на националноста, 67 % од испитаниците се Македонци, 21 % се Албанци, а останатите се Роми, Срби, Бошњаци, Власи, Турци, Бугари, Хрвати, Црногорци и друго. Речиси сите, или поточно 98,7 % имаат македонски пасош.

СЛИКА БР. 4: **Националност**




Најголемиот процент млади или 48,20 % одговориле дека можат да си дозволат некои поскапи работи, но не и автомобил или стан; 25,70 % одговориле дека имаат доволно пари за храна, алишта и чевли, но не и за фрижидер, ТВ и слично; 7,70 % имаат доволно пари само за плаќање на основните сметки и храна, 3 % немаат доволно пари ниту за основните сметки, а само 15,40 % можат да си дозволат сè што им е потребно за подобар стандард.

СЛИКА БР. 5: **Финансиска состојба во домаќинството**



Дури 88,8 % од младите имаат своја соба во станот каде што живеат, додека во станот/куќата на нивните родители најчесто има две соби. Во домот каде што израснале младите, најчесто имало од 10 до 20 книги. Младите заедно со нивните родители најчесто поседуваат по еден стан/куќа, 3 и повеќе мобилни телефони, еден компјутер или лаптоп, една интернет-врска во домот, еден велосипед, една машина за садови, една машина за перење алишта и еден автомобил.

ТАБЕЛА БР. 1: **МАТЕРИЈАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

| | 0 | 1 | 2 | 3 и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Куќа или стан | 1,5 % | 72,3 % | 19.8 % | 6,5 % |
| Мобилен телефон | ,1 % | 13,9 % | 17,5 % | 68,5 % |
| Компјутер или лаптоп | 2,5 % | 50,6 % | 32,0 % | 14,9 % |
| Интернет-врска во домот | 1,0 % | 73,0 % | 14,1 % | 11,9 % |
| Велосипед | 25,1 % | 43,4 % | 21,9 % | 9,7 % |
| Мотоцикл | 68,4 % | 21,9 % | 6,9 % | 2,8 % |
| Клима-уред | 44,4 % | 39,1 % | 11,8 % | 4,8 % |
| Машина за садови | 39,9 % | 48,5 % | 7,6 % | 4,0 % |
| Машина за перење алишта | 1,6 % | 80,7 % | 13,7 % | 3,9 % |
| Автомобил | 17,3 % | 53,8 % | 18,9 % | 10,0 % |

# 4

# ЖИВОТЕН СТИЛ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ

Животниот стил на младите го отсликува начинот на којшто младите (индивидуално или колективно како група) посакуваат да го поминуваат слободното време и да ги трошат парите, или поконкретно, се однесува на нивните навики, активности, вредности , интереси и модели на однесување.

## КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Анализата на податоците од Анкетата за користење на времето од Државниот завод за статистика (2015: 28), изразена преку бројот на часови и минути, прикажува дека младите на возраст од 15 до 24 години просечно го користат времето на следниот начин: спиење – 8,59, слободни активности – 5,35, домашни активности – 0,53, вработеност – 0,49, јадење и пиење – 2,18, друга лична грижа – 1,05 , патување – 1,13, школување – 2,46, волонтерска работа и помош – 0,07.

Според сознанија од ова истражување, младите најчесто слушаат музика, минуваат време со семејството и излегуваат со пријателите, а најретко медитираат/практикуваат јога, волонтираат на социјални проекти и престојуваат во странство. И во претходната Студија за млади на Фондацијата Фридрих Еберт (Topuzovska Latkovic, Borota Popovska, Serafimovska & Cekic, 2013) младите одговориле дека во слободно време најчесто слушаат музика или излегуваат со пријателите, со разлика што во претходната студија не беше вклучена опцијата – минување време со семејството.

И во оваа студија, како и во претходните студии за младите во земјата, се потврдува дека спортот не е нешто што младите во Македонија често го практикуваат, независно дали рекреативно, аматерски или професионално. Според студијата за Младински трендови во РМ (Топузовска Латковиќ, 2014), дури половина од младите (50 %) од 15 до 29-годишна возраст не спортуваат и не практикуваат каква било физичка активност. Само 1 % од младите професионално се занимаваат со спорт, 7 % спортуваат аматерски, односно членуваат во клубови, посетуваат редовни тренинзи и/или учествуваат на натпревари, а 42 % спортуваат рекреативно или практикуваат физичка активност во вид на хоби.

СЛИКА БР. 6: **Активности на младите во слободното време (средни вредности на скала од 1-никогаш до 5-многу често)**




Проверката со непараметриски тест за споредба на податоците според пол, со статистичко значење од p<0.05 покажа дека младите од машки пол почесто од младите од женски пол: излегуваат со пријателите, спортуваат, играат видеоигри, минуваат време во барови, кафулиња и клубови, волонтираат на социјални проекти/ активности/иницијативи, минуваат време во младински центри; додека пак, младите од женски пол почесто од младите од машки пол: слушаат музика, читаат книги, минуваат време со семејството, се молат на Бога и купуваат/одат во шопинг.

Ваквите резултати на одреден начин го објаснуваат постоењето одредени полови стереотипи за „типично женски и машки работи" и обратно, но, наедно и истакнуваат две позитивни особини (волонтерство и посетување на младински центри) повеќе застапени кај младите од машки пол, коишто заедно се однесуваат на активно граѓанство.

Со биваријантна корелација се потврди дека постои позитивна поврзаност помеѓу бројот на книги во домот во кој израснале младите и зачестеноста на практикувањето на активностите како читање книги (r=.307, p<0.01) и правење нешто креативно (r=.355, p<0.01), што укажува дека овие позитивни навики кај младите сепак се поттикнуваат од опкружувањето, односно во раните развојни фази на личноста.

**Како и на што најчесто ги „трошите" слободното време и парите во секојдневниот живот?**

„Слободното време го трошам на спортување, гледање серии, дружба со пријателите, а парите ги трошам на купување скапи телефони, облека и јадења, како и работи потребни за дома." (Мина, 25 год.)

„Парите најчесто ги трошам на електроника и облека." (Филип, 27 год.)

„Заработените пари ги трошам на патувања, книги, облека и излегување со пријателите и момчето." (Ана, 23 год.)

„Парите ги трошам за посета на некое место во Македонија, купување облека, храна и пијалак." (Елена, 24 год.)

„Слободното време го трошам на спорт и релаксација (читање книги, гледање телевизија)." (Кате, 24 год.)

„Парите ги трошам за кафиња и цигари." (Петар, 21 год.)

„Во слободното време се дружам со другари или девојка ми, на кафе или правам некои активности надвор од дома." (Теон, 18 год.)

## КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТ

Вкупно 95 % од младите имаат редовен пристап до Интернет, односно 76,9 % – постојано, и 18,1 % – секој ден или речиси секој ден, процентот е ист како и пред пет години.

Младите, во просек, дневно поминуваат приближно 3 часа гледајќи ТВ и 6 часа на Интернет. Интересен е податокот дека во споредба со Студијата за млади од 2013 година, времето поминато на Интернет е зголемено за цели 2 часа, додека кај времето поминато во гледање на ТВ нема промени.

СЛИКА БР. 7: **Временска серија за поминато време пред ТВ или на Интернет**




Во однос на бројот на пријатели на социјалната мрежа која најмногу ја користат, се забележуваат различни одговори, па така 42 % имаат повеќе од 501 пријател, 23 % имаат од 201 до 500, 15 % од 51 до 200 и 15 % до 50. Додека, пак, на прашањето „колку од пријателите/контактите на социјалната мрежа би ги сметале во блискиот круг на пријатели во реалниот секојдневен живот", овие бројки драстично опаѓаат, па одговорите се лоцираат главно околу бројот 5 и првите пет по ред декадни броеви.

СЛИКА БР. 8: **Број на виртуелни „пријатели"**




ТАБЕЛА БР. 2: БРОЈ **на пријатели во реалниот живот**

| Број на пријатели во реалниот живот | % |
|---|---|
| 5 | 15,5 |
| 10 | 21,9 |
| 15 | 5,9 |
| 20 | 16,1 |
| 30 | 10,3 |
| 40 | 3,8 |
| 50 | 5,4 |

Исто така, младите беа запрашани колку често го користат Интернетот за одредени цели (на скала од 1 – никогаш, до 3 – често), при што од анализата со пресметување на средни вредности се добива податок дека младите најчесто го користат Интернетот за користење на социјални мрежи и комуникација со роднини и пријатели – што заедно претставуваат социјални активности, па потоа за училиште/образование и/или работа и на трето место подеднакво за читање на онлајн вести/информирање и преземање и слушање на музика. Интернетот младите најмалку го користат за онлајн банкарство и оценување на производи и/или услуги.

СЛИКА БР. 9: **Колку често се користи Интернет за следните цели?**




Добиена е средна вредност м=2,50 за прашањето: колку им верувате на социјалните мрежи за одговорно користење на вашите лични податоци? (на скала од 1 до 5, при што 1 е воопшто, а 5 е целосно). Тоа е само уште една потврда дека младите луѓе во Македонија несомнено се припадници на генерациите Y и Z. Иако немаат доверба во социјалните мрежи, ним воопшто не им пречи да бидат дел од нив, да прифаќаат делумно познати или сосем непознати лица за „пријатели“ и онлајн да споделуваат лични податоци.

Од овој блок на прашања и добиени одговори, се забележува дека младите како припадници на технолошки најизложените две генерации во историјата, истовремено живеат во два света, еден реален и еден виртуелен. Придобивки од Интернетот младите најмногу гледаат во можностите за социјална интеракција и комуникација, едукација, информирање и разонода/забава.

Во контекст на одредени тврдења дека покрај позитивните страни, Интернетот има и негативно влијание врз младите и нивниот успех во училиште/факултет, проверката на поврзаноста помеѓу времето поминато на Интернет и училишниот/академскиот успех покажува позитивна корелација (r=107, p<0.05), односно правопропорционален однос помеѓу бројот на часови и оценките, со што ваквата претпоставка може да се отфрли.

## КОРИСТЕЊЕ НА ШТЕТНИ СУПСТАНЦИИ ПО ЗДРАВЈЕТО

Навиките и ризичните однесувања кои му штетат на здравјето и животот, како што се пушењето цигари, конзумирањето алкохол и психотропни супстанции, како и раното стапување во незаштитени сексуални односи, се застапени помеѓу младите во Македонија.

Според резултатите од ова истражување, 26 % од младите редовно пушат цигари, 18 % повремено, и 56 % не пушат, а процентите се идентични како и во Студијата за млади од 2013 година. Овој податок три пати се потврдува за истата целна популација, ако се има предвид дека и според студијата Младински трендови (Марковиќ, 2014), 25,8 % од младите на возраст од 15 до 29 години се пушачи.

Во однос на консумирањето алкохол, се забележува благ пораст кај процентите на оние кои одговориле дека редовно пијат алкохол – 2 % (0.6 % во 2013), неколку пати неделно – 12 % (8 % во 2013), само за викенди – 24 % (19 % во 2013). Ретко или никогаш не пијат алкохол кумулативно 62 % (73 % во 2013).

СЛИКА БР. 10: **Дали пушите?**



СЛИКА БР. 11: **Дали пиете алкохол?**




Анализата на биваријантно ниво, со кростабулација на податоците според пол, и со проверка на Хи квадратот ($x^2$=20.403, p<0.01), посочува дека младите од машки пол во поголема мера се пушачи од младите од женски пол.

СЛИКА БР. 12: **Дали пушите?** кростабулација според пол




Исто така, анализата на биваријантно ниво, со кростабулација на податоците според пол, и со проверка на Хи квадратот ($x^2$=34.330, p<0.01) посочува дека младите од машки пол во поголема мера консумираат алкохол од младите од женски пол.

СЛИКА БР. 13: **Дали пиете алкохол?** кростабулација според пол




Најголемиот дел или 89 % од младите одговориле дека не користат лесни дроги како што е марихуаната, но сепак 11 % од нив користат, од кои 3,3 % неколку пати неделно и 2,6 % за викенди.

СЛИКА БР. 14: **Дали користите лесни дроги како марихуана?**




И во овој случај, статистички значајна асоцијација е евидентирана со повисоки проценти кај машката популација ($x^2$=13.906, p<0.01).

Бидејќи за овие прашања се регистрирани статистички значајни разлики во однос на речиси сите социјални белези, како и со цел да се направи профил на

младите луѓе во однос на склоноста кон консумирање на штетни супстанции, како што се алкохолот и лесните дроги/марихуана, кои истовремено се опасни по општото и психосоцијалното здравје, направена е кластер-анализа.

Ваквиот пристап се надоврзува на теоријата за врснички групи (Oetting & Beauvais, 1987). Според оваа теорија, членовите во рамките на овие групи се емотивно поврзани, исто како и во семејството. Во рамките на овие групи се одвиваат активности кои најчесто се однесуваат на слободното време, забавата и сл. Но, во одреден дел од случаите, во врсничките групи се развиваат норми и вредности кои се различни од оние кои постојат во семејството или училиштето.

Резултатите од анализата ги потврдуваат ваквите претпоставки, особено за групата на возраст од 14 до 19 години, што се совпаѓа со периодот на адолесценција и средно образование, кога младите се помалку отпорни на негативни влијанија или посклони кон испробување на нови нешта. Но, истовремено се добиваат и сознанија за постоење на разлики во моделите на однесување според културните вредности, ако се има предвид дека македонското општество е составено од групи со различна етничка припадност и вероисповед.

За кластер-анализата[3] се употребени варијабли за демографските карактеристики на младите, како што се пол, националност/етницитет, степен на образование, место на живеење и возраст, во однос на прашањата: дали пиете алкохол и дали консумирате лесни дроги како марихуана?

Најголема тенденција за концумирање на алкохол и лесни дроги како марихуана има кај следниот профил на млади луѓе (кластер бр 3): главно од машки пол, но и од женски пол, претежно Македонци, и во мал процент други, со основно и средно образование, претежно од поурбано место на живеење, но во многу помал процент и од рурално, на возраст од 14 до 19 години.

СЛИКА БР. 15: **Кластер-анализа за консумирање на алкохол**




СЛИКА БР. 16: **Кластер-анализа за користење на лесни droги како марихуана**




## СЕКСУАЛНА АКТИВНОСТ И ПРЕВЕНЦИЈА

Во однос на сексуалната активност, интересен е податокот дека дури 27 % од младите одговориле дека не се чувствуваат комотно да одговорат на прашањето, и 15 % не дале никаков одговор, што кажува дека сексот е табу-тема меѓу младите.

СЛИКА БР. 17: **Кое од следните тврдења најдобро го опишува вашето сексуално искуство?**



Речиси една четвртина одговориле дека сè уште немале сексуални односи, исто толкав дел, 22 % имале сексуални односи со еден партнер/ка, и 29 % имале сексуални односи со повеќе партнери.

Резултатите од студијата Младински трендови (Марковиќ, 2014) посочуваат дека за прв пат најчесто се стапува во полови односи во периодот на полнолетството и најчесто како средство за спречување на несакана бременост се наведува употребата на кондом.

ТАБЕЛА БР. 3: **Кое од следниве тврдења најдобро го опишува вашето сексуално искуство? Кростабулација според возрасни групи**

| | Кое од следниве тврдења најдобро го опишува вашето сексуално искуство? Кростабулација според возрасни групи | | | |
|---|---|---|---|---|
| Возрасни групи | Сè уште не сум имал/а сексуални односи | Имав сексуални односи со еден партнер(ка) | Имав сексуални односи со повеќе партнери | Не се чувствувам комотно да одговорам на ова |
| 14–19 | 46,6 % | 15,9 % | 16,2 % | 21,2 % |
| 20–24 | 15,3 % | 20,1 % | 32,5 % | 32,1 % |
| 25–29 | 2,1 % | 31,7 % | 39,0 % | 27,2 % |

Според кростабулацијата по возрасни групи, се забележува дека сексуално најактивна е групата од 25 до 29 години, а најмалку активна групата од 14 до 19 години.

Евидентирана е статистички значајна асоцијација ($x^2$=1,963, p<0.01) за постоење на разлика помеѓу трите групи на ниво на целата целна популација.

ТАБЕЛА БР. 4: **Кое од следниве тврдења најдобро го опишува вашето секусуално искуство? Кростабулација според пол**

| | Кое од следниве тврдења најдобро го опишува вашето секусуално искуство? Кростабулација според пол | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пол | Сè уште не сум имал/а сексуални односи | Имав сексуални односи со еден партнер(ка) | Имав сексуални односи со повеќе партнери | Не се чувствувам комотно да одговорам на ова |
| Женски | 30,2 % | 26,6 % | 15,0 % | 28,2 % |
| Машки | 14,5 % | 18,1 % | 42,4 % | 24,9 % |

Според кростабулацијата според пол, се забележува дека сексуално се поактивни и почесто менуваат сексуални партнери младите од машки од младите од женски пол, при што е евидентирана статистички значајна асоцијација ($x^2$=89,823, p<0.01).

Но, во однос на сексот како табу-тема, процентот е сличен кај сите возрасни групи и кај двата пола.

Според пресметувањето на медијаната, младите од женски пол првото сексуално искуство го доживуваат на 18 години (min=15, max=27), а од машки пол на 17 години (min=14, max=24).

СЛИКА БР. 18: **Дали користите контрацептивни средства или методи за контрола на раѓање?**




СЛИКА БР. 19: **Став за сексуална апстиненција пред бракот**




Речиси половина од младите (48 %) понекогаш користат заштита при сексуални односи, 21 % секогаш користат, една четвртина никогаш не користат (25 %), и 6 % не знаат што значи терминот/не се информирани.

Во однос на сексуалната апсиненција пред бракот, младите од Македонија имаат поделени мислења, па така 36 % сметаат дека е застарен концепт и 29 % дека е непотребен психолошки товар за младите, додека пак, за 19 % е вредност/доблест за двата пола, и за 16 % вредност/доблест за девојките.

## ДЕВИЈАНТНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ

За ајтемите коишто се скратена верзија од скалата за девијантност – Normative Deviance Scale (NDS), со теоретски опсег од 7 до 35, пресметан е вкупен скор за 905 испитаници кои валидно одговориле на прашањето, при што средната вредност е м=12 (min.=7, max.=29, std. dev.=4.03). Оттаму, може да се каже дека младата македонска популација во целост покажува ниски вредности на скалата за девијантност (крадење, несоодветно однесување на училиште, користење на тешки дроги, вандализам, напад врз некого). Тестот за проверка на релијабилноста покажа висока интерна конзистентност (α=.725) на ваквата скала.

Повеќе истражувања алудираат на фактот дека врсничките групи се главниот извор на девијантното и деликвентно однесување кај младите, иако тоа не мора секогаш да биде случај. Според анализата[4], не постојат разлики според возраста во однос на вредностите за девијантност кај младата македонска популација, па претпоставката за врсничкиот притисок се отфрла.

## ТРАЕКТОРИЈА НА ЖИВОТЕН ТЕК И ТРАНЗИЦИЈА ОД АДОЛЕСЦЕНЦИЈА ВО ВОЗРАСНОСТ

Три временски периоди се клучни од перспектива на животниот тек: индивидуалното време, генерациското време и историското време (Price, McKenry, and Murphy, 2000). Индивидуалното време се однесува на хронолошкото време. Се претпоставува дека периодите од животот, како што се детството, адолесценцијата, зрелото доба, позициите на влијание, улогите и правата во општеството, се базираат врз основа на културолошки обликувани дефиниции за возраста (Hagestad and Neugarten, 1985). Генерациското време се однесува на возрасните групи или врснички групи во кои се групирани луѓето според нивната возраст или период на раѓање. Додека, пак, историското време се однесува на општествениот контекст и на настаните и промените (политички, економски, технолошки итн.) во кои живеат луѓето.

Според Elder (1985), времето може да се претстави и преку секвенци на транзиции. Транзицијата претставува промена или клучен животен настан на траекторијата на животот, при што траекторијата е секвенца на повр-

зани состојби во концептуално дефиниран опсег на однесување или искуство на животниот тек. Транзициите најчесто се придружени и со одредени ритуали и церемонии како дипломирање, свадба и слично, и резултираат со промена во статусот, социјалниот идентитет и улогата. Траекториите се долгорочни модели на стабилност и промена и можат да опфатат повеќе транзиции. Напредокот на траекторијата е поврзан со порастот на годините/возраста, на начин што некои транзиции можат да се сметаат како посоодветни во смисла на возраста и случувањето, а некои да ги нарушат воспоставените социјални временски рамки, односно да се случат премногу рано или премногу доцна (Hagestad and Neugarten, 1985). Како пет клучни настани на траекторијата на животниот тек, на преминот од адолесценција до возрасност, се сметаат: завршување на образованието, прво стабилно вработување, напуштање на семејниот дом/независност во домувањето, стапување во брак и раѓање на првото дете. Иако овие клучни настани оставаат долгорочен ефект врз иднината и животниот тек, сепак треба да се има предвид дека некои од нив можат да се вратат во старата состојба, како на пример, повторно останување без работа и враќање во домот на родителите, или пак да не подрзабираат целосна независност, на пример, во случај кога младите добиваат финансиска помош и поддршка од родителите во домувањето. Вообичаено се смета дека периодот на адолесценција е животната возраст од 13 до18 години, а рана возрасност од 19 до 29 години.

СЛИКА БР. 20: **Траекторија на транзиција на клучни животни настани кај младите од женски пол**




| Завршено образование | Стабилно вработување | Независност во домувањето | Стапување во брак | Раѓање на прво дете |
|---|---|---|---|---|
| 23 | 24 | 24 | 24 | 25 |
| 18 | 20 | 20 | 20,5 | 23 |
| 14 | 18,5 | 16 | 21 | 22 |

Високо бразование · Средно образованиеtion · Основно образование

Со анализата на податоците според медијана, може да се забележи дека младите од женски пол, во зависност од степенот на образование, имаат различни траектории на животен тек, при што како што расте степенот на образование, расте и возраста кога се случуваат клучните животни настани, а опсегот на поминато време за сите клучни настани на траекторијата се намалува со растот на степенот на образование, (основно – 8 години, средно – 5 години, високо – 2 години). Па така, траекторијата на животниот тек кај испитаниците со завршено основно образование започнува временски најрано од другите, со завршување на основното училиште на 14 години, првото вработување се случува на 18,5 години, иселувањето од домот на родителите се случува на 16 години – пред вработувањето и пред стапувањето во брак на 21 година (што претставува поразличен редослед на траекторијата на животниот тек од вообичаено воспоставениот), една година по стапувањето во брак се случува раѓање на првото дете – на 22 години. Кај испитаниците од женски пол со завршено средно образование на 18 години постои поразличен модел. Стабилното вработување се случува по 2 години од завршувањето на образованието – на 20 години, во истиот период – на 20 години се случува и иселување од домот на родителите, и истата година се случува и стапувањето во брак, шест месеци подоцна –на 20,5 години, додека раѓањето на првото дете се случува по 2 години од стапувањето во брак – на 23 години. Кај оваа група возраста од 20 години е клучна за три животни настани поврзани со независноста (вработување, иселување од семејниот дом и стапување во брак). Кај третата категорија на испитаници од женски пол, со завршено високо образование, има трет модел на траекторија на животниот тек, сличен како претходниот – на оние со средно образование, но со разлика од 4 години, при што се забележува пролонгирање на независноста, што очигледно се должи на продолжувањето со образованието (кое вообичаено трае 4 години). Оваа група го комплетира образованието на 23 години, а возраста од 24 години е клучна за три животни настани поврзани со независноста (вработување, иселување од семејниот дом и стапување во брак), на 25 години се случува раѓањето на првото дете.

Сепак, за коректно толкување на ваквата анализа мора да се има предвид дека на повеќето од испитаниците сè уште не им се случил поголемиот дел од овие животни настани, односно анализираните случаи се малку на број и по зачестеноста, и не може да се генерализираат заклучоци. Поконкретно, завршено образование – 67,9 % од случаите; стабилно вработување – 22,8 %; независност во домувањето – 13,1 %; брак – 13,2 %; прво дете – 9,8 %.

СЛИКА БР. 21: **Траекторија на транзиција на клучни животни настани кај млади од машки пол**




| Завршено образование | Стабилно вработување | Независност во домувањето | Стапување во брак | Раѓање на прво дете |
|---|---|---|---|---|
| 23 | 23 | 23 | 26 | 26 |
| 18 | 19 | 22 | 24 | 25 |
| 14 | 16 | | 22 | 25 |

Високо бразование · Средно образованиеtion · Основно образование

Според резулатите со анализа на медијана, и кај испитаниците од машки пол се евидентираат три различни модели на траектории, при што со раст на степенот на образованието расте и возраста кога се случуваат клучните животни настани, а од друга страна, опсегот на поминато време за сите клучни настани на траекторијата се намалува со растот на степенот на образование, за 4 години (основно – 11 години, средно – 7 години, високо – 3 години). Кај тие со основно образование, кое се завршува на 14 години, стабилното вработување се случува на 16 години, но во однос на независноста на домувањето има прекин на траекторијата, односно воопшто не им се случил тој настан (што отстапува од вообичаено воспоставената траекторија), стапувањето во брак се случува на 22 години, а раѓањето на првото дете три години подоцна, односно на 25 години. Кај машките со средно образование, кое се завршува на 18 години, стабилното вработување е една година подоцна, на 19 години, независноста во домувањето на 22 години, стапувањето во брак на 24 години, и раѓањето на прво дете на 25 години. Кај оние со високо образование има сосем поинаков модел, односно возраста од 23 година е клучна за три животни настани (завршување на образованието, вработување и независност во домувањето), а три години подоцна, на иста возраст – од 26 години, се случува стапувањето во брак и раѓањето на првото дете.

И во овој случај, анализираните податоци важат само за еден дел од испитаниците, а не за сите, или поконкретно: завршено образование – 67,5 % од случаите; стабилно вработување – 22,6 %; независност во домувањето – 4,6 %; брак – 7,4 %; прво дете – 4,4 %.

Ваквите проценти се показатели сами по себе за состојбите во однос на процесот на транзиција од адолесценција до период на возрасност, кај младите од машки и женски пол во Македонија, што укажува дека осамостојувањето кај младите е долг и пролонгиран процес.

## ФИНАНСИИ ЗА ЛИЧНИ ПОТРЕБИ

Запрашани колку пари имаат за лични потреби во споредба со врсниците, половина од младите – 55 %, одговориле дека имаат просечно, вкупно 25 % над просекот и вкупно 20 % помалку од просекот.

СЛИКА БР. 22: **Во споредба со со луѓето на ваша возраст во Македонија: Колку пари имате за вашите лични потреби?**



Просек: 55 %
Нешто над просекот: 19 %
Нешто помалку од просекот: 12 %
Доста помалку од просекот: 8 %
Доста над просекот: 6 %

## ЗАКЛУЧОЦИ

— Младите најчесто слушаат музика, минуваат време со семејството и излегуваат со пријателите, а најретко медитираат/практикуваат јога, волонтираат на социјални проекти и престојуваат во странство. Младите од машки пол почесто од младите од женски пол: излегуваат со пријателите, спортуваат, играат видеоигри, минуваат време во барови, кафулиња и клубови, волонтираат на социјални проекти/ активности/иницијативи, ми-

нуваат време во младински центри; додека, пак, младите од женски пол почесто од младите од машки пол: слушаат музика, читаат книги, минуваат време со семејството, се молат на Бога и купуваат/одат во шопинг;

— Младите, во просек, дневно поминуваат приближно 3 часа гледајќи ТВ и 6 часа на Интернет. Интересен е податокот дека во споредба со Студијата за млади од 2013 година, времето поминато на Интернет е зголемено за цели 2 часа;

— Младите Интернетот најчесто го користат за социјална интеракција и комуникација, едукација, информирање и разонода/забава;

— 26 % од младите редовно пушат цигари, 18 % повремено и 56 % не пушат, процентите се сосем идентични како и во Студијата за млади од 2013 година. Во однос на консумирањето алкохол, се забележува благ пораст кај процентите на оние кои одговориле дека редовно пијат алкохол – 2 % (0,6 % во 2013), неколку пати неделно – 12 % (8 % во 2013), само за викенди – 24 % (19 % во 2013). Ретко или никогаш не пијат алкохол кумулативно 62 % (73 % во 2013). Најголемиот дел или 89 % од младите одговориле дека не користат лесни дроги како што е марихуаната;

— Најголема тенденција за консумирање на алкохол и лесни дроги има кај следниот профил на млади луѓе: од машки пол, Македонци, со основно и средно образование, од поурбано место на живеење, на возраст од 14 до 19 години;

— Младите од женски пол првото сексуално искуство го доживуваат на 18 години, а од машки пол на 17 години. Младите од машки пол се сексуално поактивни и почесто менуваат сексуални партнери од младите од женски пол, но, во однос на сексот како табу-тема, процентот е сличен кај сите возрасни групи и кај двата пола;

— Младата македонска популација во целост покажува ниски вредности на скалата за девијантност;

— Младите од женски пол, во зависност од степенот на образование, имаат различни траектории на животен тек, при што како што расте степенот на образование расте и возраста кога се случуваат клучните животни настани, а опсегот на поминато време за сите клучни настани на траекторијата се намалува со растот на степенот на образование,

— И кај испитаниците од машки пол се евидентираат три различни модели на траектории на животен тек, при што со растот на степенот на образованието расте и возраста кога се случуваат клучните животни настани, а опсегот на поминато време за сите клучни настани на траекторијата се намалува со растот на степенот на образование;

— Запрашани колку пари имаат за лични потреби, во споредба со врсниците, половина од младите – 55 %, одговориле дека имаат просечно, вкупно 25 % над просекот и вкупно 20 % помалку од просекот.

## ПРЕПОРАКИ

— Со цел слободното време младите да го поминуваат поорганизирано и поструктурирано, но и како превенција од запаѓање во виртуелниот свет на Интернетот, се препорачува да се основаат младински центри кои ќе нудат програми и активности привлечни за младите, како и поактивно промовирање на спортските активности кај младите преку натпревари, награди и манифестации.

— Се препорачува преку програми за волонтирање, да се воведе општествено корисна работа за младите, на локално ниво во рамките на општините во кои живеат, со цел да се подигне свеста за активно граѓанство, особено на социјалните проекти, со акцент на личните и општествените придобивки од проактивното однесување.

— Потребно е да се поттикнува креативното и иновативното размислување кај младите, со користење на различни видови на алатки и платформи.

— Најсоодветно е да се спроведуваат предавања и работилници за подигање на свеста за штетните последици од цигарите, алкохолот и дрогата по здравјето, особено кај младите на возраст од 14 до 19 години кога постои поголема склоност кон негативни влијанија.

— Поребно е да се воведе предмет за сексуално и репродуктивно здравје во рамките на редовната настава во последната година од основното образование или пак на самиот почеток на средното образование, со цел да се превенира во делот на сексуално преносливите болести, но и да се надмине проблемот на сексот како табу- тема.

— Поради пролонгираната транзиција од адолесцентност до возрасност кај младите и финансиската зависност од родителите, да се креираат и одржуваат мерки за помош за домување, самовработување или стипендиски програми, кои ќе го олеснат процесот на осамостојување на младите луѓе и формирање семејство, особено кај младите изложени на ризик од сиромаштија.

— Да се воспостават менторски програми во основното и средното образование, како и во општините, со цел да се превенира зачестеноста на малолетничкото деликвентство, и да се поттикнува зголемување на нивото на вклученост на младите во волонтерска работа.

# 5

# МОБИЛНОСТ

Миграцијата се смета за едно од најважните политички прашања за една земја и претставува голем предизвик во доменот на креирање на политики и стратегии, а засегнува повеќе области, од економска одржливост до национална безбедност. Уште позначајна е младинската миграција.

## НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

Стапката на невработеност на младите (околу 50 % во континуитет) е двојно поголема од општата стапка на невработеност во земјата (која е исто така висока), голем дел од населението живее во сиромаштија – 21,9 %, висок е процентот на домаќинства кои издржуваат деца, а се изложени на ризик од сиромаштија (двајца возрасни со две издржувани деца – 20,2 %, двајца возрасни со три и повеќе издржувани деца – 51,2 %, самохрани родители со издржувани деца – 37,5 %), просечната плата во земјата е 400 евра, а нерамномерната распределба на приходите, изразена преку коефициентот Gini изнесува 33,6 (Државен завод за статистика, 2017; 2018).

## ГЕНЕРАЛНИ ТРЕНДОВИ ЗА МЛАДИНСКАТА МИГРАЦИЈА

Истражувањата вообичаено претпоставуваат дека младите или се зависни мигранти кои ги придружуваат родителите, или пак, како и возрасните, самите се економски мигранти (Tienda, Taylor, and Moghan, 2007). Сè почесто и образовните можности се мотив за младинската миграција или мобилност. Болоњскиот процес и програмите на ЕУ, кои даваат поддршка во реализацијата на академска мобилност, како Еразмус, Темпус (Tempus), Еразмус мундус (Erasmus Mundus) и Марија Кири (Marie Currie), придонесоа кон значително зголемување на академската мобилност во Европа. Овие напори се интензивирани во последните години, со поставувањето на приоритетот „до 2020 година, најмалку 20 % од студентите кои дипломираат во европскиот високообразовен простор да имаат реализирано период на студирање во странство“, како и со основањето на програмата Еразмус+, која предвидува зголемен буџет наменет за реализација на индивидуална мобилност (Божиноска, Јакасановски и Мирчевска, 2015).

Најчесто, инвестирањето во децата, преку образовна или работна миграција, се дел од пошироката стратегија на домаќинството за диверзификација на ризикот и обезбедување на долгорочна финансиска стабилност и опстанок на семејството (Lauby and Stark, 1988; Stark and Bloom, 1985). Разликата се состои во тоа што во случај кога работните можности се мотив за миграција, семејствата имаат реални очекувања за брз поврат на нивните инвестиции (Massey et al., 1993; Stark and Bloom, 1985; Todaro, 1969), додека пак, родителите на образовните мигранти ги чека повеќегодишен и скап инвестициски период.

Главниот модел на внатрешна миграција во земјите во развој е младите од руралните средини да мигрираат во урбаните средини, додека, моделот на надворешна миграција е младите од помалку развиени земји да мигрираат во поразвиени земји. И во двата случаи, нееднаквата дистрибуција на ресурсите и можностите влијае врз протокот на мигранти (Piore, 1979; Todaro, 1969). Повеќе фактори ги поттикнуваат младите да мигрираат, од кои едните се директни мотиви – желба за вработување и образование, но исто така, овие мотиви може да се вкоренети и во идеолошки компоненти, како на пример, културни и пхихосоцијални фактори (Massey et al., 1993; Punch, 2007).

## ДОСЕГАШНИ СОЗНАНИЈА ЗА ПОЈАВАТА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Последните неколку години во јавноста, погласно од кога било се актуелизира прашањето за иселувањето на младите луѓе од Македонија. Токму истражувачките резултати од претходната Студија за млади 2013 на Фондацијата Фридрих Еберт служеа како повод да се посвети посериозно внимание кон оваа појава. Според истражувачките сознанија од студијата (Topuzovska Latkovic, Borota Popovska, Serafimovska & Cekic, 2013: 56), секој втор млад човек во 2013 година планирал или размислувал да ја напушти земјата. Во студијата за Невработеноста на млади луѓе во Македонија (Топузовска Латковиќ, Борота Поповска и Старова, 2016), исто така на Фондацијата Фридрих Еберт, спроведена на популација од невработени млади луѓе, оваа стапка е уште повисока, односно според резултатите, дури 80 % од невработените млади луѓе во 2016 година размислувале или планирале да ја напуштат земјата. И во двете студии како најзначајна причина за таквата тенденција се посочуваат финансиите и животниот стандард, односно невработеноста и сиромаштијата во земјата, наспроти подобрите услови за образование, работа и живот во странство.

Според резултатите од квалитативната Студија за млади (Топузовска Латковиќ et all, 2016), младите можат да ја замислат иднината во родната земја, но доколку таа им овозможи да заработуваат доволно за да можат да ги намират основните животни трошоци, да можат да патуваат низ светот и да одат на летување/зимување, да живеат во безбедно, слободно, незагадено и напредно општество.

Како импликација од спроведените истражувања за младите се добива сознание дека младите на иселувањето гледаат како на можност да се стекнат со финансиска независност од родителите и со сопствено место за живеење, не можејќи истото да го остварат преку вработувањето во матичната земја. Според истражувањата, 80 % од полнолетните млади луѓе сеуште живеат во домот на своите родители (Topuzovska Latkovic, Borota Popovska, Serafimovska & Cekic, 2013).

И покрај важноста на ова прашање за државата, сепак недостасуваат конкретни податоци за тоа колку е масовен овој тренд. На веб-страницата на Државниот завод за статистика на СМ, во делот МАКСТАТ база, идентично како и во публикацијата Миграции од ДЗС, постои податок дека официјално, во 2016 година, од земјата во други држави трајно се иселени 140 млади луѓе (на возраст од 15 до 29 години), при што нема поголеми отстапувања во бројот во споредба со другите години од последната декада. Нема официјални податоци за студентската мобилност/број на студенти што учеле/учат во странство (Божиноска, Јакасановски и Мирчевска, 2015) .

Според ранг-листата на Светскиот економски форум (2017) за компетитивност на земјите, Македонија, во однос на способноста да ги задржи талентираните луѓе е на 129. место во светот (со средна вредност од 2,24 на скала од 1 до 7, при што 1 – најдобрите и најпаметните ја напуштаат земјата и ги користат можностите надвор од неа, 7- најдобрите и најпаметните остануваат во земјата…).

## ИСКУСТВО СО ПРЕСТОЈУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО ПОРАДИ ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И НА ПОДОЛГО ВРЕМЕ

Висок збирен процент на млади не простојувале во странска земја поради учење или обука (82,10 %), но 41,80 % % од нив имаат намера да го реализираат тоа во иднина, а 40,30 % воопшто немаат таква намера. Потврдно одговориле, кумулативно 15,80 % од младите, при што 5,70 % % престојувале во странска земја како дел од стручно образование и обука, 5,40 % во рамките на средното образование и 4,70 % од високото образование.

Дури 91 % од младите не простојувале во странска земја подолго од 6 месеци.

СЛИКА БР. 23: **Дали некогаш сте престојувале во странска земја поради учење или обука?**



СЛИКА БР. 24: **Дали сте биле надвор од вашата земја подолго од 6 месеци?**




СЛИКА БР. 25: **Желба да се напушти матичната земја**




Ако се има предвид и ниската средна вредност од првото поглавје на оваа Студија (Животен стил и слободно време), за прашањето колку често престојуваат во странство младите м=1,94 (на скала од 1-никогаш до 5-многу често), може да се констатира дека младите луѓе во Македонија генерално ретко патуваат надвор од земјата, а уште поретко престојуваат на подолги периоди во странство со цел да учат и да се обучуваат, што значи дека нивните очекувања за животот во странство не се базирани врз лично искуство.

## ЖЕЛБА ЗА МИГРАЦИЈА

Во однос на желбата за миграција надвор од земјата, младите можат да се поделат во три групи: една третина од младите имаат силна желба да ја напуштат матичната земја, една третина изразиле средна желба за миграција, и една третина воопшто немаат таква желба. На скала од 1–немам намера да емигрирам до 5 – многу силна желба за миграција, аритметичката средина е м=2,91 (стд.дев.=1,422), што се лоцира во негативниот интервал на оската, блиску до средината, па може да се констатира дека генерално младата македонска популација, во целост, нема силна тенденција за миграција.

**Што ве задржува/би ве задржало да останете да живеете во родната земја и во иднина? (Доколку, пак, сте сигурни дека сепак еден ден ќе ја напуштите земјата, ве молиме објаснете ги очекувањата коишто ги имате од посакуваната земја – домаќин)**

„Она што ме држи тука се моите родители, и како единствено дете никогаш не би ги оставила сами." (Ана, 23 год.)

„Сѐ уште ме задржува фамилијата, врските израдени тука, желбата за просперитет во својата родна земја." (Тара, 23 год.)

„Живеам во Македонија поради семејството, и слободата која ја имаат граѓаните." (Елена, 24 год.)

„Моментално ме задржува моето семејство, а за во иднина би ме задржало доколку се зголемат платите, со што би имале подобар живот." (Мина, 25 год.)

„За да останам во земјата ми влијае комфорот што го имам, поддршката од семејството, љубовта спрема земјата, фактот што го познавам градот и луѓето во него. Доколку се одлучам да ја напуштам земјата би било поради мое професионално доусовршување во странство." (Кате, 24 год.)

„Би останала во Македонија ако се покачат платите за сите професии и сите професии би се ценеле еднакво, а не да се возвишуваат тие со факултет, а да се омаловажуваат тие без факултет." (Симона, 19 год.)

„Она што ме задржува да останам во Македонија е тоа што тука сум се родил и сум израснал, ми прилега македонскиот менталитет и би сакал и моите деца да растат тука." (Бојан, 25 год.)

„До сега во земјата ме задржува семејството и би ме задржал повисок стандард, но, би отишол во некоја од земјите од ЕУ и очекувањата ми се вработување, повисок стандард и подобар квалитет на живот.“ (Филип, 27 год.)

„Сеуште сум тука поради блиските луѓе (фамилија и пријатели). Но, би заминал во странство заради можноста преку посакуваната работа да изградам меѓународна кариера.“ (Теон, 18 год.)

Со компаративната анализа на податоците од сите Студии за млади во регионот на ЈИЕ од проектот на ФЕС, се добиваат сознанија дека Македонија во однос на желбата за миграција на младите не се разликува многу од земјите како Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија, но може да се забележи разлика со земјите членки на ЕУ, кај кои ваквата тенденција е помала.

СЛИКА БР. 26: **Крос-национална анализа: Желба за миграција во земјите на ЈИЕ – споредба на средни вредности**




Во претходната Студија за млади од 2013 година, прашањето не е формулирано како скала, туку младите беа запрашани дали планираат да ја напуштат земјата – со можни одговори: да, не, можеби, и најверојатно не – па поради тоа податоците не се компарабилни во методолошка смисла.

Како можен начин да се споредат временски овие податоци е да се спореди бројот на оние кои се изјасниле дека немаат желба, ниту план да ја напуштат земјата, 25 % во претходната Студија од 2013 и 26 % во оваа Студија (со ист процент 6 % на одговори „не знам“ во двете студии), што ни кажува дека нема промена во ваквиот став кај младите.

Во однос на временскиот план за останување во земјата домаќин, интересно е што ист процент од 33,80 % како и во Студијата од 2013 година (33 %), одговориле дека планираат засекогаш да останат во посакуваната земја.

СЛИКА БР. 27: **Временски серии за плановите за миграција**




Во продолжение се претставени неколку корелации во однос на варијаблата желба за миграција, анализирани на биваријантно ниво.

Од анализата може да се забележи дека помеѓу варијаблата желба за миграција и неколку варијабли коишто се однесуваат на социо-економскиот статус[5], постои статистички значајна корелација.

Постои негативна корелација помеѓу желбата за миграција со варијаблите кои ја одразуваат финаниската состојба на младите – пари за лични потреби ($r=-.103$, $p<0.01$) и финансиска состојба во домаќинството ($r=-.095$, $p<0.01$), колку што се пониско оценети толку повеќе расте желбата за миграција; негативна корелација помеѓу желбата за миграција и варијаблата вработување според професијата – како што растат вредностите (од 1 – работам според професијата до 4 – не сум обучен/квалификуван за ниту една професија) така расте и желбата за миграција ($r=.111$, $p<0.05$).

Понатаму, постои негативна корелација помеѓу желбата за миграција и задоволството од семејниот живот ($r=-.071$, $p<0,05$), кругот на блиски пријатели ($r=-.092$, $p<0,01$), образованието ($r=-.130$, $p<0,01$), работата ($r=-.143$, $p<0,01$) и животот во целост ($r=-.093$, $p<0,01$). Колку

што опаѓа задоволството или расте незадоволството толку расте и желбата за миграција.

Постои позитивна корелација помеѓу проекцијата за личната иднина и желбата за миграција (r=.086, p<0,01), а негативна за проекцијата за иднината на државата и желбата за миграција (r=–.073, p<0,05). Тоа значи дека колку што младите имаат подобри очекувања за личната иднина, имаат поголема желба да мигрираат, и колку што имаат полоши очекувања за иднината на државата, во поголема мера сакаат да мигрираат.

Интересен е податокот дека помеѓу желбата за миграција на младите и личната себе-перцепција или идентификација како граѓани на Европа и светот, нема никаква поврзаност, но, има негативна корелација помеѓу желбата за миграција на младите и личната себе-перцепција или идентификација како граѓани на Македонија (r=–.251, p<0,01), регионот (r=–.216, p<0,01) и местото на живеење (r=–.205, p<0,01). Колку помалку се доживуваат младите како граѓани на Македонија, регионот и местото на живеење толку имаат посилна желба за миграција.

Анализите не покажаа статистички значајна асоцијација за степенот на образование и академскиот успех, во однос на желбата за миграција.[6]

Направена е кластер анализа, со обид да се опише профилот на младите кои имаат најголема тенденција да мигрираат, при што се вклучени повеќе варијабли за демографските карактеристики на младите, како што се возраст, етницитет, степен на образование и место на живеење, во однос на варијаблата – желба за иселување од земјата.[7] Најголема тенденција за миграција има кластерот број 1, односно групата на млади луѓе: претежно Македонци, но во многу помал дел и Албанци и други, на возраст од 14 до 19 години, со основно и средно образование, главно од урбано, но и од рурално место на живеење.

СЛИКА БР. 28: **Кластер анализа за желбата за миграција**




## ПРИЧИНИ ЗА МИГРАЦИЈА

Со цел да се испитаат ставовите на младите за причините за желбата за миграција односно напуштање на земјата, им беа понудени неколку можни причини, како и отворена опција – друго, и се бараше да посочат главна причина за иселување.

За повеќето млади луѓе или за 48,30 % главна причина за иселување е подобрување на животниот стандард, потоа е наведена повисоката плата за 17,50 %, подобри можности за вработување со 11,30 % и подобро образование за 7,80 % од испитаниците. Другите причини се избрани во помалку од 5 % од случаите, како што се: социјална и политичка стабилност во земјата, да се запознаам со различни култури, да избегам од неповолната ситуација, за да бидам блиску до луѓето за кои се грижам, подобри можности за започнување на сопствен бизнис, поголема културна разновидност.

СЛИКА БР. 29: **Причини за миграција %**



**Кои се најголемите проблеми со коишто се соочуваат младите во современото македонско општество?**

„Најголем проблем во земјата се ограничените можности за работа и напредок." (Теон, 18 год.)

„Проблем за младите во земјата се вработувањето и ниските примања кои не се доволни за осамостојување." (Илина, 19 год.)

„Најголем проблем се невработеноста и ниските плати – ако воопшто успее да најде работа младиот човек." (Филип, 27 год.)

„Покрај проблемите со кои се соочува секој млад човек, без разлика која е државата (како што е притисокот за успех), во Македонија мислам дека многу од младите луѓе се соочуваат со предрасуди и дискриминација, било да е полова, национална, дискриминација поради сексуална определеност или пак поради финансиски можности." (Дритан, 17 год.)

„Борбата да си го пронајдат своето место во општеството, според мене е најголемиот проблем на младите денес. Бидејќи западната цивилизација во голема мера влијае преку холивудските филмови и социјалните мрежи на идејата каков би бил идеалниот живот, младите во Македонија само гледаат на кој било начин да стигнат до материјални добра без да се потрудат за нив, со единствена цел да го претстават тоа на социјалните мрежи, а не бидејќи постои вистинска побуда во поединецот да се вложи во нешто, со крајна цел да постигне негово лично подобрување или на општеството каде што тој е припадник." (Бојан, 25 год.)

„Проблеми со кои се соочуваат младите се финансиите, образованието кои не им дава практична основа за да се чувствуваат сигурни која работа да ја изберат, локалната култура која не им дозволува да размислуваат надвор од кутијата (outside of the box) и др." (Кате, 24 год.)

„Најголемиот проблем е дека по завршување на факултетот , младите не можат да си најдат работа во струката што ја завршиле. Поради тоа, работат каде било за многу мали примања. Сето тоа придонесува младите да не бидат среќни и да бидат демотивирани и депресивни и спасот да го бараат надвор од нашава држава." (Мина, 25 год.)

## ПОСАКУВАНА ДЕСТИНАЦИЈА

Како најпосакувана дестинација за иселување помеѓу младите, на прво место е Германија – за 23,1 % од младите, на второ место е повторно Германија со 13,1 %, а на трето место Швајцарија за 10,5 %.

ТАБЕЛА БР. 5. **Посакувана дестинација за миграција**

| Посакувана дестинација за миграција | |
|---|---|
| Прво место | Германија |
| Второ место | Германија |
| Трето место | Швајцарија |

## ПЛАН ЗА МИГРАЦИЈА

Оние млади луѓе кај кои има одредена желба за миграција, со највисок процент (35 %) одговориле дека би мигрирале во следните две години, и со сличен процент од 31 % во следните пет години, во помал процент од 15 % одговориле дека би ја напуштиле земјата во следните десет години, 13 % во следните шест месеци, и 6 % за повеќе од десет години отсега.

СЛИКА БР. 30: **Кога би мигрирале?**




Најголемиот дел од младите би останале засекогаш надвор од земјата 33 %, а кумулативен процент од 24 % би останале во странство до 5 години најмногу.

СЛИКА БР. 31: **План за останување во земјата- домаќин**




## ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА МИГРАЦИЈА

Кај потпримерокот на млади кои имаат одредена тенденција да ја напуштат матичната земја, многу висок е процентот на испитаници (43,50 %) кои не преземале ништо за таа цел, 16,60 % контактирале пријатели и/или роднини од кои очекуваат помош за иселување во посакуваната земја, само 3,20 % ја контактирале амбасадата на посакуваната земја, 4,70 % контактирале потенцијални работодавци, 4,50 % контактирале потенцијални училишта/универзитети и само 1,70 % обезбедиле стипендија. Со селекција само на случаите кои заокружиле 4-силна желба и 5-многу силна желба, овие проценти се за нијанса повисоки. Збирен процент на оние коишто преземале каква било акција не е возможно да се претстави, бидејќи прашањето е формулирано со повеќе можни одговори.

Ваквите резултати покажуваат слаба проактивност на младите односно малку преземени конкретни активности за иселување од земјата, што ја доведува во прашање нивната сериозност/решеност за ваков чекор.

СЛИКА БР. 32: **Преземени конкретни мерки за иселување**



## ИНФОРМИРАНОСТ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИМИГРАНТИ

Младите, покрај тоа што не преземаат конкретна акција за иселување, покажуваат и ниско ниво на запознаеност/информираност за можностите за имигранти во посакуваната земја. Според анализата со пресметување на аритметичка средина (на скала од 1–воопшто, до 5–многу), сите добиени средни вредности се под три, односно во негативниот интервал на оската. Кај оние испитаници, пак, што имаат силна желба за миграција средните вредности се малку над 3 за сите ајтеми.

СЛИКА БР. 33: **Ниво на запознаеност со можностите за имигранти**




СЛИКА БР. 34: **Ниво на познавање на официјалниот јазик во преферираната земја- домаќин**



## ПОЗНАВАЊЕ НА ЈАЗИКОТ

Најголем дел од младите (44 %) изјавиле дека поседуваат основни комуникациски вештини за официјалниот јазик во посакуваната земја, добро го владеат 15,70 %, одлично го владеат 11,60 %, а воопшто не го знаат јазикот 28,70 %. Нема некоја значајна разлика во одговорите на оние што имаат силна желба за миграција.

На скала од 1 до 5, со средна вредност од м=3,66 (стд. дев=1,151) младите сакаат да го научат јазикот којшто се користи во посакуваната земја, што значи одредена подготвеност.

Половина од младите што имаат одредена желба да мигрираат, имаат покана од некој што живее во посакуваната земја, кај оние испитаници што изразиле силна желба за миграција овој процент е повисок и изнесува 62,90 %, што значи дека и за ова прашање (слично како и за вработувањето), тие се потпираат врз пријатели/роднини/познајници.

СЛИКА БР. 35: **Покана од некој што живее во преферираната земја**




## ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПРИДОБИВКИ ЗА ЗЕМЈАТА – ДОМАЌИН

Високи се процентите (над 90 %) за дистрибуцијата на одговорите околу потенцијалниот придонес кон развојот и просперитетот на посакуваната земја – домаќин на младите. Поконкретно, речиси сите млади што имаат желба за миграција одговориле дека би придонеле преку: културен и/или научен развој, споделување посебно знаење и вештини, демонстрирање високо ниво на извршување на работата, одговорно и лојално граѓанство. Единствено е помал (но, не и низок) процентот на потврдни одговори (56,20 %) за опцијата прифаќање на работа која не е посакувана од локалното население. Тоа значи дека секој втор млад човек од Македонија не би прифатил „каква било“ работа во странство, што се надоврзува на досегашните сознанија за младите во земјата, дека се надеваат на високо платена работа, во професијата, во успешна компанија, која нуди брз кариерен развој, привилегии и бенефиции и слично, а посакуваната земја-домаќин би требало тоа да може да го овозможи.

СЛИКА БР. 36: **Потенцијален придонес кон развојот и просперитетот на посакуваната земја – домаќин**



## ЗАКЛУЧОЦИ

— Дури 91 % од младите не простојувале во странска земја подолго од 6 месеци. Ако се има предвид и ниската средна вредност од првото поглавје на оваа Студија (Животен стил и слободно време), за прашањето колку често престојуваат во странство младите м=1,94 (на скала од 1-никогаш до 5-многу често), може да се констатира дека младите луѓе во Македонија генерално ретко патуваат надвор од земјата, што значи дека нивните очекувања за животот во странство не се базирани врз лично искуство;

— Во однос на желбата за миграција надвор од земјата, младите можат да се поделат во три групи: една третина од младите имаат силна желба да ја напуштат матичната земја, една третина изразиле средна желба за миграција, и една третина воопшто немаат таква желба;

— Со компаративната анализа на податоците од сите Студии за млади во регионот на ЈИЕ од проектот на ФЕС, се добиваат сознанија дека Македонија, во однос на желбата за миграција на младите, не се разликува многу од земјите како Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија, но може да се забележи разлика со земјите членки на ЕУ, кај кои ваквата тенденција е помала;

— 25 % во претходната Студија и 26 % во оваа (со ист процент 6 % на одговори „не знам" во двете студии), одговориле дека немаат желба, ниту план да ја напуштат земјата, што ни кажува дека нема промена во ваквиот став кај младите;

— Во однос на временскиот план за останување во земјата домаќин, интересно е што ист процент од 33,80 % како и во Студијата од 2013 година (33 %), одговориле дека планираат засекогаш да останат во посакуваната земја;

— Постои негативна корелација помеѓу желбата за миграција со варијаблите кои ја одразуваат финансиската состојба на младите – пари за лични потреби и финансиска состојба во домаќинството, колку што се пониско оценети толку расте желбата за миграција; негативна корелација помеѓу желбата за миграција и варијаблата вработување според професијата – колку што растат вредностите (1 – работам според професијата, 4 – не сум обучен/квалификуван за ниту една професија), толку расте и желбата за миграција;

— Најголема тенденција за миграција има следниот профил на млади луѓе: претежно Македонци, на возраст од 14 до 19 години, со основно и средно образование, главно од урбано место на живеење;

— За повеќето млади луѓе или за 48,30 % главна причина за иселување е подобрување на животниот стандард, потоа е наведена повисоката плата за 17,50 %, подобри можности за вработување со 11,30 % и подобро образование за 7,80 % од испитаниците;

— Како најпосакувана дестинација – број еден за иселување помеѓу младите е Германија;

— Резултатите покажуваат слаба проактивност на младите, односно малку преземени конкретни активности за иселување од земјата, што ја доведува во прашање нивната сериозност/решеност за ваков чекор;

— Младите, покрај тоа што не преземаат конкретна акција за иселување, покажуваат и ниско ниво на запознаеност/информираност за можностите за имигранти во посакуваната земја;

— Половина од младите што имаат одредена желба да мигрираат, имаат покана од некој што живее во посакуваната земја, кај оние испитаници што изразиле силна желба за миграција овој процент е повисок и изнесува 62,90 %, што значи дека и за ова прашање (слично како и за вработувањето), тие се потпираат врз пријатели/роднини/познајници;

— Секој втор млад човек од Македонија не би прифатил „ каква било" работа во странство;

— Тоа што во најголема мера ги задржува младите да останат во земјата е несомнено семејството.

## ПРЕПОРАКИ

- Потребно е централната власт, вклучувајќи ја и Агенцијата за европски образовни програми и мобилност, како и Агенцијата за млади и спорт, да креираат национална кампања за дисеминација на можностите во рамки на програмите како што е ЕРАЗМУС+, и да овозможат подобар пристап кон упатствата и административните постапки за апликација на ваков вид на програми.
- Се укажува на потребата да се организираат почести патувања надвор од земјата од страна на образовните институции, како и да се креираат и одржуваат програми за размена на ученици и студенти на меѓународно ниво.
- Потребно е да се евидентираат и мапираат образовната и работната мобилност на младите, со цел да се добијат корисни податоци за ваквиот тренд (демографски, социо-економски и образовен профил на младите коишто мигрираат; нивната географска дестинација; образовна/работна организација која ги прима; времетраење на престојот итн.). Целта е да се поттикнува мобилноста, односно привремената миграција, но истовремено да се намали ризикот таа да се претвори во трајна. За оваа намера, потребен е холистички пристап и формална соработка на сите инволвирани институции/засегнати страни.
- Потребно е да се анализираат мерките и ефектите од Националната стратегија за намалување на одливот на високообразован кадар и за вмрежување и соработка 2013–2020 година и таа да се ревидира по потреба или да се креира нова.
- Да се креира онлајн платформа што ќе ги содржи сите неопходни и корисни информации за најпосакуваните земји, преку која младите ќе можат да се информираат, пред да донесат одлука да мигрираат.
- Да се креираат програми во партнерство со граѓански организации од земјите од Европска Унија, коишто се високо рангирани во однос на индексите за младинска ангажираност, за размена на „најдобрите практики“, „препораките за креирање на политики“ и курикулумите за „имплементација“.

# 6

# ИНДИВИДУА, РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ, БРАК И СЕМЕЈСТВО

Овој дел содржи три целини, првата посветена на младата индивидуа, нејзините вредности, ставови и верувања, вклучувајќи ги тука и нејзините стравови и грижи за иднината; втората посветена на младата индивидуа во социјалната сфера со осврт на нејзините социјални релации, доверба во другите луѓе, како и нејзината перцепција за нееднаквоста во општеството и третата посветена на бракот и семејството.[8]

## ИНДИВИДУА: ВРЕДНОСТИ, СТАВОВИ И ВЕРУВАЊА НА МЛАДИТЕ

### Вредностите на младите во Македонија

Вредностите ги претставуваат човековите водечки принципи: најшироките мотиви на човекот кои влијаат на неговите ставови и ги обликуваат, како што влијаат и на тоа како тој дејствува/се однесува во околината. Досегашните истражувања зборуваат дека вредностите влијаат на човековите политички убедувања, човековата подготвеност да учествува во политичка акција, изборот на кариера, човековите чувства на лична благосостојба (Schwarts, 2011). „Вредностите се употребуваат за да ги карактеризираат културните групи, општествата и индивидуите, да ја трасираат општествената промена со текот на времето и да ги објаснат мотивациските основи на ставовите и однесувањето“ (Schwarts, 2012).

Во оваа Студија за младите во Македонија 2018 , дел беше посветен на прашањето за тоа што им е важно на младите, при што се одговараше на скала од 1 („воопшто не ми е важно“) до 5 („многу ми е важно“*).* Анализата покажа дека на 5 од 16 вредности (или на 31 % од вредностите) аритметичката средина е над 4,50; на 8 од 16 (на 50 %) вредности аритметичката средина е помеѓу вредноста 4 и 4,50, а на само 2 од 16 вредности (или, само на 19 %) аритметичките вредности се движат од вредноста 2,4 до 3,2. Најважните вредности за младите се: „да се биде верен/лојален кон партнерот(ката)“; „да се биде независен“, „да се биде верен/лојален кон пријателите“, како и „да се има успешна кариера“ и „да се презема одговорност“. Најмалку значајни работи во животот на младите се: „да се биде политички активен“ и „да се учествува во граѓански активности/иницијативи“.

СЛИКА БР. 37: **Вредности на младите во Македонија (во аритметички средини)**




Како и во некои претходни студии (види Јакимовски и др., 2014) веќе се докажаа некои вредности на кои младите константно им даваат поголема значајаност, а тоа се „да изградам успешна кариера“, „да бидам добар родител“, „да имам успешен брак“ и „да имам соодветен (љубовен/животен) партнер“. Овој тренд да се дава важност на индивидуалните вредности кои се однесуваат на семејниот живот, пријателството, а да опаѓа важноста на некои поопшти вредности како „интерес за политика“ и „граѓански иницијативи“ се забележува и во некои земји во Европа (YOUTH 2010: the social profile of young people in Slovenia), но секако ги има и локалните причини во контекст на случувањата во општествено-политичката сфера во Македонија.

СЛИКА БР. 38: **Дендограм за кластерите на вредности Dendrogram using Average Linkage (Between ...)** Rescaled Distance Cluster Combine



Овој дендограм од кластер-анализата само визуелно ги истакна кластерите на вредности кои се повеќе или помалку значајни за младите во Македонија. Во првиот кластер се веќе споменатите најзначајни вредности кои се повеќе лични и се однесуваат на индивидуата и нејзиното семејство и круг на пријатели: „да се биде лојален кон партнерите", пријателите и работодавците" и „да се биде независен". Друг значаен кластер се и семејните вредности („да се ожениш/омажиш" и „да имаш деца"). Кластерот кој е најмалку значаен за младите е „да се биде политички активен" и „да се учествува во граѓански активности и иницијативи" (во понатамошниот текст: кластерот за општествена акција).

Како значајни предиктори на одредени вредности[9] се појавуваат варијаблите Пол: на испитаниците од женски пол (во споредба со машкиот пол) им се поважни повеќето вредности како „лојалност кон партнери/пријатели/работодавци", „преземање одговорности", „униврезитетската диплома и кариерата", како и „добар изглед", додека на испитаниците од машки пол, поважна им е вредноста „да се биде политички активен", „да се носи бренд" и „да се спортува". Другите вредности им се подеднакво важни и на двата пола; Возраст: на повозрасната категорија од 25 до 29 години, во однос на другите две возрасни категории, им се позначајни вредностите „да се биде лојален кон другите", „сопствената независнот" и „прифаќањето на одговорност", како и „семејните вредности", додека „носењето брендирана облека" очекувано им е најважна на најмладите испитаници (од 14 до 19 години). Другите вредности им се важни на сите возрасти подеднакво. Националност: на Македонците во однос на Албанците им се поважни речиси сите вредности освен кластерот за општествена акција (кој им е поважен на Алабнците) и вредностите кои се однесуваат на „имањето униврезитетската диплома" и „концумирањето здрава храна", кои им се подеднакво важни на двата етницитети.

Интересно беше да се види и во каква корелација се одредени вредности[10] со Скалата за видот на родителство (Robinson, Mandieco, Olsen & Hart, 1995)[11]. Авторитетната потскала е во корелација со сите вредности, (и тоа позитивно), освен со кластерот за општествена акција и кластерот за материјални богатства и надворешност („да се биде богат" и „да се носи брендирана облека"). Тоа значи дека младите воспитувани во духот на почитување на авторитети ќе даваат поголемо значење на сите вредности освен на споменатите), особено на првиот кластер: „да се биде лојален и верен кон партнерите/пријателите/работодавците" и „да се биде независен". Авторитарната потскала, пак, е во позитивна корелација со вредностите кои се однесуваат на материјалните и екстринзичките вредности (што би значело дека на оние млади кои се воспитувани на авторитарен начин поважно ќе им биде „да се збогатат", „добро да изгледаат" и „да носат брендирана облека"), а во негативна со вредноста „да се презема одговорност". Пермисивниот стил на родителство е во негативна корелација со вредностите што значат „лојалност кон партнерот и пријателите", а во позитивна со кластерот за општествена акција, што значи дека на младите израснати со родители кои применувале пермисивен стил на родителство поважно ќе им биде „да бидат политички активни" и „да учествуваат во граѓански иницијативи", а помалку важност ќе даваат на „лојалноста кон партнерите и пријателите".

## ОЧЕКУВАЊА/ПРОЕКЦИИ НА МЛАДИТЕ ЗА ИДНИНАТА

Во оваа студија беа поставени две прашања кои ги третираат очекувањата/проекциите на младите во однос на сопствената иднина за 10 години и иднината на македонското општество. Следи графички приказ на процентите на испитаници на одговорите на двете прашања.

СЛИКА БР. 39: **Проекции за личната иднина**



СЛИКА БР. 40: **Проекции за иднината на РМ**




Анализата јасно покажува дека испитаниците се многу пооптимистични кога станува збор за сопствената иднина отколку кога станува збор за иднината на македонското општество. Одредена дискрепанца е нормална и очекувана за работи кои зависат од нас и можеме да влијеме и за работи кои не зависат од нас и не можеме да влијеме, но сепак ова е голема дискрепанца која можеби укажува и на фактот дека поголемиот дел од младите се подготвуваат да ја напуштат земјата, па веруваат дека таму ќе им биде подобро отколку што им е овде во државата. Ова станува релевантен податок за дискусија особено што за податокот од Слика бр.40 би можело да се каже дека донекаде е нереален во македонски услови, и е прилично различен од оние податоци пред 5 или повеќе години, кога одредени податоци од истражувањата што ги спроведуваше Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (Униврезитет Св. Кирил и Методиј) покажаа дека младите имаат оптимистички, но реални погледи (во дадениот македонски контекст) во однос на тоа дали ќе успеат да ги исполнат своите животни цели и планови, дали веруваат дека ќе заработат доволно за да го живеат животниот стил кој го посакуваат (Јакимовски и др., 2014; Латковиќ и др., 2016)[12], па само едвај 10 % сонуваа "да избегаат од овде еден ден"[13].

Со цел да се објасни овој податок беа проверени неколку корелации[14] кои само го докажаа претпоставеното. Кога во фокусот е проекцијата на младите за иднината на Македонија, тие кои имаат поголема желба да се преселат во друга земја се истите оние кои сакаат да останат таму засекогаш, а Македонија во следните 10 години ја гледаат во полоша состојба од сегашната. Затоа и би ја напуштиле веројатно. А кога во фокусот е проекцијата на младите за сопствената иднина, младите кои имаат поголема желба да се преселат во друга земја се истите оние кои веруваат дека нивната иднина за 10 години ќе биде подобра отколку сега.

Следи приказ на уште неколку важни корелации на проекциите за иднината.

— Оние кои се позадоволни од квалитетот на образованието во Македонија и не се согласуваат сосем со тврдењето дека оценките „се купуваат" имаат пооптимистичка проекција за државата за следните 10 години.
— Оние кои себеси се перципираат како подесно ориентирани имаат попозитивна проекција за личната иднина, но и понегативна проекција за иднината на Македонија.
— Оние кои веруваат во институциите на системот и се задоволни со состојбите со демократијата во Македонија се истите оние кои сметаат дека нивната иднина, а и иднината на Македонија за 10 години ќе биде подобра отколку сега.
— Оние кои повеќе веруваат во членовите на потесното и поширокото семејство, во пријателите, како и во луѓе со друга религија и националност се оние млади кои веруваат дека ќе бидат лично посреќни за 10 години. Оние кои веруваат во членовите на потесното и поширокото семејство, пријателите, соседите, соучениците/колегите и политичките лидери се истите оние кои веруваат и во подобра иднина на Македонија за 10 години.
— Со лично искуство со дискриминацијата оди и „помрачната" проекцијата за сопствената иднина за 10 години

**Како и каде се гледате себеси и Македонија за 10 години отсега?**

„Себеси се гледам како успешен психолог и психотерапевт кој работи во МЧР индустријата, без разлика дали сум во РМ или не, а би сакала Македонија да ја видам во Европската Унија со повисоки стандарди и напредок, ама немам очекувања/надеж дека тоа ќе се случи." (Ана, 23 год.)

„Себеси се гледам како успешна жена градејќи кариера надвор од Македонија, а РМ во полоша состојба отколку сега." (Тара, 23 год.)

„Република Македонија ја гледам на исто место како и денес, а себеси се гледам во истата работна организација, но на повисока позиција, омажена, со едно или две деца, во дом одвоен од моите родители." (Мина, 25 год.)

„Себеси се гледам како успешна деловна жена која има цел да ги поправи работите во нашата нефункцио-

нална држава, додека пак Република Македонија ја гледам како подобра држава и подобро место за живеење за нашиот народ, влезена во ЕУ и со европски стандарди." (Симона, 19 год.)

„Јас себеси за 10 години се гледам како работам и живеам во Република Македонија заедно со моето семејство, но за Република Македонија не можам да кажам каде ја гледам за 10 години, бидејќи не можам да го предвидам тоа, особено со драстичниот раст на млади луѓе кои се отселуваат од неа, барајќи подобри услови за работа и живот општо, што значи дека постои опасност од големо намалување на бројот на жители. Постои и тренд на млади високообразовани луѓе кои ја напуштаат државата во потрага по професионално надградување на себеси на своите студии, бидејќи Македонија не ги нуди истите." (Бојан, 25 год.)

„Државата ја гледам во ЕУ и себеси се гледам како вработен во јавна администрација на некоја раководна функција." (Филип, 27 год.)

„Сè уште не знам каде се гледам себеси, ама се гледам во успешно издание, а Република Македонија не знам... секако не во успешно светло!" (Петар, 21 год.)

## СТРАВОВИ, ГРИЖИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРОБЛЕМИ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

На тристепената скала од 1 до 3 со понудени одговори: „воопшто не", „до некој степен" и „многу", испитаните млади во истражувањето одговараа на прашањето за тоа колку се исплашени или загрижени во врска со 11 потенцијални безбедносни и политичко-економски проблеми. Следниот график јасно покажува дека на ниту еден понуден одговор нема пониска аритметичка средина од 2, што е повеќе од загрижувачки податок. Младите, сепак се најмногу загрижени (што беше и очекувано во согласност со состојбите со загадувањето и неговото влијание врз здравјето /https://www.iph.mk/aerozagaduvanjeto-vo-republika-makedonija/) во врска со „загадувањето и климатските промени", „да се добие сериозна болест" и неизбежниот проблем последните 15 години – „сиромаштијата". Веднаш зад нив се и стравот за „корупцијата", „социјална неправда", „војни и теоростички напади", како и стравувањето „да се остане без работа".

Сите понатамошни анализи[15] покажаа дека испитаниците од женски пол, во споредба со испитаницире од машки пол, се позагрижени во однос на сите проблеми во општеството и пошироко, освен за првонаведената во графикот- корупцијата- за неа се подеднакво загрижени испитаниците од двата пола. Македонците се позагрижени од Албанците за сите понудени појави во општеството, освен за социјалната неправда- за неа се исто загрижени и Македонците и Албанците. Што се однесува до возраста, податоците покажуваат дека сите возрасти подеднакво ги плашат сите појави во општеството.

Поголемата загриженост за корупцијата, зголемената сиромаштија и немањето работа оди со тенденција што помалку да се оправдуваат (или многу ретко да се оправдуваат) однесувања како: затајување даноци, примање и давање поткуп и користење врски за наоѓање работа, што секако е пожелен став. Инаку, генерално зборувајќи, младата популација многу ретко оправдува затајување даноци (аритметичката средина е 2,47 на скала од 1/никогаш/ до 10/секогаш), давање и земање поткуп (M=2,26), а нешто малку повеќе (почесто) оправдува користење врски да се најде работа (M=3,85) и користење врски за да се завршат одредени работи (во болница на пример- M=4,38).

СЛИКА БР. 41: **Стравови на младите за општествените појави (во аритметички средини)**



СЛИКА БР. 42: **Проценти на млади кои практикуваат верски обреди**




## МЛАДИТЕ И РЕЛИГИЈАТА

Покрај тоа што религијата претставува систем на верувања и вредности, таа има и интегративна функција која може да се однесува на поединецот или општеството, поточно, на општеството во целина или на неговите посебни нивоа – индивидуалното, културното и социјалното. Hargrove (1989) ја има согледано интегративната функција на религијата и во нејзината дефиниција, надоврзувајќи се на функционалното гледиште, за овој општествен феномен вели дека е религијата човечки феномен, кој функционира за да ги обедини културните, социјалните и персоналните системи во осмислена целина. Оттаму и важноста на испитувањата на ставот на младите во однос на религијата.

Во делот посветен на истражување на религиозноста на младите се започна со поставување на прашањето за религиската припадност односно идентификација на младите. Со оглед на националната структура на населението, религиската припадност е очекувана во насока на мнозинството над 66 % на испитаници кои и припаѓаат на православната религија и околу 25 % на испитаници кои припаѓаат на муслиманската.

Интересно беше да се види колку често (покрај венчавки и погреби кои повеќе имаат кулурна и социјална димензија) младите практикуваат религиски обреди како што е одењето на верски служби, како и да се споредат резултати од студијата за млади од 2013 година.[16]

Најголемата разлика е во процентот на млади (40 %) од 2018 година кој оди на верски служби само за посебни (големите верски) празници. Можеби причина за тоа е различното дефинирање на четвртото прашање во двете студии. Сепак, податок кој не може да биде дискутабилен е сè поголемиот процент на млади во последните 5 години кои сè почесто ја практикуваат религијата.

Следи интересен податок за тоа колку им е важен Бог во животот на младите (анализата се однесува само на оние млади кои се изјаниле дека се припадници на некоја од религиите).

Иако 40 % одат на верски обреди само за време на големите верски празници, сепак на 78,6 % од младите им е значаен Бог, а на 51,2 % им е многу значен.

Како предиктори на религиозноста во оваа студија, како и во другите неколку погоре споменети (види Латковиќ и др., 2016; Цветанова и др., 2016) се: Националноста (на Албанците поважен им е Бог во животот и во пресек почесто ја практикуваат религијата /верските обреди/); Полот во рамките на националноста (кај Македонците: на испитаниците од женски пол им е поважен Бог, но нема разлика меѓу нив и испитаниците од машки пол во за-

СЛИКА БР. 43: **Проценти на одговори на прашањето за значајноста на Бог во животот на младите**




честеноста на практикувањето на верските обреди, додека кај Албанците ситуацијата е обратна – нема разлика помеѓу мажите и жените во поглед на тоа колку им е важен Бог, но затоа испитаниците од машки пол почесто ги практикуваат верските обреди); Урбаноста на средината во која живеат (на испитаниците од руралните средини им е поважен Бог и почесто ги практикуваат верските обреди); Перцепцијата за религиозноста на родителите (на испитаниците кои ги перципираат своите родители порелигиозни им е поважен Бог, а и почесто ги практикуваат верските обреди); Едукацијата на самите испитаници е важна за предвидување на зачестеноста на практикувањето на верските обреди (поголема едукација – поретко практикување на верските обреди), но не и за тоа колку ќе им биде важен Бог во нивниот живот, како и едукацијата на нивните родители (едукацијата на двата родители е предиктор за давањето важност на Бога, едукацијата на мајката за зачестеноста на практикување на верските обреди, при што насоката е очекувана – поголема едукација – давање помала важност на Бога и поретко практикување на верските обреди).[17]

Важноста на Бог во животот на индивидуата е во корелација со многу аспекти од животниот стил на индивидуата, како и нејзините вредности, стравови и верувања[18], па може да се каже дека оние испитаници кои даваат поголема важност на Бог во нивниот живот:

— минуваат повеќе време во молење на Бога и повеќе време со своето семејство, а помалку време во читање весници/списанија, правење креативни работи, играње видеоигри, релаксирање, минување време во барови/кафулиња, минување време во младински центри, волонтирање во социјални проекти/иницијативи, престојување во странство како и спортски активности;
— искажуваат поголема доверба во членовите од поширокото и потесното семејство, а помала доверба кон луѓето со различни политички убедувања;
— изразуваат поголемо задоволство со семејниот живот, со кругот на пријатели што го имаат, како и со животот во целина;
— искажуваат поголема верба во сопствената подобра иднина;
— повеќе се исплашени во однос на сите наведени причини за стравување (види Слика бр.43).
— за соседи посакуваат локално семејство со многу деца, група студенти или семејство од Западен Балкан, а се многу позатворени кон хомосексуалните лица или парови, зависниците од дрога и поранешните затвореници.

Интересно беше да се види и што религиозноста[19] ќе предизвика во однос на некои важни однесувања на младите. Регресивната анализа покажа дека порелигиозните млади подобро ќе се согласуваат со своите родители, би ги одгледувале своите деца на начин на кој нив ги одгледеле нивните родители, ќе дозволат родителите да им влијаат врз значајните одлуки во нивниот живот и ќе сакаат и планираат многудетни семејства; при изборот на брачен другар важни ќе им бидат религиските убедувања на партнерот, одобрувањето од семејството, невиноста и од која националност е партнерот; истите тие во поголем број ќе го посакуваат јавниот пред приватниот сектор за вработување. Религиозноста не е поврзана со силината на желбата на младите да се иселат надвор од државата, но затоа е поврзана со поголемата заинтересираност за политичките прашања и со поголемата можноста да прифатат политичка функција.

## РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ: МЛАДИТЕ ВО СОЦИЈАЛНАТА СФЕРА

### Младите и социјалните релации/ доверба во други/прифаќање на другиот

Во контекст на интересот како се снаоѓаат младите во социјалната сфера беше поставено прашањето колку им веруваат на разни лица од нивната потесна и поширока околина. Следат одговорите кои беа дадени на скала од 1 („воопшто не им верувам“) до 5 („многу им верувам“) споредени со одговорите дадени од младите во „Студијата за младите во Македонија“, од 2013 година.[20]

СЛИКА БР. 44: **Компаративни податоци за довербата во други (во аритметички средини)**




Како што може да се забележи, најголема доверба младите и сега и пред 5 години (Латковиќ и др., 2013; види и Јакимовски и др., 2014) имаат во членовите на нивното потесно и пошироко семејство и пријателите, додека најмалку веруваат во политичките лидери. Средните вредности за некои групи на луѓе се речиси исти, некои се сосем блиску, а само за две групи луѓе се разликуваат статистички, а тоа се за луѓето од друга националност и од друга религија. Оттаму, со сигурност може да се каже дека граѓаните Македонци и Албанци во 2018 години си веруваат помалку отколку што си верувале во 2013 година.

Младите беа запрашани и дали имаат пријатели од различен социјален статус и на тоа прашање речиси 88 % одговориле потврдно – дека имаат, што само го потврди фактот дека во Македонија не постои ориентација кон социјална доминација (Серафимовска, 2006), поточно индивиуална преференција за хиеархија на повисоките социјални класи врз групите со понизок социјален статус (Sidanius et all, 1994).

Во оваа студија беше зададена одредена варијанта на Богардусовата скала за социјална дистанца за да ја испита силината на чувствата на младите доколку одреден вид на семејство или група се доселат во нивното соседство. Ваква скала беше зададена и во „Студијата за млади во Македонија, 2013" (види Латковиќ и др., 2013 година) па резултатите од двете студии се претставени подолу.

СЛИКА БР. 45: **Компаративни податоци за социјалната дистанца на младите (во аритметички средини)**



Со оглед дека понудените групи за оценување на дистанцата од 2013 и 2018 година не соодветствуваат во целост, во овој график се прикажани само оние социјални групи кои беа заеднички за двете години, а и оние кои беа поставени само во оваа студија од 2018 година. Споредбата покажа речиси исти резултати. Но покажа и загрижувачка дистанца за бегалци, хомосексуалци, а особено за поранешни затвореници и зависници од дрога. За податоците може да се дискутира во насока на последиците од живеењето во општество во социјална криза, како ште е сè поголемата недовреба во другиот кој се смета надвор од нашата група „outgroup", а зголемување на довербата на другиот кој се смета за припадник на „нашата група" –„ingroup" (Серафимовска, 2006). Причина за ваквата дистанца секако може да биде и постоењето на перцепцијата на себеси како различен од другиот, при што таа перцепција има секогаш две страни: перцепција дека „ние сме различни од нив" и перцепцијата „тие се полоши од нас" (Цветанова и др., 2016).

## ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА/НЕЕДНАКВОСТ ВО ОПШТЕСТВОТО

Доколку во минатото социјалната или класната припадност беше доминантна основа врз која се засноваше нееднаквоста и се вршеше политичката мобилизација, денес тоа се, пред сè, културната припадност, доколку под овој поим ги подведеме расните, етничките, религиозните, јазичните социјални групи (Blondel, 1995; Кимлицка, 2004; Smith, 1991; Христова и др., 2014).

Во оваа студија на младите им беше поставено прашање дали претрпеле дискриминација од разни причини. Следат одговорите.

СЛИКА БР. 46: **Проценти на одговори за видот на претрпена дискриминација**



Како што може да се види од резултатите (кои пак се речиси идентични со оние од 2013 година – види Латковиќ и др., 2013), сексуалната ориентација[21] и јазикот кој го зборуваат младите најмалку е причина за дискриминација, додека политичките убедувања и етничкото потекло се најчеста причина поради која младите претрпеле дискриманција. Овој податок (за политичките убедувања како извор на дискриминација) веројатно може да се разбере и во контекст на фактот дека младите сметаат дека токму политичката припадност на граѓаните се јавува како најзначаен фактор за привилегиран третман во општеството (Христова и др., 2014).

**Дали има дискриминација во Македонија и каде је гледате?**

„Дискриминацијата постои, и ја гледам во огласите за работа кои дискриминираат на база на пол и возраст. Ја гледам во училиштата и организациите, каде што луѓето ги дискриминираат луѓето со попреченост, луѓето од друга националност итн. Во Македонија се дискриминира секое туѓо малку различно мислење, став, изглед...“ (Ана, 23 год.)

„Секако дека ја има, и тоа во многу области, сè уште недоволно информираното општество во повеќе сфери ја прави таа дискриминација да биде сè уште на високо ниво.“ (Елена, 24 год.)

„Можеби, но не би знаела премногу на оваа тема, јас не сум ја приметила толку. Ама има и во други земји во Европа и во Америка, во Африка и Азија да не зборуваме, така што за оваа прашање светот треба да се смени за да може и кај нас да видиме некоја промена. Според мене, тешко во блиска иднина, во споредба со Африка и Азија, ние не сме ни толку лоши.“ (Кате, 24 год.)

„Дискриминацијата ја гледам на социјалните мрежи, настанати од нетоleranција помеѓу мнозинството и најголемото малцинство по бројност.“ (Бојан, 25 год.)

„Дискриминација има постојано, почнувајќи од образованието (деца со посебни потреби, хомосексуалци, различни националности), па сè до секојдневието и наједноставни нешта како одење до супермаркет (погрдни зборови, шепкање зад грб поради некаква различност). Буквално каква било различност којашто отстапува од прифатената норма е дискриминирана.“ (Дритан, 17 год.)

„Да, има дискриминација во Македониија. Се гледа во јавниот и приватниот сектор. Во јавниот сектор е во доменот на вработувањето и поднесувањето документи, додека во приватниот сектор е исто така во вработувањето, посебно за Ромите.“ (Филип, 27 год.)

„Мислам дека нема.“ (Петар, 21 год.)

## СЕМЕЈСТВО И БРАК

Промените во глобалниот оштетсвен систем нужно доведоа до соодветни промени и во демографското подрачје на семејството. Мошне впечатливи се промените во роднинскиот состав на семејството, во евидентното намалување на обемот на семејството, односно на неговата големина, земајќи го притоа предвид просечниот број членови на семејството. Процесите на нуклеаризација на семејството во Македонија, кои се резулатат на глобалните проемни, од своја страна го интензивира процесот на распаѓање на т.н. големи домаќинства коишто се составени од 7,8 и повеќе членови, како и од повеќе семејства. Во таа смисла, бројот на гломазните семејни структури перманентно опаѓа, додека истовремено бројот на нуклеарни семејства, составени само од родители и деца кои најчесто бројат по 4 членови, постојано расте (Матилов во Лазаревски и др., 2005).

Новите податоци за структурата на семејствата и домаќинствата во земјите членки во ЕУ(http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Being_young_in_Europe_today_-_family_and_society) истакнуваат неколку важни информации:

— Во повеќето северни и западни земји членки на ЕУ, во просек, младите луѓе заминуваат од дома во своите рани дваесетти години, додека во јужните и источните земји членки на ЕУ просечната возраст за напуштање на домот е во доцните дваесетти или раните триесетти;
— Мажите на возраст под 30 години не го напуштаат семејното гнездо во многу јужни земји членки на ЕУ;
— Се забележуваат нови модели во семејството: да се венчаат не е повеќе единствениот начин за партнерите да живеат заедно; Просечната возраст на првиот брак значително се зголемл во текот на последните две децении во сите земји членки на ЕУ. Истражувањата кои биле спроведени во оние земји членки на ЕУ за кои националните податоци се достапни во 2015 година, покажуваат дека просечната возраст за жени за првиот брак била 29,9 години, додека за мажите била 32,4 години. Во 1995 година, просечната возраст (повторно едноставен просек врз основа на достапните податоци) на првиот брак изнесувала 25,7 години за жени и 28,3 години за мажи;
— Премин кон зрелоста: во просек, младите мажи го напуштаат семејниот дом подоцна од младите жени.
— Премин од детството во зрелоста се карактеризира со голем број клучни чекори, како што е напуштањето на родителскиот дом за учење или работа, материјалната независност, движењето со партнер или венчавање, и имањето деца или не. Сепак, патот

кон независноста не е јасен и младите се соочуваат со низа предизвици, што може да резултира со тоа што некои од нив ќе останат подолго во родителскиот дом или ќе се вратат во него;

— Лицата што живеат сами и парови без деца претставуваат повеќе од 50 % од сите домаќинства во развиениот свет.

— Учеството на домаќинствата со деца се намалува во ЕУ.

## Профил на домаќинство на младите во Македонија

Во овој дел од анализата се направи обид да се профилира просечното домаќинство на младите во Македонија, при што предвид се земаа следните критериуми за анализа: број и структура на домаќинство (колку и кои луѓе живеат во едно домаќинство); вид живеалиште (дом на родители/наследен стан(куќа)/купен стан(куќа) и причини за истото; согласност со родителите, начини на одлучување во семјството и кој има влијание врз тие одлуки; проекции/замисли за иднината на младите во врска со: нивниот брачен статус (најдобра возраст за стапување во брак и како ќе го избираат брачниот партнер), со желбата да се има деца (број посакувани деца) и начини на кои ќе ги воспитуваат децата.[22] Кластер-анализата покажа дека 84 % од младите живеат во домаќинство кое брои 4 членови: двајца родители и две деца, и таквото семејство живее во домот на родителите. Следат податоците од анализата.

### Број и структура на домаќинство

Во однос на бројот и структурата на домаќинството резултатите покажаа дека просечното домаќинство во Македонија е составено до 4 членови (живи двајца родители и две деца). Всушност, просечниот број членови во домаќинството е 4,4. Кога се разгледуваат овие основни податоци во однос на урбаност на средината може да се каже дека просечен број членови во домаќинството е 4,26 во урбана, а 4,67 во рурална средина. А ако се разгледуваат во однос на националноста пак, ќе се каже дека просечниот број членови на едно албанско домаќинство изнесува 5,14, а на македонско 4,12.

Малку повеќе од една шестина од испитаниците (или 15,4 % од младите) велат дека нивното домаќинство е во одлична финансиска состојба (можат да си дозволат сè што им е потребно), а 10,7 % рекле дека живеат на работ на сиромаштија. Останатите имаат средства за задоволување на основните животни потреби без луксуз.

### Вид живеалиште

Во однос на видот на живеалиштето резултатите покажаа дека најголем борј млади живеат во домот на нивните родители: 77,3 % живеат во домот на нивните родители, а за 62,5 % од нив тоа е така бидејќи е наједноставното и најконфорното решение. Овие податоци можеби се малку контрадикторни ако се разгледуваат во контекст на исказите на младите колку им е многу важно да бидат независни и да преземаат одговорност (на скала од 1/вооопшто не ми е важно/ до 5/многу ми е важно/, средната вредност за „да преземат одговорност“ е 4,50, а за „да бидат независни“ е 4,63);

Оние што живеат во домот на своите родители во споредба со оние што не живеат со нив, освен што минуваат повеќе време со своето семејство, тие почесто и: слушаат музика, излегуваат со пријателите, минуваат време во барови/кафулиња. Оние што не живеат во домот на своите родители почесто читаат книги/весници/списанија, читаат за духовен и личенн развој, прават креативни работи, медитираат (јога и сл.) и почесто патуваат во странство.

### Начин на воспитување, согласување со родителите и влијание на родителите

Според начинот на кој се воспитувани од страна на родителите и колку се согласуваат со родителите, анализата на податоци покажа дека младите добро се согласуваат со родителите иако некогаш имаат различно мислење: 54,4 % од младите одговориле дека „добро се согласуваат со родителите“ а 37,7 % од младите одговориле дека „добро се согласуваат со родителите иако понекогаш имаат различно мислење“.

Младите во Македонија почесто се изјавуваат дека се воспитувани во духот на искреност и почитување на авторитетите, а помалку во духот на безусловна слушање на авторитети (строго казнување) и пермисивност (ниски барања и очекувања од страна на родителите). Според Скалата за родителство, доминантен родителски стил на воспитување е Авторитетниот. (Авторитетна потскала е со аритметичка средина M=12,1; Авторитарна потскала с со M=9,38; а Пермисивна потскала со M=8,08). Младите воспитувани со авторитарен но, и пермисивен стил на родителство повеќе се согласуваат со ставот дека „Она што е најпотребно на младите е строга дисциплина од нивните родители“..

Додека фокусот сè уште е на семејниот живот, интересен е податокот дека на скала од 1 (многу незадоволен) до 5 (многу задоволен) – 64,4 % од младите на прашањето „Колку се задоволни со семејниот живот“ го избираат бројот 5, а 4 избираат само 21,2 %.

Во однос на влијанието на родителите врз одлуките на младите, податоците покажаа дека младите одлуките ги донесуваат заедно со нивните родители, при што

мајката има малку поголемо влијание од таткото (во урбаните средини одлучувањето на мајката е поголемо отколку во руралните): 46,4 % од младите се изјасниле дека таткото има најголемо влијание врз значајните одлуки, а 54,6 % -мајката. Повеќе од половината испитани млади (58,9 % од испитаниците) се изјаниле дека одлуките во животот ги носат заедно со нивните родители. Со поголема доверба во членовите на потесното семејство „оди" и поголема вклученост на родителите во донесувањето одлуки важни за младите;

## Ставови на младите за бракот

Ако замислите/проекциите и ставовите на младите за бракот ни со во фокусот на интерес би можеле да се истакнат неколку податоци: ставовите на младите се дека мажот треба да се жени на 27–28, па и 30 години, а жената најдобро е да се мажи на 25–26 години, или попрецизно кажано, просечни години за мажење на жената M=25,59, а просечни години за женење на мажот M=27,64; младите (овој податок е константен и во претходното истражување во 2013 година) сметаат дека во иднина треба да имаат сопствено семејство: 91,3 % од младите рекле дека во иднината се гледаат како женет/мажена со сопствено семејство. Имено, на скала од 1 (воопшто не е важно) до 5 (многу важно), 74,4 % од младите го избираат бројот 5 како одговор на прашањето „колку е важно да имаш сопруг/сопруга во животот";

Освен да се биде во брак, на младите во Македонија им е важна и лојалноста кон партнерот, па аритметичката средина изнесува M = 4,66 (на скала од 1 до 5) на степенот на важност за тврдењето „да се биде верен кон партнерот/партнерката", а трите најважни работи на младите – кога ќе го избираат брачниот другар ќе им бидат „карактерот на партнерот", „заедничните интереси", но и „религиските убедувања" на партнерот; апстинецијата од сексуални односи пред брак за 35,6 % од младите е „застарен концепт", за 29,4 % е „непотребен психолошки товар", за 19,4 % е „вредност за двата пола", а за 15,6 % од младите е „доблест; на скала од 1 (никогаш) до 10 (секогаш) младите имаат аритметичка средина M=2,89 на прашањето колку е оправдана хомосексуалноста;

## Проекции за деца и родителство

На младите во Македонија многу им е важно да имаат 2, евентуално 3 деца, првото дете кога жената ќе има 26, а мажот 28 години, или поконкретно: 56 % од младите сакаат да имаат 2, а 30,8 % – 3 деца. Просекот на посакувани деца на младите е M=2,61. На скалата од 1 (воопшто не е важно) до 5 (многу важно), 78 % од младите го избираат бројот 5 како одговор на прашањето „Колку е важно да имаш деца во животот" (M=4,45 на истата скала).

Младите сакаат да ги одгледуваат своите деца речиси исто како што нив ги одгледувале родителите: 52,3 % од младите одговориле „речиси исто" на прашањето „дали на ист начин би ги одгледувале Вашите деца како што Ве одгледувале Вашите родители?". Албанците (споредено со Македонците) почесто ја избираат алтернативата „исто" на прашањето „дали на ист начин би ги одгледувале Вашите деца како што Ве одгледувале Вашите родители?". Макeдоднците, пак, почесто ја избираат категоритјата „речиси исто" на тоа прашање.

На скалата од 1 (никогаш) до 10 (секогаш), младите имаат аритметичка средина M=3,69 на прашањето колку е оправдан абортусот;

### Кои се причините поради кои најголем број млади и по 18 години сè уште живеат со своите родители?

„Културата во државата и воспитувањето (многу години наназад) налага живеење со родителите додека не се стапи во брак." (Ана, 23 год.)

„Немање доволно средства – мали плати, високи сметки, големи кирии." (Тара, 23 год.)

"Недоволно стабилната финансиска состојба, сè помалиот потенцијал, желба, а и страв да се осамостојат да почнат нов живот со поголеми обврски." (Елена, 24 год.)

„Главната причина, според мене, поради која младите во денешно време сè уште живеат со своите родители е поради воспитанието на родителите кон децата уште од најмала возраст. Родителите кои премногу ги 'разгалуваат' своите деца со тоа што им ги завршуваат нивните обврски, им дозволуваат да имаат константно слободно време, ги наградуваат со пари без да им ја објаснат вредноста на парите, како се заработува материјалното и како истото не соодветствува со нивната среќа во животот. Се однесуваат премногу заштитнички кон нивните деца и не им дозволуваат да носат свои одлуки без разлика дали се правилни или не, од грешките се учи. Во нашата држава, младите живеат со своите родители до своите 23–24 години и дури тогаш почнуваат да работат и да стекнуваат практично искуство ,додека во другите земји младите многу порано почнуваат со работа/пракса/студии, а и ја имаат можноста да одат на колеџ и да стекнат самостојна дисциплина и одговорност да се издржуваат самите себеси, како со пари така и со домашни задачи." (Бојан, 25 год.)

„Поради финансиски причини, поради традицијата и големата зависност на родителите од своите деца (голема загриженост како ќе живеат сами)." (Петар, 21 год.)

## ЗАКЛУЧОЦИ:

- Најважните вредности за младите се: *да се биде верен/лојален кон партнерот/партнерката/пријателите/работидавците, да се биде независен, да се има успешна кариера и да се презема одговорност.* Најмалку значајни работи во животот на младите се: *да се биде политички активен и да се учествува во граѓански активности/иницијативи.* Пол, возраст и етницитет се важни предиктори на вредностите. Стилот на родителство е поврзан со одредени вредности, при што како најпожелен во смисла на истакнување на одредени вредности се авторитетниот стил на родителство, и до некој степен пермисивниот.
- Испитаниците се многу пооптимистични кога станува збор за сопствената иднина отколку кога станува збор за иднината на македонското општество. Со оптимистичка лична иднина оди и самоперцепираната десна ориентираност, верба во членовите на потесното и поширокото семејство, пријателите, како и во луѓе со друга религија и националност. Со „помрачната" проекција за сопствената иднина за 10 години оди и личното искуство со дискриминација. Со став за оптимистичка иднина на Македонија оди и вербата во институциите на системот, вербата во демократијата во Македонија и вербата во политичките лидери во државата.
- Младите во Македонија стравуваат за речиси сѐ, а особено за загадувањето и климатските промени и сиромаштијата, а испитаниците од женски пол и Македонците се позагрижени за најголем дел од појавите.
- Користењето врски и познанства за наоѓање работа и други потреби сѐ уште е во секојдневното живеење на младите.
- Младите се порелигиозни денес отколку пред 5 години. Во најголем процент и пред 5 години и сега практикуваат верски обреди само за значајни верски празници.
- Религиозноста оди под рака со традиционалните ставови и заинтересираноста/инволвираноста за/во политиката.
- Најголема доверба младите и сега и пред 5 години имаат во членовите на нивното потесно и пошироко семејство и пријателите, додека најмалку веруваат во политичките лидери.
- Македонци и Албанци во 2018 години си веруваат помалку отколку што си верувале во 2013 година.
- Не постои социјална доминација како лична преференција.
- Младите покажа загрижувачка дистанца за бегалци, хомосексуалци, а особено за поранешни затвореници и зависници од дрога.
- Ставот на младите е дека сексуалната ориентација и јазикот што го зборуваат младите најретко е причина за дискриминација, додека политичките убедувања и етничкото потекло се најчеста причина за дискриманција.
- Просечно домаќинство во Македонија е семејство составено во просек од 4 члена кај Македонците и 5 кај Албанците: двајца родители и деца.
- Младите, иако сакаат да бидат независни и да преземаат одговорност, сепак најголем број од нив живеат во домот на своите родители. Како причина за тоа ги наведуваат недоволните финансии, стравот од осамостојувањето и културните норми.
- Членовите добро се согласуваат меѓусебно.
- Врз одлуките на младите учествуваат и двајцата родители.
- Младите во иднина се гледаат како мажени/женети со две деца.
- Младите се воспитувани да ги почитуваат родителите и така сакаат да ги воспитуваат и сопствените деца.

## ПРЕПОРАКИ

- Да се промовира избалансиран стил на родителство во смисла на одредена пермисивност, демократичност, но и почитување на авторитетите (со исклучок на авторитарниот стил), конзистентност и принципилност во воспитувањето. Тоа може и треба да се направи преку: медиуми (правење на образовни серии, истакнување на добри практики, дебатни емисии за видот на родителство во Македонија); образование (на сите нивоа, и тоа преку ревидирање на наставните планови и содржини), учество на НВО (во промотивни акции од ваков вид, одржливи проекти на локално ниво и сл.).
- Креирање на владини политики, пред сѐ во сферата на образованието: практично (поврзано со пракса) образование, образование кое развива животни и социјални вештини, освен соодветни компетенции и образование, кое развива критично и креативно мислење и морално расудување.
- Развивање на доверба во институциите на системот, особено во судството и полицијата, бидејќи чувството дека живееме во праведен свет е основата за оптимизам и конструктивност во однесувањето.
- Вложување во личен и професионален селф-тренинг програми за развивање на чувството на лична компетентност и позитивен став кон иднината.
- Развој на еколошката свест во образованието, но и преку медиумската сфера и вклучување на невладиниот сектор.

— Спречување на „урбаната мафија“ во градежништвото.
— Економски мерки за зголемување на вработеноста и развој на претприемаштво.
— Превентивни мерки и апели изготвени од здравствените работници.
— Изнаоѓање на мерки за намалување на афективната социјална дистанца која со себе ги носи предрасудите, омразата и насилството. Тоа е возможно преку отворена борба против:
  – привилегиите при вработување, во судството и полицијата;
  – закони кои не важат за сите подеднакво;
  – подложност на корупција и криминал.
— Свесно и насочено менување на стереотипизацијата во размислувањето и учење на модели на саморегулација – свесна и насочена активност која резултира со однесување кое означува промоција на различноста, а не дискриминација; развој на критичка и креативна мисла; развој на морални принципи и вредности.
— Потребно е да се работи во насока на ефикасна имплеметација на инклузивно образование на сите степени во образовниот систем, почнувајќи од градинките, со цел да се надминат предрасудите кон различности, особено да се промовираат меѓуетнички училишта и паралелки.
— Политичките партии треба да понудат платформи и програми привлечни за младите, и да се препорачува носителите на одлуки на сите нивоа да ги вклучат младите во процесите на носење одлуки (особено на темите кои ги засегаат младите), со цел да се врати довербата во политиката и истовремено да се поттикне активно учество на младите во политичките процеси. Во таа насока пожелно е и ре-/формирање на активни и функционални младински совети во рамките на сите општини на локално ниво.
— Потребни се дополнителни обуки за наставниот и стручниот кадар во основните и средните училишта за справување и постапување во случаи на дискриминација помеѓу учениците по која било основа.

# 7

# ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

Образованието во Македонија е во контиуиран процес на реформи. Ваквата состојба на постојани реформи не остава простор за оцена на ефектите на примената на одредени образовни модели и нивната успешност, исто така, го стеснува просторот за учество на сите засегнати страни за унапредување на процесот. Особено е тешко да се издвојат позитивните и негативните ефекти за директните корисници на овој процес, односно младите.

## НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

— Процентот на вклученост на учениците во образовниот процес е еден од највисоките меѓу државите кои учествуваат во истражувањаето ПИСА и изнесува 98,6 %. (OECD (2016), PISA Results 2015). Ваквата состојба се должи, меѓу другото, и на законските измени од 2008 година, од кога покрај основното, како задолжително образование е и средното образование.

— Образованието во Македонија е организирано според Меѓународната стандардна класификација на образованието – МСКОБ (International Standard Classification of Education – ISCED), осмислена од страна на UNESCO и класифицирано во Македонската рамка на квалификации.

— Според статистичките извештаи од 2017/18 година, бројот на основни училишта е 989, а односот ученици/ наставници е 10,5 (19.2448 ученици спрема 18.291 наставници). Во Македонија, во истиот период има и „специјални основни училишта“ – 43, како и „основни училишта за воозрасни“ – 12.

— Според статистичките извештаи од 2017/18 година, бројот на средни училишта е 131, а односот ученици/ наставници е 9,5 (71.458 ученици спрема 7.445 наставници).

— Се забележува тенденција на намалување на вкупниот број ученици и во основно и во средно образование , како резултат на демографските промени.

— Македонија има 14 универзитети и 5 високопрофесионални школи. Во 2016/17 година бројот на запишани студенти на сите високообразовни институции е 58.083 студенти. Од оваа бројка, најголем број на студенти (86,6 %) се запишани на државните високообразовни установи, додека 13 % се запишани на приватните високообразовни установи. Односот студент-професор е 20,3 (58. 083 студенти спрема 2. 854 професори[23])

— Според тестирањето на истражувањето ПИСА , перцепцијата на наставниците за физичкиот капацитет на основните и средните училишта е задоволителна.

— Професионалниот развој на наставниците (во основно и средно) е низок и изнесува 16 % на наставници, кои три месеци пред тестирањето ПИСА посетиле некоја програма за професионално усовршување.

— Резултатите од тестирањето ПИСА (OECD (2016), PISA Results 2015) (тест за практична применливост на знаењето: читање, математика, природни науки), покажаа, на првото тестирање во 2000 година, дека македонските ученици на 15- годишна возраст беа меѓу последните. Во тестирањето спроведено во 2015 година, резултатите се уште полоши за македонските ученици во сите категории. Целта на

европската стратегија за мудар, одржлив и инклузивен развој (ЕТ 2020) е процентот на ученици на возраст од 15 години со слаби достигања (low-aceiving) да биде понизок од 15 % (кај нас е за наука 62,9 %, за математика 70,2 %, читање 70,7 %).

— Во многу студии изработени за односот на образованието, младите, вработеноста, оценката е заедничка дека образованието во Македонија е несоодветно во подготовката на студентите/учениците за пазарот на трудот.

## ЗАДОВОЛСТВО ОД КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Што се однесува до квалитетот на образованието, тој е оценет со средна вредност 2,61 (стд.дев=1.179), на скала од 1 (воопшто не сум задоволен, 5 многу сум задоволен), каде 43,6 % се на делот од скалата на незадоволство, 35,6 % се средно задоволни и на делот од скалата кои се задоволни се 20,8 %. Овој резултат е во согласност со резултатите добиени од претходно анализираните студии . Генерално, квалитетот на образованието во другите студии се оценува со средна оценка „добар, но со потреба од солидни реформи“.

**Како го оценувате квалитетот на образованието? Што е позитивно, а што негативно?**

„Сметам дека квалитетот на образованието во Македонија не е на високо ниво. Што се однесува до просториите, инвентарот во установите кои се стационирани во главниот град, сметам дека се горе-долу во ред. Но, доколку се зборува за кадарот, започнувајќи од градинките, па сè до високото образование, сметам дека квалитетот на кадарот е на многу ниско ниво (освен исклучоци кои од 100 % може да се 15–20 %). Ова може да се подобри доколку вработените кои работат во образовно-научни институции посетуваат семинари, обуки како да изведуваат настава, каков пристап да имаат спрема учениците/студентите итн., да се направат подобри програми по кои ќе се движи наставата, како и постојан мониторинг и оценување на наставниците и професорите. До подобар образовен систем не треба многу, но токму тие ситници прават да не е добар квалитетот на образованието и образовниот систем.“ (Кате, 24 год.)

Линеарната регресивна анализа на варијаблите поврзани со образованието покажа корелација со јачина R=,499; Rsquare=,245 на следните варијабли кои имаат најголем придонес во задоволството од квалитетот на образованието во земјата: варијаблата „приспособеност на наставните програми кон работата, каде 70 % сметаат дека не се соодветно приспособени, (B=,990; Beta=,411; p<,001) и варијаблата „колку лесно ќе најдат работа по завршување на школото“, при што само 16 % сметаат дека многу лесно ќе најдат работа (B=,299; Beta=317;p<,001).

Едноставно кажано, би се очекувало, субјективната перцепција на младите за задоволството од квалитетот на образованието во земјата да се зголеми доколку се приспособат наставните програми кон светот на работата и доколку младите побрзо најдат работа по завршување на образованието.

„Сметам дека предмети како што се природните науки, заостануваат најмногу во практичните демонстрации – а со тоа се презаситени со непотребна теорија. Тоа ги оневозможува младите да се запознаат со вистинската страна на овие науки и веднаш им се создава одбивност. Како позитивно би го издвоил фактот дека многупати материјалот не е многу “изџвакан”, па тоа ги остава учениците да се снаоѓаат со тоа што го имаат како што знаат. Можеби ова на прв поглед не е толку позитивно – меѓутоа, лично мене ми има помогнато да изградам посилен и посамоуверен карактер и начин на работа каде што не очекувам дека нештата ќе бидат лесни или пак дека сè во животот ќе дојде со упатство.“ (Дритан, 17 год.)

## КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И КУПУВАЊЕ ОЦЕНКИ

Еден од индикаторите за квалитет на образованието е и „феноменот на купување оценки“. На скалата од 1 (не воопшто) до 5 (многу) средната вредност е M=4.12 (Сд 1,161). Возрасната категорија од 20–24, претежно од урбаните средини, Македонци во поголем број од Албанците и од други возрасни групи се определиле дека има феномен на купување оценки.

Споредбата на екстремните вредности („не воопшто“ и „да, многу“), во двете испитувани години покажа дека феноменот на купување оценки во изминатите години има нагорна линија. Во 2018 година процентот на одговорите со „да“ е двојно поголем од 2013 година (54,9 % спрема 26 %).

СЛИКА БР. 47: **Има случаи на купување оценки во училиштата / универзитетите**




## ПРОСЕК НА ОЦЕНКИ

Средната вредност на просечниот успех е 3,01 , односно меѓу 3 и 4 кај учениците и меѓу 7 и 8 кај студентите. Споредбата на средната вредност на просекот на оценките покажа дека нема разлика меѓу двете споредбени години. Исто како во 2013 година, и во 2018 година, малку повисок просек имаат девојките за разлика од момчињата.

## ЧАСОВИ ПОСВЕТЕНИ НА УЧЕЊЕ

За да ги добијат овие оценки, младите во просек дневно учат малку повеќе од 2 часа (M=2,61). Се учи повеќе во средно и на факултет отколку во основно образование, а девојките (M=2,74) учат повеќе од момчињата (M=2,47). Се покажа разлика во бројот часови посветени на учењето споредбено со двете набљудувани години. Просечниот број часови посветен на учење е намален во 2018 година, за разлика од 2013 година, особено е намален процентот на оние кои учат повеќе од 3 часа (од 44 % на 22,55 %).

Образованието на родителите не се покажа статистички значајно во однос на часовите за учење, но се покажа како статистички значајно, дека во домаќинствата во кои има повеќе од 30 книги децата повеќе учат. Според социекономскиот статус, произлезено од Post Hoc тестот, се забележа групирање на домаќинствата во две групи. Во првата се децата кои се од „домаќинства кои немаат пари да ги задоволат основните потреби (струја, греење ..храна)" и најслабо посветуваат часови на учење (м=1,76) . Во втората група домаќинства, има четири категории („доволно пари за основни сметки, храна, обувки и облека", „доволно пари за основни потреби, но недоволно за поскапи работи", ,„можат да си дозволат поскапи работи, но не можат да си дозволат купување на стан или кола"),

СЛИКА БР. 48: **ПРОСЕК НА ОЦЕНКИ 2013/2018**



најмнгу учат децата во домаќинство каде што „можат да си дозволат сѐ што им е потребно за добро живеење" (м=2,82).

СЛИКА БР. 49: **Часови посветени на учење 013/2018 (%)**




Типичниот ден на училиште како тежок и стресен го перцепираат две третини од испитаниците или 72,1 %, што е за 14 % повеќе од 2013 година.

## АСПИРАЦИИ И ВЛОЖУВАЊЕ

Во студијата *"Младински трендови во Република Македонија"* (Јаќимовски, Ј. ед 2014), во однос на општиот став кон образованието, 45 % од младите се изјасниле дека образованието е најважна работа во животот, таа му прави повеќе добро отколку лошо на човекот, го прави добар граѓанин, го гради неговиот карактер и му помага да ужива во животот, времето поминато во учење не е залудно време, искуствата стекнати во училиштето помагаат во животот.

Во оваа насока се и наодите во врска со аспирациите на младите за степенот на образование што сакаат да го достигнат. Од зададената седумстепена скала, средната вредност на одговорите е M=4,55 (4-универзитет бачелор, 5-универзитет специјалист, 6-мастер, 7-докторат), односно аспирацијата на 80 % од испитаниците е да се достигне универзитетско образование. За аспирациите на младите за степенот на образование што сакаат да го достигнат се детектираше сигнификантна корелација на ниво на значајност p<0,01, според: местото на живеење (r=,099), старосни групи (r=,170), социоекономски статус (r=,165), образование на родители (мајка r=,234, татко r=,273), број на книги во домаќинство (r=,264).

Оние со место на живеење во град (M=4,64) имаат повисоки аспирации отколку оние во рурална средина (M=4,36). Аспирациите на старосната група од 25–

СЛИКА БР. 50: **Типичен ден на училиште/ факултет 2013/2018**



СЛИКА БР. 51: **Социо-економски статус и аспирации за посакуваниот степен на образование**




29 години со завршено факултетско образование (м=5,38) се повисоки и се разликкуваат од другите старосни групи со завршено средно (М=4,17) и основно образование (М=4,41). На аспирациите за степенот на образование има влијание образованието на мајката и таткото, колку е повисоко образованието на родителите, толку е повисока аспирацијата на децата за степен на образование. Социоекономскиот статус има влијание на аспирациите на младите за посакуван степен на образование. Категоријата на деца од домаќинства што „можат да си дозволат поскапи работи, но не можат да си дозволат купување на стан или кола„(М=4,63), како и оние кои „можат да си дозволат се што им е потребно за добро живеење" (м=4,93), имаат повисоки аспирации од децата во другите домаќинства. Повторно бројот на книги покажа позитивна корелација со аспирациите за образование, односно повисока аспирација за образование се јавува во групата домаќинства кои имаат над 50 книги (М=5,01) и над 100 книги (М=5,31).

Повеќе од две третини се сигурни дека ќе го достигнат посакуваниот степен на образование (М=4,21). Најголема сигурност покажуваат оние кои се со подобар социоекономски статус.

## ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТЛИВОСТ

Во прилог на негативната оценка на квалитетот на образовниот процес се и констатациите на работодавците дека или недостасуваат одредени занимања или студентите/учениците се тешко вработливи. Под поимот „вработливост" се мисли на подготвеност за работа, во смисла на поседување вештини, знаења, на односот и разбирањето на индустријата, што ќе им овозможи на завршените студенти продуктивно да придонесат во организациските цели многу брзо по нивното вработување (Mason, 2009).

Како клучни проблеми поврзани со положбата на младите на пазарот на трудот , во сите анализирани студии се издвојуваат: недоволен квалитет на образовните исходи, нерелевантноста на образовните исходи во однос на потребите на пазарот на трудот, сè уште ограничените врски со индустријата и светот на работата, наставата за кариерното насочување сè уште не е интегрирана во наставните програми на средните училишта.

Две третини од испитаниците сметаат дека училишните програми не се приспособени кон барањата на работата (69 %), додека (31 %) сметаат дека се приспособени. Во однос на секторот во кој работат, тие во јавниот сектор се определиле со малку повисок процент – 40 %, дека училишните програми се приспособени на работата.

СЛИКА БР. 52: **Дали сметате дека обуките, училишното и универзитетското образование се добро прилагодени на светот на работата?**




Во однос на праксата, само 36 % од испитаниците посетувале пракса во текот на своето образование. Сериозен е наодот дека помалку од една третина редовни ученици и студенти во текот на образованието посетиле некаков вид пракса.

Во 2013 година , процентот на тие што имале пракса во средно училиште е поголем за 2 % од оние во 2018 година (28 %). Загрижува споредбата со оние што се на факултет: во 2013 година се изјасниле 50 % од испитаниците дека посетувале некаков вид пракса, додека во 2018 година само 33,9 %.

Што се однесува до студентското практиканство (студенти на факултет), Законот за високото образование (ЗВО, 2008) ги пропишува одредбите под кои се креира програмата за студентска практика. Поради недодефинираност на Законот, кој претрпе многу промени од 2008 година до денес и правилникот, праксата на студентите во повеќето случаи е формална (студентите не одат на пракса туку од пријатели од бизнисот доставуваат заверен документ до факултетите за да заверат семестар).

СЛИКА БР. 53: **Дали во текот на образованието сте партиципирале во некаков вид пракса/интершип, со моментален статус во образование**




**Како го оценувате квалитетот на образование во Македонија? Што е позитивно, а што негативно?**
„Позитивно е што младите луѓе сè повеќе сакаат да бидат високообразовани и да учат повеќе, но негативното е тоа што наставниците/професорите им ја задушуваат таа желба со тоа што го пренесуваат своето знаење најчесто со предавања, без интеракција со учениците/студентите. Сите млади со или без диплома излегуваат неуки од училишните врати без никакво практично знаење, чисто теорија и резултати добиени со учење на памет." (Бојан, 25 год.)

Дека лесно ќе најдат работа по завршување на образованието, сметаат 16,1 % од испитаниците.

СЛИКА БР. 54: **Колку лесно ќе најдете работа по завршувањето на образованието?**




Се покажа интересно групирањето во однос на моменталниот статус на образование.

Најлесно сметаат дека ќе најдат работа оние што се „инволвирани во некој друг вид образование или обука" (М= 3,36), нивното мислење особено се разликува од оние што се во „средно образование" (М=2,46) и на „факултет"(М=2,56).

Овој наод е во насока со современите тенденции на политиката на доживотно учење, како аспект на унапредување на модерната економија, што е значаен дел од стратегиите на ЕУ, каде неформалните облици на учење стануваат особено важни. Инволвираноста во неформални облици на учење влијае на перцепцијата за наоѓање работа. Меѓутоа во Македонија е сè уште ниско нивото (квантитативно и квалитативно) на обезбедувањето **образование за возрасни**, не постои систем врз основа на компетенциите што е поврзан со светот на работата; малку се можностите за доживотно учење за лицата што ја пропуштиле можноста да се образуваат.

Од анализата на документите, истражувањата и студиите поврзани со оваа тема, како причини за младинската невработеност во Македонија можат да се издвојат: тежок премин од училиште на работа; недостиг од пракса за работа во реални услови; диспропорција меѓу стекнатото образовно искуство и реалните потреби на пазарот на трудот; прифаќање на непријавена работа (работа на црно), ниско ниво на плати.

Примерокот на испитаници од оваа студија ја отсликува реалната состојба на вработеност на младите луѓе во Македонија. Според Државниот завод за статистика, состојбата во земјата со вработеноста на младите (15–24) е на исклучително ниско ниво (околу 16 %). Според состојбата во 2015 година, вработеноста според возраста изнесува: 5,8 %(15–19), потоа 27,1 % (20–24), 47,3 % (30–34). Се забележува и промена во школската подготовка. Во периодот 2006–2015 година, бројот на млади (15–29) вработени со ниско ниво на образобание се намалил за 44,1 %, со средно се зголемил за 10 %, а со високо се стана двојно поголем.

СЛИКА БР. 55: **Според вашето мислење, колку лесно ќе најдете работа по завршување на формалното образование?**



ТАБЕЛА БР. 6: **Кој е Вашиот моментален работен статус?**

| Кој е Вашиот моментален работен статус? | Број на случаи | % |
|---|---|---|
| Имам постојан договор со полно работно време | 121 | 13 |
| Имам постојан договор со скратено работно време | 12 | 1.3 |
| Имам привремен договор со полно работно време | 133 | 14.3 |
| Имам привремен договор со скратено работно време | 71 | 7.6 |
| Имам повремена работа(и) | 72 | 7.7 |
| Самовработен | 42 | 4.5 |
| На професионална обука | 13 | 1.4 |
| Немам работа, но активно барам работа | 160 | 17.2 |
| Немам работа и моментално не барам работа | 293 | 31.5 |
| Вкупно | 931 | 100 |

Уделот на неформално вработени млади лица е значително поголем кај младите од 15–24 и изнесува 38,6 %. Со скратено работно време најзастапени се младите од 15–29 (25 %) . Според економскиот статус (вработен, вработен за сопствена сметка, работодавец и неплатен семеен работник ), во категоријата неплатен семеен работник се најзастепени младите од 15–29 години или околу 20.000 лица.

Во нашиот примерок од 2018 година просечен неделен број часови на работа е 37 часа, за разлика од 2015 година каде што бил 31 час.

Една третина од оние кои работат, работат во својата професија, а секој петти работи на работа која е многу блиску до неговата /нејзината професија. Сепак, 42,6 % не работат во својата професија. Работното место на кое моментално работат за 62 % од испитаниците е во иста линија со нивното ниво на формално образование. Четвртина од испитаниците работат на работно место кое бара пониско образование отколку што тие го имаат.

СЛИКА БР. 56: **Барања на моменталното работно место за ниво на формално образование**




„Најголемиот проблем е што младите по завршување на факултетот не можат да најдат работа во струката којашто ја завршиле. Поради тоа, работат каде било за многу мали примања. Сето тоа придонесува младите да не бидат среќни и да бидат демотивирани и депресивни и спасот да го бараат надвор од нашава држава." (Мина, 25 год.)

Секторот во кој претежно работат младите е приватниот сектор (61 %). Според податоците од Државниот завод за статистика, најголемиот број работни места за младите лица (15–29) се обезбедуваат од страна на секторите за земјоделство (18,8 проценти од вкупниот број вработени млади лица), производство (18,4 проценти), трговија (18,1 процент), градежништво (7,0 проценти), објекти за сместување и сервисни дејности со храна (6,1 процент). Работните места во кои претежно работат младите се во земјоделството, во производството и градежништвото се, исто така, најслабо платените работни места (70–75 проценти од просечната месечна плата, која во март 2018 година изнесува 22.000 ден).

Тие што работат, во мал број случаи искусиле дека „не можеле да добијат работа поради слабите оценки" (10 %), „не можеле да добијат работа поради недоволниот степен на образование" (19 %), „се одселиле бидејќи немало соодветна работа во регионот во кој живееле" (12 %).

## ПОСАКУВАНО РАБОТНО МЕСТО

Младите најмногу сакаат да работат во јавниот сектор (45 %). Споредбено со 2013 година, во 2018 година, процентот на испитаниците кои сакаат да работат во јавен сектор е зголемен за 6 %, додека за работа во приватниот сектор процентот е намален за 5 %. Распределбата на процентите во другите сектори е слична во двете години.

СЛИКА БР. 57: **Во кој од следниве сектори би сакале да работите?**




За разлика од 2013 година, во 2018 година не се покажа статистички значајна разлика во однос на полот, местото на живеење, етницитетот.

## ФАКТОРИ ЗА НАОЃАЊЕ И ИЗБОР НА РАБОТА

Како значајни фактори за наоѓање работа меѓу првите три се наведени „врски и пријатели“, на второ место „врски со моќни луѓе“ и на трето место „среќа“, понатаму следат „експертиза“, на петто место „ниво на образование“, потоа „членство во партија“, на седмо „образование или искуство од странство“ и на последно, осмо место „регион“. Направена е делумна споредба со 2013 година која не е доследна, бидејќи во истата година беа зададени само 5 фактори, наспроти 8 кои беа зададени во 2018 година. Сепак, може да се забележи дека факторот „среќа“ во 2018 година има високо трето место, а во 2013 година бил на петто место од зададени 5 фактори. Податокот дека среќата е меѓу првите три фактори за наоѓање работа ја потврдува тезата дека младите егзистираат во средина која не им овозможува реално да ги проценат шансите за остварување на своите права, интереси и потреби и за подобрување на социо-економската положба.

Средината во која егзистираат детектира неколку проблеми кои влијаат на нивото на вработување кај младите и чувството за тоа што е потребно за да се најде работа: општата економска состојба во земјата која резултира со недостиг на соодветни работни места по обем и квалитет; младите не поседуваат компетенции кои се барани на пазарот на трудот; краткорочни изолирани интервенции за надминување на младинска невработеност; општа состојба на резигнираност и немотивираност кај младите во процесот на (само)вработување; недоволна поддршка на младинско претприемаштво. (*„Национална стратегија за млади, 2016 – 2020“).*

ТАБЕЛА БР. 7: **Ранг на фактори за да се најде работа**

| Ранг на фактори за да се најде работа | 2018 | 2013 |
|---|---|---|
| Познанства (пријатели, роднини...) | 1 | 1 |
| Врски со луѓе кои се на власт | 2 | 2 |
| Среќа | 3 | 5 |
| Стручност | 4 | 4 |
| Ниво на образование | 5 | 3 |
| Партиско членство | 6 | |
| Образование или работно искуство во странство | 7 | |
| Потекло (вашиот регион) | 8 | |

СЛИКА БР. 58: **Важност на факторите за избор на работа со финансиска состојба на домаќинство**



За да изберат работа, младите од осум зададени фактори, како три најважни фактори ги избираат: „сигурно работно место, без страв од отпуштање", на второ „плата" и на трето „доволно слободно време, покрај работата". Понатаму следат: на четврто место "кариерни можности", на петто „чувство дека нешто постигнуваат", на шесто „да се направи нешто значајно за општеството", на седмо "да работиш со колеги што ти се допаѓаат" и на осмо место „работа со луѓе". Се утврди сигнификантност со социо-економскиот статус, односно со примањата што ги има домаќинството. Може да се заклучи дека има разлика меѓу оние со највисоки и најниски примања. Кај оние кои доаѓаат од домаќинства со највисоки приходи им се поважни факторите: „кариерни можности", „чувство дека нешто постигнуваат", „да се направи нешто значајно за општеството", „доволно слободно време, покрај работата", отколку на оние од домаќинства со најниски примања.

Студијата за младите во Република Македонија 2016 (Топузовска Латковиќ, 2016), како и наодите од ова истражување ги потврдија сознанијата дека македонската „милениумска генерација" во однос на работата е со истите карактеристики како и „милениумците" од Европа и САД; Од работното место очекуваат добра плата, флексибилност, можности за кариерен развој, можност за докажување и ценење на нивните вложувања.

Земајќи ги предвид големиот процент на невработеност во земјата, особено високата младинска невработеност, работата на младите претежно во неформалниот сектор, подвработеноста, работата во сектори со плата под просекот на земјата, очекувно е дека „сигурното работно место без страв од отпуштање" се јавува на прво место според важноста за избор на работата, како и изборот на работа во јавен сектор.

## ВОЛОНТИРАЊЕ

Волонтирањето е дејствување врз основа на сопствена слободна одлука, при што се вложува сопственото време, а целта е да се внесат нови содржини и вредности во животите на другите луѓе не очекувајќи материјална корист, односно вложувања кои не се платени (Wilson, 2000.; Puljiz i sur., 2005.).

Младинското волонтирање има повеќезначна корист. Покрај тоа што претставува извор за помош на одредени категории на луѓе во општеството, тоа е начин на искуствено воспитание на младите за активна граѓанска улога во развојот на демократското општество. Претставува подготовка за пазарот на трудот, бидејќи овозможува учење и стекнување со искуство и нови вештини, особено тимска работа, комуникација, иницијативност, донесување одлуки.

Нивото на вклученост на младите во волонтерски активности е малку покачено во 2018 година и изнесува 20 % од младите кои волонтирале во последните 12 месеци, за разлика од 2013 година каде овој процент беше само 12,8 %.

Станува збор за многу ниско ниво на инволвираност во волонтерски/неплатени активности. Во однос на полот, етницитетот, старосните категории, местото на живеење, здравјето, не се јави сигнификантност. Сигнификантност има со варијаблата школска подготовка, каде тие со средно образование имаат највисока вредност на волонтерски активности за разлика од оние со основно и факултетско образование. Социо-економскиот статус, односно примањата што ги има домаќинството укажуваат на разлика меѓу најбогатите (оние што можат да си дозволат сè) и се во издвоена група со најмалку волонтерски активности, а во другата група најмногу волонтерски активности имаат оние со најмалку примања (нема доволно за базични потреби).

СЛИКА БР. 59: **Дали сте учествувале во волонтерска активност во последниве 12 месеци, т.е. дали доброволно сте работеле неплатена работа?**




Иако процентот на волонтерска активност е занемарлив, сепак беше интересно да се види во кои организации се одвивала активноста. Најмногу или 4,6 % волонтирале во училиште или универзитет, 4,1 % во НВО, 3,3 % во младинска организација. Потоа следат со многу помал процент или под 2 %: граѓански иницијативи, спортски и музички клубови, политички партии, личен ангажман, самостојни проекти, црвен крст и др;

СЛИКА БР. 60: **Организации каде што волонтирале изразено во проценти**




## ЗАКЛУЧОЦИ

— Аспирациите во однос на посакуваниот степен на образование кај повеќе од 80 % од младите се да завршат универзитетско образование. Повисоки се аспирациите кај оние млади од урбана средина, со универзитетски образовани родители, во домаќинства со подобар социо-економски статус, во дом со повеќе од 50 книги. Најамбициозна е старосната група од 25–29 години;

— Повеќе од две третини се сигурни дека ќе го достигнат посакуваниот степен на образование (M=4,21);

— Бројот на часови посветени на учење е намален во однос на 2013 година, особено кај оние кои учат повеќе од 3 часа, од 44 % на 22,5 % во 2018 година. Социо-економскиот статус на домаќинството влијае на часовите посветени на учење;

— Две третини од испитаниците типичниот ден на училиште го перцепираат како тежок и стресен;

— Појавата на купување на оценки во изминатите години има нагорна линија;

— Приближно половина од испитаниците се незадоволни од квалитетот на образованието. Особено се незадоволни од приспособеноста на наставните програми кон светот на работата и можноста да најдат работа по завршување на училиштето;

— Сметаат дека најлесно ќе најдат работа оние кои се *„инволвирани во некој друг вид образование или обука“* (M= 3,36), нивното мислење особено се разликува од оние што се во *„средно образование“* (M=2,46) и на *„факултет“* (M=2,56);

— Помалку од една третина редовни ученици и студенти во текот на образованието посетиле некаков вид пракса;

— Младите најмногу сакаат да работат во јавниот сектор (45 %);

— Една третина од оние што работат, работат во својата професија, а секој петти работи на работа која е многу блиску до неговата/нејзината професија. Секторот во кој претежно работат младите е приватниот сектор (61 %);

— Издвојувањето на „среќата“ меѓу првите три фактори за наоѓање работа (прв „врски и пријатели“, втор „врски со моќни луѓе“) ја потврдува тезата дека младите егзистираат во средина во која правилата се нејасни и не важат еднакво за сите. Тоа не им овозможува реално да ги проценат шансите за остварување на своите права, интереси и потреби за подобрување на социо-економската положба;

— За да изберат работа, младите од осум зададени фактори, како три најважни фактори ги избираат: на прво место „сигурно работно место, без страв од отпуштање“, на второ „плата“ и на трето „доволно слободно време, покрај работата“.

— Само 20 % од младите волонтирале во последните 12 месеци. Тие со средно образование имаат највисока вредност на волонтерски активности за разлика од оние со основно и факултетско образование. Најбогатите (оние што можат да си дозволат сè) се со најмалку волонтерски активности.

## ГЛАВНИ ПРОБЛЕМИ ДЕТЕКТИРАНИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И ВРАБОТУВАЊЕТО:

— Ниско ниво на оценки од тестирањето ПИСА за читање, математика, природни науки;

— Ниско ниво на вработливост и самовработливост или образованието е несоодветно во подготовката на студентите/учениците за пазарот на трудот и самовработување;

— Корупција во образованието и при вработувањето.

## ПРЕПОРАКИ

— Одговорното прифаќање на резултатите од тестирањето ПИСА подразбира дефинирање на мерки кои треба да се преземат за да се подобри квалитетот на образованието, а со тоа и резултатите на учениците. Неизоставна е потребата од длабинска анализа со вклученост на сите засегнати страни, за тоа што се случува во училиштата.
— Анализата треба да одговори на прашањата: *Зошто македонските ученици остваруваат ниски резултати на тестирањето ПИСА? Како да се намали процентот на ученици на возраст од 15 години со слаби достигања (low-acheiving) и тој да биде понизок од 15 % (европска цел)?* Истото да биде составен дел од стратегијата и акцискиот план.
— Зајакнување на врската меѓу образованието и пазарот на трудот, односно врската меѓу компетенциите на работното место и резултатите од учењето во образовните програми.
Приоритет треба да биде обезбедувањето квалитет во образованието земајќи ги предвид трите основни нивоа кои се утврдени и во Европската референтна рамка за осигурување на квалитет (EQARF): Ниво на квалификации за кои се образуваат учениците/студентите; Ниво на установите/училиштата; Национално ниво.
Процесот е веќе започнат и овозможен преку следниве документи: „Законот за Национална рамка на квалификации“, „Прирачник за развивање на нови квалификации за националната рамка на квалификации“, „Методологија за изработка на стандарди за занимања“. Меѓутоа, нема единствен и усогласен систем за следење и добивање информации за соодветноста на образованието со пазарот на трудот.[24]
Потребно е да се согледаат и определат вистинските потреби на работодавците за занимања и соодветни квалификации определени преку вештини, компетенции, знаења. Овие потреби, потоа треба да се претворат во стандардизирани исходи (резултати од учење) во образовните програми.
Потребно е освежување и забрзување на овој процес со системски приод, каде најпрво ќе се разјаснат институционалните надлежности, јасно определување и ревитализирање на улогите на сите засегнати страни, како и начинот и нивото на нивната комуникација, силно водство од една институција и креирање стратегија со акциски план. Воспоставувањето на униформни и јасни критериуми за стекнување компетенции кои учесникот во образованието ќе ги достигне по завршувањето ќе резултира и во добивање на соодветна квалификација за одредени занимања. За да се достигне ова, потребно е да се креираат и унапредат алатки кои ќе осигураат квалитет и релевантност на квалификациите.

### Ваквиот пристап ќе овозожи:

— Транспарентно поврзување на резултатите од учење кои се постигнуваат во сите образовни институции во државата, како и меѓународна споредба и нивно признавање.
— Овој пристап ќе побарува образовните програми да се збогатат со повеќе практични вежби, како и пракса и уптреба на know-how техники.
— Намалување на корупцијата во образованието од аспект на објективност во оценувањето.

### За да се постигне ова, потребно е:

— Да се зајакне врската меѓу образовните институции и Советот за стручно образование и обука, одборите за соработка и доверба со бизнис заедницата (кои во моментов, иако егзистираат поради барањето на законот, немаат некое влијание на наставните програми и стратешките цели на образовните институции и не влијаат врз квалитетот во процесот на креирање занимања и квалификации);
— Да се ревидираат наставните програми, особено во стручните училишта, со акцент на резултатитите од учењето и според потребите на пазарот на трудот;
— Да се воведат информативни кампањи за справување со негативните стереотипи за средните стручни училишта за учениците, но особено за родителите, преку кои ќе се информираат за можностите за вработување;
— Да се ревидираат учебниците;
— Да се зголеми нивото на обука на наставниците и да се посвети повеќе внимание на нивните педагошки капацитети, а да се намали обемот на административни обрвски и задачи;
— Да се подобрат условите во училиштата, особено оние кои овозможуваат вежби и практична примена на стекнатите знаења , како и достапност и обезбеденост со нагледни средства;
— Да се зголеми нивото на пракса и мобилност. Потребно е дорегулирање на праксата, особено во високото образование. Креирање програми со дуален систем на образование, особено во средното стручно образование;
— Да се зголеми бројот на ученици/студенти на меѓународна мобилност за образование и пракса. Меѓународната мобилност главно насочена кон европските земји ќе им овозможи на младите да се стекнат со драгоцено искуство и да креираат појасна слика за условите во овие земји, што дополнително ќе влијае и на нивната одлука за миграција;

— Да се воведат програми за следење на талентирани ученици;
— Униформирање на начините на оценување преку системско мерење на квалитетот на образовните исходи и создавање јасни барања на национално ниво за добивање соодветна образовна квалификација.
— Покрај регулирање на најниска плата, потребни се и субвенцинирања на платите на младите вработени во приватниот сектор, со додавање на одредени услови и/или можности за фирмите. Имено, субвенционирањето на покачуувањето на платите на младите да биде условено и парaлено со отварање на линии за субвенционирање на фирмите за помош при инвестиции и вложување во нови технологии. Ваквиот пристап ќе овозможи јакнење на економијата;
— Зголемување на нивото на волонтирање кај младите луѓе со зајакнување на врската меѓу училиштата, НВО и локалната самоуправа. Истото треба да се вреднува и признава за да послужи како стимулација за поголема волонтерска активност кај младите;
— Унапредување на достапноста, квалитетот и квантитетот на неформалното и информалното образование, особено за младите. Збогатување на понудата со теми/ области кои ќе им помогнат да ги унапредат вештините за вработување и самовработување и ќе ја намалат социјалната исклученост на младите;
— Отворање финансиски линии за младите за покренување сопствен бизнис;
— Законската регулатива да биде поедноставена за водење на бизнис, јасна и еднакво да важи за сите (нулта толеранција за корупција).

# 8

# ПОЛИТИКА И ДЕМОКРАТИЈА

Истражувањата во западните демократии во последните декади регистрирале ниско ниво на интерес за политика и политичко ангажирање на младите, особено во формалните облици на политичка партиципација, како гласање на изборите. Поради разочараност од политичките лидери/партии, младите сé повеќе се свртуваат кон други, понеконвенционални облици на политичка партиципација (Norris, 2003; Henn and Foard, 2012). Во новите, неконсолидирани демократии ангажирањето на граѓаните во политиката, генерално е помало, а авторитарните вредности се пораспространети, особено доколку земјите немале претходно искуство со демократија (Howard, 2002; Sisenic, 2010; Novak and Hafner-Fink, 2015, Dolenjec, 2013). Ова е случај и со младинската популација (Taleski et al., 2015). Довербата во институциите кои не го испорачуваат она што го очекуваат граѓаните, туку стојат лошо на различни мерки на квалитет на демократија како владеење на правото, слобода на медиумите, корупција и слично, е мала. Целта на овој дел од студијата е да ги испита овие аспекти преку неколку батерии прашања. Резултатите се анализирани на униваријантно, биваријантно и, делумно, мултиваријантно ниво, а прикажани се само статистички значајните разлики.

При анализата на резултатите треба да се земе предвид и политичкиот контекст, бидејќи Македонија помина период на интензивна политичка криза. За време на кризата (2015–2017), во која беа обелоденети скандали за политичка корупција и влијание врз медиумите и судската власт во време на десетгодишното владеење на коалицијата предводена од централно-десничарската ВМРО-ДПМНЕ, младите студенти беа иницијални чинители на граѓански протести кои ја поттикнаа поголемата мобилизација и на пошироκото граѓанство. Периодот по одржувањето на вонредните парламентарни избори во декември 2016 година и изборот на нова влада беше придружен со екстремно ниво на несигурност и комплицирана (уставна) криза. Дополнително, недовербата кон политичките партии/елити е широко распространет сентимент долги години наназад, па наодите од студијата треба да се гледаат и во ова светло.

## ИНТЕРЕС ЗА ПОЛИТИКА

Во споредба со „Студија за млади“ од 2013 година, според која интересот за политички настани во Македонија е околу 50 %, а интересот за меѓународната политика двојно помал, интересот за политика кај младите во 2018 година е значително опаднат. Младите најмногу се интересираат за домашната политика, и тоа нешто повеќе за политиката на локално ниво (22,8 %), отколку на национално ниво (20,5 %), по што следи интересот за политиката во ЕУ (17,6 %), и општиот интерес за политика (16,8 %). Најмал е интересот за политиката во САД (12,9 %) и политиката во Русија (8,4 %).

СЛИКА БР. 61: **Интерес за политика** (% на одговори „заинтересиран/а“ и „многу заинтересиран/а“)




Ваквиот драстичен пад на интересот, пред сè за домашната политика, е можна последица на споменатата политичка криза која, иако вклучуваше значително активирање на младинската популација (пред сè во главниот град), веројатно предизвикала разочараност и одбивност кај младите поради комплексноста на проблемите кои не исчезнаа со политичкиот договор и промената на власта. Политичкиот цинизам кон кој се особено склони младите (Bovan and Širinić, 2016), во Македонија потенцијално е на високо ниво.

Според биваријантната анализа, испитаниците од машки пол имаат поголем интерес за политика од испитаниците од женски пол), а повисокиот степен на образование и поголемата возраст, исто така влијаат во позитивна насока. Според етничката припадност, најголем интерес за политика покажуваат припадниците на помалите етнички заедници, Албанците и на крај Македонците. Приходот на домаќинството влијае позитивно само на интересот за локалната политика. Степенот на образование на таткото е поврзан позитивно со интересот за политиката во ЕУ.

Младите за политички настани најмногу се информираат од Интернет (69,5 %) и телевизија (60 %), по што следуваат социјалните мрежи (37,8 %). (Интернетот го презел водечкото место пред телевизијата во споредба со студијата од 2013 година). Потоа следуваат разговорите со семејството и пријателите. Младите помалку се информираат за политички настани од потрадиционалните медиуми како дневниот печат (14,7 %) и радиото (10,10 %), на кои политичките теми се обработуваат подлабински и пошироко. Но сепак, немаме подетални информации за квалитетот на политичкото информирање преку секој од наведените медиуми, со оглед на тоа што, на пример, печатените весници имаат свои интернет-изданија.

СЛИКА БР. 62: **Информирање за политички настани**




Забележавме и пад на дискутирањето за политички теми – само 26,1 % од младите одговориле дека често или многу често разговараат за политика со семејството и познајниците. Во студијата „Младински трендови“ дури 66 % од младите одговориле дека понекогаш или често разговараат за политика со родителите, а 74 % со врсниците и пријателите (Цекиќ 2014: 62). Кога станува збор за дискутирање за политички теми, освен горенаведените варијабли кои влијаат во идентична насока, од важност е и образовнието на родителите. Така, младите чии мајки и татковци има-

ат повисоко ниво на образование, почесто разговараат со нив за политички теми.

Младите – 47,2 % ги одбрале највисоките вредности на скалата која ја мери сличноста со политичките убедувања на нивните родители. Дополнителни 25,1 % го одбрале неутралниот степен на скалата. Во 2013 година, овој процент бил само малку повисок. Разлики има само во случајот со семејниот приход: младите кои потекнуваат од семејства со поголем приход покажуваат поголема сличност со убедувањата на своите родители.

Само 20,9 % од младите сметаат дека нивните интереси се добро или многу добро претставени во националната политика, што е сличен наод како и во студијата од 2013 година. Младите од помалите етнички заедници и Албанците се чувствуваат подобро претставени од Македонците. Ова е прво од групата прашања на кои, како и во студијата од 2013 година, регистрираме подобри скорови кај малцинските групи од мнозинското население. Понатаму, младите од урбаните средини се чувствуваат подобро претставени од младите од руралните места, како и младите кои живеат во фамилии со повисок приход.

СЛИКА БР. 63: **Задоволство од претставеноста на интересите на младите во политиката**




## ПОЛИТИЧКИ АНГАЖМАН: ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИ И ВРШЕЊЕ ПОЛИТИЧКА ФУНКЦИЈА

Додека интересот за политика и учеството во формалните облици на политичка партиципација помеѓу младите во европските земји и сосетството е релативно низок или во опаѓање (Hen and Foard, 2012, Kirbiš and Flere 2010), младите во Македонија во исклучително голем процент гласаат на изборите. Во ова истражување, 67 % од испитаниците гласале на последните избори, а само 8,5 % од нив не гласале, иако имале право на глас. Останатите 24,5 % немаат право на глас. Односно, од оние што имаат право на глас, 88,7 % одговориле дека гласале, а само 11,3 % одговориле дека не гласале.

СЛИКА БР. 64: **Гласање на избори**




Младите – 83,6 % одговориле дека ако треба да се одржат парламентарни избори и имаат право на глас, би гласале, што е највисок процент од сите земји опфатени со студијата. Овој исклучително висок процент значајно го надминува интересот за политика и дискутирањето за политички теми, а исто така и официјалниот праг на излезност на изборите кој вообичаено е околу 60 %. Со оглед на тоа дека само 20,9 % од младите сметаат дека нивните интереси се добро или многу добро претставени во политиката, за изненадување е фактот што тие сепак, и толку масовно, се одлучуваат да излезат на избори. Дел од причините за ваквиот висок процент веројатно се наоѓаат во преголемата политизација, или попрецизно „партизација“ на општеството. Младите, како и генералната популација, во политичките партии гледаат гарантори за вработување и доаѓање до други бенефиции, па дел од нив веројатно гласаат на изборите во очекување на некоја идна придобивка ветена од партиските активисти кои агитираат токму на овој начин. Голем број скандали во јавноста покажуваат дека оваа појава не се однесува на изолирани случаи, туку е масовна. Истражувањата за дискриминација покажуваат дека граѓаните ја наведуваат партиската припадност како прва основа за дискриминација (Христова и Цекиќ, 2014; МЦМС, 2011).

**Дали гласате на избори (парламентарни, претседателски, локални)? Кои се причините кои ве мотивираат да гласате на изборите?**

„Секогаш гласам, секогаш се надевам на промена, и секогаш се разочарувам." (Ана, 23 год.)

„Да. Позитивната програма и проекти за идниот развој на државата, понудени од одредена партија." (Илина, 19 год.)

„Понекогаш гласам, понекогаш не. Причината, колку и да звучи жално и мизерно, е најчесто некој од моите родители да остане на функција којашто би ја изгубил доколку партијата за која што е – не победи." (Тара, 23 год.)

„Не гласам бидејќи реално нема некоја опција и најдобра опција ми е да не гласам. Опциите кои ги имаме се две, а и двете се контролирани од страна на повисоки „експерти" од Западот и нивните намери се засновани на манипулација на народните маси." (Кате, 24 год.)

„Да, гласам на избори. Ме мотивира тоа што се надевам дека мојот глас можеби ќе смени нешто." (Симона, 19 год.)

„Да, одам да гласам и она што ме мотивира е дека сакам напредок во земјата, што побрзо да имаме исти стандарди како во земјите од ЕУ." (Филип, 27 год.)

„Да, гласам секогаш. Сечие мислење е важно и треба да се земе предвид." (Петар, 21 год.)

Некои одговори на дополнителните интервјуа со млади упатуваат на тоа дека овие причини се валидни, но и на тоа дека младите гласаат масовно бидејќи сакаат да променат нешто.

Подготвеноста да се гласа на избори е поврзана со степенот на образование – младите со најниско образование најретко гласаат на избори. Поголема возраст е предиктор за веројатност за гласање; со зголемувањето на семејниот приход се зголемува и веројатноста за гласање, но кулминацијата е кај претпоследниот степен.

На прашањето дали би прифатиле политичка функција, најголем број од младите одговориле со можеби (36,4 %), а дополнителни 12 % одговориле дека со задоволство би прифатиле ваква функција, што се релативно високи проценти со оглед на претходно наведените наоди, а можеби се и знак дека младите се подготвени да променат нешто. Сепак, 30 % одговориле дека никако не би прифатиле ваква функција, а уште 20 % одговориле дека веројатно не би прифатиле таква функција. 1,3 % од младите одговориле дека веќе се на ваква функција.

СЛИКА БР. 65: **Дали би прифатиле политичка функција? (%)**




Младите од машки пол се поподготвени да вршат политичка функција во споредба со тие од женски пол, како и младите од помалите етнички заедници, по што следуваат Албанците, па Македонците. Интересно е што помладите испитаници се поподготвени да прифатат вршење на политичка функција.

Процентот на млади кои одговориле дека со задоволство би вршеле или веќе вршат политичка функција е поголем кај категоријата „млади чиј татко има завршено високо образование". Разлики има и според приходот на семејството, при што младите од семејства со повисок приход попрво би прифатиле политичка функција од младите од семејства со понизок приход. Овие наоди, како и во случајот со разговорите за политика, ја илустрираат важноста на социјалното потекло и семејната средина за политичката социјализација и учество на младите во политиката.

## ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И ЗАДОВОЛСТВО ОД ДЕМОКРАТСКИОТ РАЗВОЈ

Довербата во институциите во земјата е на ниско ниво, како помеѓу генералната, така и меѓу младинската популација. Според повеќе истражувања последните две декади, граѓаните повеќе им веруваат на меѓународните институции (или на други видови институции, како банки и религиски институции), отколку на домашните политички институции (Талески и др. 2006:

14–15, Марковиќ и др. 2011: 15, Топузовска Латковиќ и др., 2013).

Во ова истражување, младите генерално малку им веруваат на сите понудени институции, бидејќи средните вредности на одговорите се движат под неутралниот степен на скалата. Наодите покажуваат дека младите најмногу им веруваат на Армијата и на религиските институции, но за прв пат и на волонтерските движења, веројатно поради важноста на протестите во неодамнешната политичка криза. Дури потоа следува Европската Унија, банките, па останатите меѓународни организации, што е поместување од претходните истражувања. Граѓанските организации овој пат имаат малку поголема доверба, а убедливо најниска повторно е довербата во домашните институции (претседател, парламент, влада, судство) и политичките партии.

СЛИКА БР. 66: **Доверба во институции**




Постојат статистички значајни разлики во зависност од полот на испитаниците. Оние од машки пол имаат поголема доверба од испитаниците од женски пол во домашните политички институции/актери (Претседателот, владата, политичките партии, локалната власт, синдикатите), како и во НАТО и ММФ. Испитаниците од женски пол имаат поголема доверба само во банките. Во однос на етничката припадност, во сите институции, освен за ЕУ во која најголема доверба имаат Албанците, најголема доверба имаат младите од помалите етнички заедници. Македонците, пак, имаат поголема доверба во Претседателот во споредба со помалите етнички заедници и особено Албанците.

На скалата од 1 до 5, каде 1 е многу незадоволен, а 5 е многу задоволен, задоволството на младите од состојбата на демократијата во Македонија изнесува 2,54, што е пад во однос на претходната студија кога оценката била 2,74. Претставено во проценти, само 20,1 % од младите се задоволни или многу задоволни од состојбата со демократијата.

Разликите според етничката припадност на испитаниците, слично како и во студијата од 2013 година (кога Албанците беа позадоволни од Македонците), покажуваат дека, нетипично, мнозинското население е најнезадоволно од состојбата на демократијата во Македонија. Сепак, со оглед на политичкиот контекст во кој политичкиот судир главно се одвиваше во македонскиот етнички блок, во овој случај тоа и не е толку изненадувачки податок. Младите од помалите етнички заедници, всушност се најзадоволни и на позитивниот дел од скалата (M=3,20), по нив следуваат Албанците чија вредност е на негативниот дел од скалата (M=2,60), и е малку поголем од оној на Македонците (M=2,42). Со поголемата возраст и повисокото образование, опаѓа задоволството од состојбата на демократијата во Македонија.

## ИДЕОЛОШКИ ОРИЕНТАЦИИ

Преминувајќи од интересот за политика и гласањето на избори кон други облици на политичко знаење и партиципација, во ова истражување ги испитавме и идеолошките ориентации на младите. Најнапред, треба да се истакне дека нивото на познавање на политичките идеологии меѓу граѓаните на Македонија е ниско (Христова 2011). Според Студијата за млади, 2013, овој процент и меѓу младинската популација е навистина висок, односно 38 % од младите не знаеле/не се позиционирале идеолошки на скала од лево кон десно (Топузовска Латковиќ и др. 2013: 105). Во актуелната Студија, речиси 50 % од младите одговориле со „не знам" или не сакале да дадат одговор на ова прашања (22,9 % одговориле со „не знам", а 26,6 % немаат одговор).

Од добиените одговори, на скалата од 1 до 10, од екстремно лево до екстремно десно, средната вредност за сите испитаници кои се изјасниле е околу самиот центар и изнесува M=5,16. Кога одговорите се групирани во три категории 1–4 лево, 5 и 6 центар, и 7–10 десно, за левицата се изјасниле 37,4 %, за центарот 34,5 %, додека за десницата 28,1 %. Ова се значајни промени во однос на 2013 година кога за левицата се изјасниле 23,1 %, за центар – 37,6 % , а за десницата – 39,2 %.

СЛИКА БР. 67: **Идеолошко позиционирање: лево-центар-десно**




СЛИКА БР. 68: **Идеолошко позиционирање: лево-центар-десно (2018)**




СЛИКА БР. 69: **Идеолошко позиционирање: лево-центар-десно (2013)**




Бидејќи немаме дополнителни податоци, тешко е да се толкуваат овие престројувања, но една од причините можеби е тенденцијата гласачите да се приклонуваат кон моменталната гарнитура на власт. Додека албанските и останатите малцински партии е потешко идеолошки да се сместат, во македонскиот блок, иако не секогаш конзистентно, особено во однос на економско-социјалните политики, левицата и десницата имаат свои стабилни репрезенти во СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, партии кои се и предводници на широките владини коалиции. Меѓу двете студии се случи трансфер на власта од десницата кон левицата.

Идеолошкото позиционирање е поврзано со некои елементи на економско-социјалниот статус на испитаниците. Така, со зголемувањето на семејниот приход, во согласност со литературата, младите се повеќе десно ориентирани, иако разликите се статистички значајни на 0,05 ниво, а корелацијата не е изразито силна ($r=0.094$). Исто така, во согласност со литературата, младите чиј татко има повисок степен на образование повеќе се приклонуваат кон левицата ($r=-0.108$; $p<0.05$) (образованието на мајката нема влијание).

Со оглед на тоа дека, со мали исклучоци, гласањето во Македонија се одвива долж етничките линии, ги презентираме наодите според етничка припадност. За левицата далеку најмногу се определиле младите од помалите етнички заедници, а по нив следуваат Македонците кај кои дистрибуцијата меѓу левицата, десницата и центарот е најрамномерна. Албанците во најголем дел се позиционираат во центарот, па потоа кон левицата и десницата. Ова е најдрастичната промена од 2013 година, кога дури 50 % од Албанците се позиционирале десно. Десницата сè уште има најголема поддршка меѓу Македонците. Кај сите три етнички категории има поместување кон центар/лево во однос на 2013 година, но тоа е поизразено кај помалите етнички заедници и кај Албанците.

Со следната серија прашања имавме можност да ја утврдиме подетално декларираната политичка ориентација преку испитување на идеолошката определба лево-десно на економско-социјалната димензија, како и на димензијата либерализам-конзервативизам преку анализа на ставовите за оправданоста на абортусот и хомосексуалноста.

Треба да се напомене дека, кога се работи за најголемите политички партии во Македонија и нивните лојални гласачи, освен етничката припадност, тие немаат јасна социјална, и особено класна втемеленост (Драговиќ, 2011). Истите споделуваат леви/социјалистички ставови на економско-социјалната димензија, додека разликите на либерално-конзервативната димензија се однесуваат, пред сé на односот кон кому-

СЛИКА БР. 70: **Идеолошки позиции** Скала 1 – 5 (1-потполно не се согласувам; 5-потполно се согласувам)




нистичкото минато (Христова, 2011). Наодите од оваа студија потврдуваат слични ставови и кај младите, но со некои важни исклучоци.

Младите изразуваат левичарски ставови, односно во голема мера се согласуваат дека државата треба да има поголема одговорност да нè обезбеди сите (дури M=4,41 на скалата од 1 до 5), дека приходите на богатите и сиромашните треба да бидат поизедначени (M=4,07) и дека треба да се зголеми државната сопственост на претпријатијата (M=3,93). Понатаму, младите не се согласуваат во голема мера со тврдењето дека конкуренцијата е штетна (M=2,85) и сметаат дека на долг рок напорната работа вообичаено носи подобар живот (M=3,87), што зборува дека се подготвени да преземат иницијатива и одговорност, без да се потпираат целосно на државната интервенција. Ова сугерира и дека очекувањата од државата не се должат на личната пасивност, туку станува збор за автентичен идеолошки став.

Биваријантната анализа покажа дека испитаниците од женски пол имаат малку полевичарски ставови од испитаниците од машки пол, како и младите од урбаните средини и помладите испитаници. Македонците се полевичарски ориентирани од Албанците, и помалите етнички заедници. Младите со средно образование споделуваат полевичарски вредности, додека образованието на таткото е исто така важно, и колку е тоа пониско, толку младите се полево ориентирани. Сепак, овие разлики се релативно мали, со оглед на општата дистрибуција. Интересно, приходот е една од ретките варијабли која не е од значење. Кога беше направена корелација меѓу позиционирање на скалата лево-центар-десно и согласноста со првите три тврдења (за кои α=0.65), се доби статистички значајна, но негативна корелација – оние кои се изјасниле како десничари во поголема мера изразуваат левичарски ставови на економско-социјалната скала.

Во прашалникот беа поставени и прашања за тоа колку младите го оправдуваат абортусот и хомосексуалноста, на скала од 1 до 10. Добиените средни вредности говорат за исклучително конзервативна средина бидејќи се сместени длабоко кон негативниот пол на скалата и изнесуваат M=3,69 за абортус и M=2,89 за хомосексуалност.

Интересно е дека се пронајдени статистички значајни разлики според полот на испитаниците само во случајот со хомосексуалноста, која слично со наодите од претходната студија (во која не беше поставено прашање за абортусот), за поправдана ја сметаат испитаниците од женски пол (M=3,29) наспроти испитаниците од машки пол (M=2,47). Понатаму, припадниците на помалите етнички заедници се полиберални и во однос на абортусот (M=4,72) и хомосексуалноста (M=3,44) од Македонците (M=3,92 за абортус и M=3,15 за хомосексуалност), и особено Албанците (M=2,53 за абортус и M=1,75 за хомосексуалност), кои се исклучително конзервативни по овие прашања.

Приходот на семејството е во позитивна корелација со позитивните ставови за абортусот, како и образованието на двата родители. Образованието на испитаниците е поврзано само со ставовите за хомусексуалноста, која најмалку ја оправдуваат оние со завршено средно образование, додека категориите испитаници со најниско и највисоко обрзование се поблиски во ставовите. Религиозноста на испитаниците исто така, очекувано, е негативна и високо во корелација со ставовите на димензијата либерализам-конзервативизам, во очекуваната насока.

Корелацијата на скоровите на оската од лево кон десно со одобрувањето на абортусот и хомосексуалноста е статистички значајна и покажува дека оние кои се позиционираат лево на скалата повеќе го прифаќаат абортусот (r=0.144; p<0,01) и хомосексуалноста (r=0.158; p<0,01), што зборува дека овде постои конзистентност на ставовите со идеолошкото самопозиционирање, и дека оваа димензија, за разлика од порано, има поголем потенцијал, а со оглед на политичкиот развој од последните 10 години во врска токму со овие прашања, и веќе служи за идеолошка профилација на партиите.

## ДЕМОКРАТСКИ И АВТОРИТАРНИ ВРЕДНОСТИ

Прифаќањето на демократските вредности од страна на широката популација се едни од најважните столбови на демократијата. Во споредбените студии демократските вредности и авторитаризмот се едни од најчесто истражуваните феномени, а биле предмет на истражување и кај нас. Наодите од доцните деведесетти години од минатиот век до денес укажуваат на значителна распространетост на авторитарните вредности, но и генерално прифаќање на демократијата (Симоска и др., 2001; Христова 2011, Симоска и др., 2010; Марковиќ и др. 2011; Маричиќ и Петковски 2014).

Во ова истражување демократските и авторитарни вредности ги испитуваме преку шест прашања. Уште неколку прашања се однесуваат на улогата на младите во политиката, како и гласањето како должност. Последното прашање го мери политичкото знаење на младите, но се базира на нивната самоперцепција.

Од добиените податоци може да се види дека, слично на истражувањата на генералната популација, младите изразуваат донекаде амбивалентни ставови. Додека 63,5 % се согласуваат дека „генерално, демократијата е добра форма на владеење“ и „политичката опозиција е здрава за демократијата“ (59,4 %), поголем процент од нив се согласуваат со тврдењата дека „треба да имаме лидер кој ќе ја води Македонија со цврста рака во интерес на јавното добро“ (71,3 %), како и дека „силна партија која ќе го претставува обичниот народ, генерално, е она што ни е потребно во Македонија во моментот“ (68,5 %), кои се типични показатели на авторитарност и, во поново време, популизам. Во случајот со лидерот, Македонија има значително повисок процент на согласност од просекот на крос-националната база (59,5 %). Дополнителните интервјуа сугерираат дека младите го прифаќаат ова тврдење најчесто поради незадоволството од состојбата во која се наоѓа земјата.

Само 12,5 % од младите сметаат дека некои конкфликти може да се решат со насилство. 70 % од младите сметаат дека гласањето е всушност граѓанска должност. Што се однесува до прашањата за младите и политиката, 61 % од младите сметаат дека политичарите не се грижат за нивните мислења, додека 73 % сметаат дека треба да имаат повеќе можности за да го кренат својот глас во политиката. Само 18 % од младите одговориле дека имаат големо знаење за политика.

И кај овие прашања разлики според пол има само кај претпоследното тврдење кое се однесува на грижата за политичарите за младите: M=1,63 кај испитаниците од женски пол, M=1,83 кај испитаниците од машки пол, на скалата 1–5, каде 1 е „потполно не се согласувам“, а 5 – „многу се согласувам“. Младите од руралните места помалку се согласуваат со тврдењето поврзано со диктатура (M=2,05) отколку младите од урбаните средини (M=2,20). Решавање на конфликти со насилство е исто така помалку прифатливо за младите од руралните (M=1,62) во споредба со урбаните средини (M=1,76). Средната возрасна група и најмладите повеќе оправдуваат диктатура во наведените околности; кај ставовите кај гласање – согласноста расте со возраста, додека во врска со важноста на опозицијата и решавањето на конфликти со насилство состојбата е обратна – повозрасните помалку се согласуваат со овие тврдења.

Според етничка припадност, Македонците најмногу се согласуваат со тврдењето дека демократијата е добра форма на владеење, најмалку оправдуваат диктаторски режим и употреба на насилство, но во поголема мера сметаат дека со државата треба да управува една силна партија, како и лидер со цврста рака. Помалите етнички заедници се блиску до Македонците на продемократските показатели и важноста на еден лидер и партија, но котираат највисоко на најнедемократските

СЛИКА БР. 71: **Демократски и авторитарни вредности**



СЛИКА БР. 72: **Ставови за демократски и авторитарни вредности според етницитет**




СЛИКА БР. 73: **Демократски и авторитарни вредности според степен на образование**




кои оправдуваат диктатура и насилство. Албанците се секогаш помеѓу во скоровите.

Разликите според степенот на образование се контрадикторни бидејќи младите со највисоко образование малку помалку се наклонети кон демократијата и повеќе ја прифаќаат диктатурата од најниско образованите, но истовремено и повеќе сметаат дека е потребна опозицијата, како и имаат повеќе политичко знаење. Сепак, треба да се има на ум дека некои од испитаниците сè уште се во процес на образование.

Повисокото образование на мајката е поврзано со значајноста на опозицијата во позитивна насока, но и со оправданоста на диктатура повторно во иста насока, и прифаќањето на демократијата во обратна насока. Образованието на таткото е значајно за сфаќањето на гласањето како должност и има обратнопропорционална врска, како и за оправданоста на диктатура под одредени околности, со што најмногу се согласуваат децата чиј татко има највисоко образование.

Семејниот приход на испитаниците е исто така важен, при што оние со повисок приход најмногу ја прифаќаат демократијата како облик на владеење ($p=0.237$; $P<0.01$) и најмалку ја оправдуваат диктатурата ($r=-0.122$; $p<0.01$), најмногу ја прифаќаат политичката опозиција ($r=0.072$ $p<0.05$) и помалку оправдуваат решавање на конфликтите со насилство $r=-0.151$; $p<0.01$, но истовремено повеќе се залагаат за силен лидер ($r=0.118$, $p<0.01$).

Кога се групирани тврдењата за авторитаризам/демократија скалата нема висока релијабилност.

СЛИКА БР. 74: **Групни права**




**Дали се согласувате со тврдењето дека треба да имаме лидер кој ќе ја води земјата со цврста рака во интерес на јавното добро? Објаснете.**

„Многу јасно е дека доколку се дозволи секој да прави што сака нема да биде успешно. Поради тоа, според мене, треба лидер што нема да ја води државата со диктатура, туку со разум и точно поставени работи кои се за севкупно добро." (Теон, 18 год.)

„Не. Сметам дека ни треба целосна трансформација на општеството, културата, вредностите..." (Ана, 23 год.)

„Треба да имаме, да. Ни треба лидер кој ќе се залага повеќе за народот, а не за тоа како да си се збогати самиот." (Тара, 23 год.)

„Апсолутно се согласувам. Јавното добро е добро за сите. Време е за промени во државата во сите области, а наедно и подобрување на животот на луѓето, бидејќи реално како држава можеме многу, а многу малку сме од тоа. Затоа е потребен лидер кој ќе не води напред." (Александра, 27 год.)

„Се согласувам со наведеното тврдење, бидејќи поради моменталната состојба во нашата земја има потреба од таков лидер. Лидер кој, за разлика од лидерската партија, опозицијата и политичката партија која го застапува најмногубројното малцинство, кои заедно не можат да постигнат компромис и да ја извадат Македонија од стагнирање, ќе може со цврста рака да разреши дел од проблемите со кои е соочена Македонија. Понатаму, кога би се стабилизирала состојбата во државата, мислам дека треба да се најде компромис за клучните прашања кои би ја пласирале истата на соодветната патека." (Бојан, 25 год.)

„Да. Меѓутоа, верувам дека е тешко да се дефинира јавното добро. Јавното добро е да се подобрат генералните услови за живот и да се покачи стандардот (....) сепак постојат различни „јавни добра" коишто тешко може да се генерализираат во очите на целиот народ." (Дритан, 17 год.)

## ГРУПНИ ПРАВА

Податоците за ставовите на младите кон правата на одредени групи во општеството ги потврдија наодите од претходните студии дека младите не се доволно толерантни. Ова особено се однесува на ЛГБТ-лицата, на жените, и на етничките малцинства. За овие три категории, процентот на одговори дека имаат доволно/премногу права е најголем, а всушност, објективните податоци покажуваат дека токму тие се меѓу позагрозените категории граѓани во Македонија, кои се соочуваат и со дискриминација (особено ЛГБТ-лицата). Младите поттикнуваат поголеми права за лицата со посебни потреби и сиромашните, по што следува согласноста за повеќе права за младите луѓе и децата.

СЛИКА БР. 75: **Права на жените немаат доволно права (%)**




Групирањето според социо-демографските карактеристики покажа дека има разлики во однос на ставовите за тоа дали наведените категории граѓани имаат доволно права. Некои од поинтересните наоди се поврзани со перцепцијата на претставниците на самите групи кои потенцијално се позагрозени. Во овој случај, расположливите податоци овозможуваат да го провериме ова тврдење за жените и етничките малцинства. Така, во согласност со очекувањата, испитани-

ците од женски пол во поголем процент сметаат дека немаат доволно права (48,1 %) во споредба со испитаниците од машки пол, од кои 27,9 % одговориле дека жените немаат доволно права. Во однос на етничката припадност, Македонците почесто сметаат дека жените немаат доволно права (40,3 %) во споредба со Албанците (35,8 %) и помалите етнички заедници (28,9 %).

СЛИКА БР. 76: **Права на ЛБГТ лицата немаат доволно права (%)**




Што се однесува до правата на ЛГБТИ-лицата, повторно испитаниците од женски пол (39,6 % сметаат дека овие лица немааат доволно права) и Македонците (36,2 %), односно имаат полиберални ставови кон ова прашање во споредба со испитаниците од машки пол (28,4 %), Албанците (27,7 %) и останатите етнички заедници (28,1 %).

Кога станува збор за правата на малцинствата, Албанците, како претставници на најголемото малцинство во Македонија, во голем процент (52,9 %) сметаат дека малцинствата немаат доволно права, по што следуваат помалите етнички заедници (35,2 %) и Македонците (29,5 %).

СЛИКА БР. 77: **Права на малцинствата** немаат доволно права (%)




## Ф-СКАЛА И СКАЛА ЗА НАЦИОНАЛИЗАМ

Во прашалникот беше зададена модифицираната 4-ајтемска Ф-скала (Lane, 1955), како и ајтеми од скалата за (нов) национализам (Columbus, 2006). Ајтемите од скалата за фашизам (наведените и прашањето за силен лидер од делот за авторитарни вредности) се од генерална/психолошка природа, додека другите прашања се поврзани со националниот контекст и значењето да се биде Македонец.

Генералната анализа на овие податоци укажува дека младите имаат високи и загрижувачки ведности на ајтемите на скалата на фашизам (Слика 81). Две од нив наклонуваат кон четвртиот степен од 5-степената скала, каде 1 е „потполно не се согласувам", а 5- „потполно се согласувам" со наведените тврдења. Просечниот скор на младите од сите земји вклучени во истражувањето на овие ајтеми е помал од македонскиот во случајот со тврдењето за волја за напредок (M=3.60) и тврдењето поврзано со навреда на честа (M=3,46), но поголем кога станува збор за потребата од строга дисциплина за младите (M=3,39).

СЛИКА БР. 78: **Селектирани ајтеми на Ф-скала**



СЛИКА БР. 79: **Селектирани ајтеми на скала на национализам**




Кога станува збор за национализмот, средните вредности се под неутралните вредности на скалата, освен тврдењето дека не-Македонците треба да ги усвојат обичаите и вредностите на Македонците (M=3,08). Но, овие податоци донекаде се искривени поради значењето на етничките идентитети кои сè уште не му отстапиле значајно место на идентитетот кој се поврзува со државјанството. Ова го проверуваме подолу, бидејќи во вакви услови тврдењата за национализам се однесуваат првенствено на Македонците како етничка група.

Помногубројни се разликите во скоровите на скалата на национализам (M=8,06; min=3, max=15) во споредба со скалата на фашизам (M=15,03; min=4, max=20) кога испитаниците се групирани според нивните карактеристики. Повторно не се пронајдени разлики меѓу половите во однос на скоровите на двете скали. Нема разлики и според тоа дали младите живет во урбани или рурални средини. Највисока сумарна вредност на Ф-скалата имаат Македонците (M=15,31), па помалите етнички заедници (14,94) и Албанците (M=14,23), иако разликите не се големи. Во согласност со очекувањата, Македонците покажуваат највисок национализам (M=9,3), а по нив следуваат помалите етнички заедници (M=6,83) и Албанците (M=5,89).

Возраста на испитаниците е од значење за национализмот, и тоа највисок скор има возрасната група 20–24 години (M=8,8), па младите од 14–19 години (M=8,62), додека највозрасните испитаници (25–29 години) имаат најнизок скор (M=7,67).

Младите со повисоко образование имаат помал скор на скалата на национализам. Национализмот расте со повисокото образование на мајката. Приходот на семејството на испитаниците има значење за добиените скорови и на двете скали, односно младите со повисок приход имаат повисоки скорови и на двете скали (Ф-Скала r=0.094; P<0.01; Н-скала: r=0.105; p<0.01).

Идентификацијата со левицата, десницата или центарот, и религиозноста на испитаниците, исто така има значење за вредностите на двете скали. Припадниците на десницата имаат повисоки вредности на Ф-скалата, како и порелигиозните, додека припадниците на левицата изразуваат поголем национализам. Порелигиозните имаат помала вредност на скалата на национализам (ова се веројатно етничките Албанци кои се најрелигиозна категорија).

СЛИКА БР. 80: **Скорови на Ф и Н- скала според идеолошки определби**




Сепак, треба да се нагласи дека Ф-скалата има ниска релијабилност (α=0.49) што ја доведува во прашање нејзината употребливост во посложени обработки. Скалата за национализам има висока релијабилност (α=0.81), но исто така е проблематична за употреба поради горенаведените причини.

## ПОЛИТИЧКА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО НЕФОРМАЛНИ АКТИВНОСТИ

Како што напоменавме, учеството во други политички или општествени активности кои не се поврзани (само) со гласањето е нешто што му дава важен квалитет на партиципативниот потенцијал на граѓаните, особено младите (Van Deth, 2014, Morales, 2009). Следниот блок прашања го анализира партиципативниот потенцијал на младите во Македонија.

Слично како и претходни наоди (Цекиќ, 2014), околу 40 % од младите имаат позитивен став кон политичката партиципација кога станува збор за потпишување петиции, учество на протести и учество во активности на волонтерски или граѓански организации. Поголемиот дел од младите кои имаат позитивни ставови, тоа веќе го направиле. Дополнителни 30 % од младите учествувале или би учествувале во политички активности онлајн или на социјалните мрежи. 24,7 % би

СЛИКА БР. 81: **Учество во политички активности/политичко ангажирање**




СЛИКА БР. 82: **Политичка партиципација** (Според приходот на семејството)




престанале да купуваат одредени производи поради политички или еколошки причини. Иако помал процент, 26 % од нив би учествувале и во активности на политичка партија или група.

Бидејќи активноста во политичка партија е поинаков тип на активност околу пошироката политичка партиципација, сите прашања (освен ова) беа групирани во една варијабла која ја нарековме „Политичка партиципација" (M=7,39; min=5, max=15). Скалата има висока релијабилност (α=0.86).

Испитаниците од машки пол имаат повисоки скорови на оваа скала (M=7,84) од испитаниците од женски пол (M=6,91), односно повеќе учествуваат во сите наведени активности, и нема разлики во однос на типовите активности во кои се инволвирани, како што сугерира голем дел од литературата (Portney *et al.*, 2009). Политичката партиципација расте со возраста на испитаниците ($r=0.12$; $p<0.01$). Понатаму, Македонците имаат најниска вредност (M=7,03), по нив следуваат Албанците (M=8,24), па помалите етнички заедници (M=8,53).

Степенот на образование е исто така значаен, при што може да се каже дека повисоките степени на образование ја поттикнуваат политичката партиципација на младите. Додека образованието на родителите не е поврзано, приходот на семејството има значење. Спротивно на очекувањата на кои сугерира литературата, политичката партиципација е најизразена кај втората група по висина на доход (од вкупно 5), по што следуваат третата и четвртата група испитаници по висина на приход во семејството.

На оваа варијабла извршивме мултиваријантна регресиона анализа во која, освен демографските варијабли вклучивме уште неколку други идентификувани како важни во литературата: скоровите на економско-социјалната и либерално-конзервативната димензија, интересот за политика, како и религиозноста. Поради ниската релијабилност, не ги користиме скоровите на скалите за авторитаризам и Ф-скалата (како и Н-скалата од наведените причини), кои исто така се важни во овој тип анализа. Кога се вклучени само демографските варијабли, објаснувачката моќ на моделот е мала (тие резултати не ги презентираме), што зборува за оправданоста од вклучување на дополнителни варијабли потенцијално важни за политичката партиципација.

ТАБЕЛА БР.8: **Регресиона анализа за политичка партиципација**

| Политичка партиципација | |
|---|---|
| Пол | 0.418* (0.206) |
| Возраст | 0.041 (0.032) |
| Рурално-урбано | 0.020 (0.223) |
| Приход | –0.405** (0.124) |
| Образование | 0.112 (0.116) |
| Образование на мајката | 0.50 (0.127) |
| Образование на таткото | –0.097 (0.122) |
| Албанци | 1.182** (0.311) |
| Други | 1.415** (0.417) |
| Интерес за политика | 1.130** (0.080) |
| Скор на економско-социјалната димензија | –0.136** (0.040) |
| Скор на либерално-конзервативната димензија | 0.140** (0.022) |
| Религиозност | –0.065 (0.074) |

| | |
|---|---|
| Опсервации | 562 |
| $R^2$ | 0.412 |
| Коригиран R | 0.398 |
| F статистик | 29.557 |
| Забелешка: Табелата ги прикажува регресионите коефициенти и стандардната грешка во заграда. Македонците се референтна категорија | |

Резултатите од моделот презентиран во Табела 12[25] укажуваат дека полот и приходот се од значење за политичката партиципација, во иста насока како и при биваријантната анализа, како и етничката припадност, чија статистичка значајност е поголема. Образованието и возраста го изгубиле своето значење, што покажува дека генерално, иако значајни на биваријантно ниво, нивната предикторна моќ е слаба. Особено е интересен наодот за влијанието на семејниот приход, според кој младите од семејства со понизок приход имаат повисоки скорови на скалата за политичка партиципација. Ова укажува дека младите од средини со низок социјален статус и опкружување кое негативно влијае врз нивните можности, што е чест случај со оглед на состојбите во земјата, се поподготвени да се мобилизираат за да дејствуваат во насока на промена. Слично како и во многубројни студии, интересот за политика е силен предиктор за политичка партиципација на младите, а скорот на либерално-конзервативната димензија има статистичко значење во позитивна насока. Скорот на економско-социјалната димензија е статистички значаен, но во обратна насока.

## ОД ЛОКАЛЕН ДО ГЛОБАЛЕН ИДЕНТИТЕТ

Следното прашање го мери идентитификувањето на младите од локален до глобален идентитет, при што 1 е воопшто не се гледам како (соодветен идентитет), а 5 – потполно се гледам како (соодветен идентитет). Тие изразуваат висока поврзаност со овие идентитети, при што најголема е приврзаноста кон идентитетите од најнепосредното опкружување –локален (M=4,43) и регионален идентитет (M=4,35). Спротивно со претходните наоди (Јанев, 2016), идентификацијата со националната држава (M=4,12) и светот е многу блиска (M=4,07). Изненадувачки, најмало е идентификувањето со Европа (M=3,49).

СЛИКА БР. 83: **Идентификација од локален до глобален идентитет**




Македонците изразуваат највисок степен на приврзаност кон сите понудени идентитети, додека Албанците, пред сè, се идентификуваат со својот локален/регионален идентитет. Тие најмалку се чувствуваат и Македонци во национална смисла, многу помалку од припадниците на помалите етнички заедници. Исто така, помалку се чувствуваат и како Европејци.

СЛИКА БР. 84: **Колку себеси се гледате како**




Со зголемувањето на возраста, се зголемува и националната идентификација, додека со Европа најмалку се идентификува средната возрасна група, а најмногу последната возрасна група. Местото на живеење е од значење за идентификација со светот, со регионот и со родниот град/село. Идентификацијата е посилна кај младите од урбаните средини за сите три категории, но разликите се најголеми кога станува збор за идентификацијата со светот. Разликите меѓу половите и степенот на образование не се статистички значајни. Приходот е од значење за сите идентитети, при што врската е секаде мошне силна и позитивна.

## СТАВОВИ ЗА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА

Речиси две третини од испитаниците сметаат дека интересите на Македонија не се доволно истакнати во глобалната политика. 40 % од испитаниците сметаат дека меѓународната важност на Македонија ќе расте во следните неколку години. 60 % од испитаниците изразиле гордост од својот национален идентитет. Мал број млади сметаат дека државата треба да прифати повеќе бегалци (14,9 %) или доселеници/мигранти (12,2 %).

Испитаниците од машки пол искажуваат поголема национална гордост од испитаниците од женски пол, но разликите се многу мали. Младите од урбаните средини изразиле повисока национална гордост од младите од руралните средини, и повеќе оправдуваат прифаќање и на бегалци и на миграти. Помладите испитаници, исто така, повеќе оправдуваат прием на бегалци и мигранти. Семејниот приход е позитивно и силно поврзан со националната гордост, а негативно и малку послабо со подготвеноста да се примат бегалци и мигранти.

Македонците и останатите повеќе се согласуваат со тврдењето дека националните интереси не се доволно истакнати, и Македонците се најскептични дека важноста на нивната земја ќе расте. Очекувано, тие изразиле највисока национална гордост, а Албанците најмала. Македонците значително помалку оправдуваат прием на бегалци и мигранти.

СЛИКА БР. 85: **Ставови за надворешна политика**



СЛИКА БР. 86: **Цели на владата (проблеми кои треба да се решат)**




## ПРОБЛЕМИ ВО ЗЕМЈАТА И ОЧЕКУВАЊА

Во однос на проблемите кои треба да се решат, младите не прават голема разлика, односно сметаат дека сите наведени цели/проблеми треба да се решат. Добиените вредности на скала од 1 до 5, каде 1- воопшто не, а 5- многу, се повисоки од 4, па може да се заклучи дека младите го перцепираат своето опкружување оптоварено од различни видови проблеми. Ова ги прави излишни споредбите меѓу категориите испитаници.

Во врска со очекувањата за развојот на економската состојба во следните 10 години, на скалата од 1 до 5, младите изразиле умерен оптимизам, односно средната вредност е 2,99. Во проценти, 34 % од младите се определиле за позитивните вредности на скалата, додека 33,5 % го одбрале неутралниот степен.

Македонците се најмалку оптимисти (M=2,78), додека Албанците (M=3,33) и помалите етнички заедници (M=3,59) имаат поголем оптимизам, кој е на позитивниот пол од скалата.

СЛИКА БР. 87: **Очекувања за економската ситуација** (1–5)




Помладите испитаници се поголеми оптимисти од повозрасните. Приходот на семејството исто така има значење, но најголем оптимизам изразиле припадниците на третата категорија од вкупно пет (M=3,21).

Во ова истражување на младите им беше понудено да ја оценат состојбата со осум вредности во Македонија и во Европската Унија, со оценки од 1 до 5. Анализата покажува дека: 1) сите вредности се подобро оценети во ЕУ отколку во Македонија; 2) ниту една од вредностите во Македонија не е позитивно оценета (средната вредност е под неутралниот степен на скала од 1 до 5); 3) најдрастични се разликите во оценките кои се однесуваат на економската благосостојба и вработувањето, по што следуваат рамноправноста, владеењето на правото и човековите права. Безбедноста и индивидуалната слобода имаат најмали разлики.

Потоа на младите им беше понудено да ги рангираат овие вредности. При рангирањето тие се определуваат за генералните политички вредности како демократија и човекови права, но и вредностите поврзано со економската благосотојба. Безбедноста и слободата, како своевидни екстреми се помалку избрани, а за нив можеше да се види и дека дискрепанцата меѓу состојбата во ЕУ и Македонија е перцепирана како помала.

СЛИКА БР. 88: **Состојба со избрани вредности во Р. Македонија и Европската Унија** (оценки од 1 до 5)




ТАБЕЛА БР. 9: **Ранг на вредности**

| | Прв ранг | Втор ранг | Трет ранг |
|---|---|---|---|
| Демократија | 20.9 % | | |
| Владеење на правото | | 15.8 % | |
| Човекови права | 23.2 % | 19.1 % | 17.5 % |
| Економска благосостојба на граѓаните | 18.2 % | 15 % | 17.8 % |
| Вработување | | 18 % | 18.3 % |
| Рамноправност | | | |
| Безбедност | | | |
| Индивидуална слобода | | | |

На крај, 81 % од младите поддржуваат членство во Европската Унија, што е висок процент и над просекот на генералната популација. Очекувано, поддршката за членство е помала помеѓу етничките Македонци (77 %), а поголема кај Албанците (94,4 %), но најмала е, изненадувачки, помеѓу припадниците на помалите етнички заедници (74,6 %).

## ЗАКЛУЧОЦИ

— Интересот за политика меѓу младите и разговарањето за политички теми е опаднат, односно двојно е помал во споредба со претходната студија.
— Само 20,9 % од младите сметаат дека нивните интереси се добро или многу добро претставени во националната политика. И покрај ова, 84 % од младите одговориле дека би гласале на избори, што е највисок процент од сите земји опфатени со студијата.
— 61 % од младите сметаат дека политичарите не се грижат за нивните мислења, додека 73 % сметаат дека треба да имаат повеќе можности за да го кренат својот глас во политиката.
— Довербата во институциите е мала. Младите најмногу им веруваат на Армијата и на религиските институции, но за прв пат и на волонтерските движења. Најмала е довербата во домашните политички институции и политичките партии.
— На скалата од 1 до 5, задоволството на младите од состојбата на демократијата во Македонија изнесува 2,54.
— На скалата од 1 до 10, од екстремно лево до екстремно десно, средната вредност на испитаниците кои се изјасниле е околу самиот центар и изнесува M=5,16.
— Младите изразуваат левичарски ставови, односно во голема мера прифаќаат поголема улога на државата во економијата. Во однос на ставовите на либерално-конзервативната димензија, испитана преку прашања за оправданоста на абортусот и хомосексуалноста, младите се исклучително конзервативни, односно имаат десна ориентација.
— 71,3 % од младите сметаат дека „треба да имаме лидер што ќе ја води Македонија со цврста рака во интерес на јавното добро", како и дека „силна партија која ќе го претставува обичниот народ, генерално, е она што ни е потребно во Македонија во моментот" (68,5 %), кои се типични показатели за авторитарност и, во пононо време, за приемчивост на популизмот. Младите имаат високи и загрижувачки скорови на скалите кои го мерат фашизмот и национализмот.
— Околу 40 % од младите имаат позитивен став кон неформалната политичката партиципација Поголемиот дел од младите кои имаат позитивни ставови веќе учествувале во разни облици на партиципација.
— Речиси две третини од испитаниците сметаат дека интересите на Македонија не се доволно истакнати во глобалната политика, додека 60 % изразиле гордост од својот национален идентитет. Мал број од младите сметаат дека државата треба да прифати повеќе бегалци (14,9 %) или доселеници/мигранти (12,2 %).
— Младите сметаат дека нивното општество е обременето со многубројни проблеми и изразуваат умерен оптимизам кога станува збор за очекувањата за развојот на економската состојба во следните 10 години.
— Анализата на перцепциите за состојбата со осум понудени вредности во Македонија и во Европската Унија покажува дека состојбата со сите вредности е подобро оценета во ЕУ отколку во Македонија;
— 81 % од младите поддржуваат членство во Европската Унија.

## ПРЕПОРАКИ

— Потребно е дополнително образование на младите за карактеристиките на демократските политички системи и улогата на граѓаните во нив, односно можностите за политичка партиципација и непосредно влијание врз одлуките кои ги засегаат.
— Потребно е дополнително образование за карактеристиките на политичките институции, поделбата на власта и улогата на избраните претставници, со акцент дека нивната работа треба да ја карактеризира транспаретност и отчетност кон граѓаните.
— Потребно е дополнително образование за различните идеологии и нивните одговори за решавање на општествените проблеми, со цел младите да можат да донесат информиран став, успешно идеолошки да се позиционираат и поефикасно да го користат правото на глас.
— Потребна е дополнителна едукација за различните категории граѓани и нивните потреби, со цел да се постигне поголема сензитивност и успешно заштитување на маргинализираните заедници.
— Потребно е да се вклучат младите во процесите на донесување одлуки, особено на локално ниво и за теми кои се од нивни интерес, преку зајакнување на постоечките институционални можности за партиципација на младите во политиката, особено преку употреба на современите медиуми и информатичко-технолошките алатки.
— Владата треба да ги поддржи активностите помеѓу институционалните платформи, со цел да ги информира младите луѓе, како и да ги мотивира да се ангажираат.
— Потребно е политичките партии да направат посериозни напори за надминување на проблемите поврзани со владеењето на правото, корупцијата и

другиидентификувани слабости на демократскиот систем, со цел да се создаде нова, поинаква политичка култура која ќе се заснова на дијалог. Само така може да се намали дискриминацијата по партиска основа и да се врати довербата кај младите во институциите и политичките партии.

— Се препорачува владините институции како и синдикатите, да понудат платформи за подобрување на знаењето на младите луѓе во однос на правата на работниците, пазарот на трудот и улогата на синдикатите, како и да ги зголемат можностите за партиципација.

— Потребно е зајакнување на партиските подмладоци во рамките на партиите и зајакнување на демократските принципи на дејствување и носење одлуки во самите партии.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Агенција за вработување на Република Македонија (2017) *"Анализа на потреби од вештини на пазарот на труд во Република Македонија 2016–2017"*, *http://www.avrm.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/APV%202016-2017%20izvestaj-sumirani%20rezultati.pdf* (13.03.2018)

Активно население во Република Македонија , резултати од анкета на работна сила, 2017, http://www.stat.gov.mk/pdf/2017/2.1.17.35.pdf (12.02.2018)

*Акциски план за вработување на младите во 2015;* http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/policy/wcms_195196.pdf *(*12.03.2018)

Анкета за инфлациски очекувања и очекувања за движењето на реалниот БДП, http://www.nbrm.mk/content/MPI%20publikacii/Anketa_Oktomvri_2017_infl

aciskite_ocekuvanja_i_dvizenjeto_na_realniot_BDP.pdf *(*12.03.2018)

Атанасовска-Новески Викторија и Трпески Предраг (2016) *"Неусогласеност на (не)вработеноста на пазарот на труд од аспект на знаења и вештини"*, Фридрих Еберт Фондација, Скопје

Bovan Kosta, Širinić Daniela (2016) "(Ne)demokratski stavovi maturanata u Hrvatskoj- prisutnost i odrednice", In Kovačić, Marko i Horvat, Martina (ur.) *Od podanika do građana: razvoj građanske kompetencije mladih,* Zagreb: Institut za društvena istraživanja u Zagrebu i GONG. 73–90.

Борота Поповска, М. (ед.) (2017) *„Симпозиум за унапредување на студентското практиканство како линк меѓу образование и наука„* ИСППИ,Скопје

Bowen, G. L., Richman, J. M., Bowen, N. K., Price, S., McKenry, P., & Murphy, M. J. (2000). Families across time: A life course perspective.

Божиновска, М., Јакасановски, О., Мирчевска, М. (2015). *Мобилност на студенти и академски кадар од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".* Младински Образован Форум, Скопје

БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД – GROSS DOMESTIC PRODUCT СООПШТЕНИЕ – NEWS RELEASE, Република македонија , Државен завод за статистика, 29.09.2017 Година/Year LV Број/No: 3.1.17.05.

Dolenjec, Daniela (2013) *Democratic institutions and authoritarian rule in Southeast Europe.* ECPR Press.

Драговиќ, Аница (2011): „Социјалната втемеленост на политичките партии во Р. Македонија", во Христова, Лидија (ур.) *Политичките идентитети во Р.* Македонија, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 157-18.

Elder Jr, G. H. (1985). Life course dynamics: trajectories and transitions 1968–1980.

European Commission, Directorate-General for Economic and Financial Affairs, The pre-accession economies in the global crisis: from exogenous to endogenous growth?, Occasional Paper 62, Brussels, 2010, http://www.finance.gov.mk/mk/node/6417, (09.02.2018)

Европска Комисија (2012) Извештај за напредокот на Република Македонија 2012, Брисел, 10.10. 2012 СЕЦ 332

Flash Eurobarometer 375 (2013) European Youth: Participation in democratic life. Report.

Hagestad, G. O., & Neugarten, B. L. (1985). *Handbook of Aging and the Social Sciences.*

Hargrove, B. (1989), The Sociology of Religion: Classical and Contemporary Approaches", Harlan Davidson, 2 Sub edition.

Henn, Matt and Foar, Nick (2012) Young people, political participation and trust in Britain. *Parliamentary affairs* Vol. 65 (1), 47–67.

Howard, M. (2002), 'Post-communist Civil Society in Comparative Perspective'. *Democtatyzacia: The Journal of Post-Soviet Democratisation* 10 (3): 284–305

Христова, Лидија (2011): „Вредносните и политичките ориентации на граѓаните во Р. Македонија", во Христова, Лидија (ур.) *Политичките идентитети во Р. Македонија*, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 187–206.

Јакимовски, Ј., Серафимовска, Е., Марковиќ, М., Топузовска Латковиќ, М., Цекиќ, А., Забијакин Чатлеска, В., Бабунски, К. (2014): *Младински трендовиво Република Македонија;* https://www.docdroid.net/qsrt/finalen-izveshtaj-agentsija-za-mladi-i-sport.pdf (15.03.2018)

Јанеска Верица и Лозаноска Александра (ед.) (2018): *"Особености на активното и неактивното помладо население во Република Македонија"*, Економски институт , Скопје.

Јанев, Горан (2016): „Локалци или граѓани на светот", во Цветанова, Ганка (ур.) *Идентитетите на студентската популација во Р. Македонија,* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 39–48.

Јовевска Анета (2010): „Граѓаните меѓу социјализмот и капитализмот", во Инџевска Славица и Симоска, Емилија (ур.) Политичката култура и идентитетите, Скопје: ФОСИМ и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 7–15.

Kirbiš, Andrej and Flere, Sergej (2010) "Participation", In Lavrič, Milan (ed.), *YOUTH 2010 The social profile of young people in Slovenia,* Ljubljana: Ministry of Education and Sports, Office of the Republic of Slovenia for Youth and Aristej Publishing House. 187–228.

Lauby, J., & Stark, O. (1988). Individual migration as a family strategy: Young women in the Philippines. *Population studies*, *42*(3), 473–486.

Lloyd, J. (2007) *The Truth About Gen Y.* Marketing Magazine.

Macleod, Alison.(2008) *Generation Y: Unlocking the talent of young managers*,

London: Chartered Management Institute.

Марковиќ Ненад, Поповиќ Миша (2011): *Политичката култура во Македонија, извештај за националното теренско оситражување*, Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Маричиќ, Бојан и Петковски, Љупчо (2014): *Политичката култура, европеизацијата и ставовите во Македонија, извештај од анкетното истражување „Еврометар" за 2014 год.,* Скопје: Македонски центар за европско образование.

Марковска- Спасеновска, Елизабета и Нашоковска, Марија (2010): *Анализа на младинските трендови во Македонија: Младински потреби и младинско организирање во Р. Македонија*, Прилеп: Коалиција на младински организации СЕГА

Марковска Спасеноска, Е., Нашоковска, М. (2010) *Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија.* Скопје: Коалиција на младинскиорганизации СЕГА; http://www.progres.org.mk/progress-project/documents/5593aaabeff95_Analiza%20na%20mladinskite%20potrebi% 20i%20mladinskoto%20organiziranje%20vo%20Makedonija_%20SEGA%20(20 10).pdf (20.03.2018)

Mason, G., Williams, G. & Cranmer, S., (2009). *Employability Skills Initiatives in Higher Education: What Effects Do They Have On Graduate Labour Market Outcomes?.*Education Economics, 17(1).

Massey, D. S., Arango, J., Hugo, G., Kouaouci, A., Pellegrino, A., & Taylor, J. E. (1993). Theories of international migration: A review and appraisal. *Population and development review*, 431–466.

Матилов, Н. (2005). *Општествената положба на современото семејство во Република Македонија* во Лазаревски (2005) „Годишник", Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.

Меѓународнаорганизација на труд и Влада на РМ: *"Национална програма за пристојна работа 2015–2018"* http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/nacionalna_programa_pristojna_rabota. pdf

Министерство за труд и социјална политика (2015) *„Акциски план за вработување млади лица 2016–2020 година"* (*12.03.2018)* www.mtsp.gov.mk

Министерство за труд и социјална политика *"Национална стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост 2010–2020"*

Министерство за труд и социјална политика, (2011), "Национална стратегија за вработување во Република Македонија *2015"* (25.02.2018) http://arhiva.vlada.mk/registar/?q=node/448

Министерство за труд и социјална политика, (2015), "Национална стратегија за вработување во Република Македонија 2016–2020"; http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Nacionalna%20Strategija%20za%20Vrabotuvane%20na%20Republika%20Makedonija%20za%20Vlada%2016102015.pdf (04.03.2018)

Morales, Laura (2009) *Joining political organizations: institutions, mobilization and participation in Western democracies.* ECPR Press.

Национален Младински Совет (2016) *„Истражување и анализа на работните вештини на младите во Република Македонија"* НМС, Скопје

Национален Младински Совет на Македонија. *Анализа на потребите на младите*; http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/01/analiza-za-potrebite-na-mladite.pdf (16.03.2018)

"Национална стратегија за вработување на Република Македонија за 2015 " (12.03.2018) http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nsvrab.pdf

„Национална стратегија за млади 2016–2020" (14.03.2018) http://www.sega.org.mk/web/images/NSM/2016/nsm%202016%20-%20 2025.pdf

Norris, Pippa (2003) Young People and Political Activism: From the Politics of Loyalties to the Politics of Choice? Report for the Council of Europe Symposium: „Young people and democratic institutions: from disillusionment to participation." Strasbourg, 27–28th November 2003.

Novak, Meta and Hafner-Fink, Mitja (2015): "Social participation, political participation and protests on the territory of former Yugoslavia: comparative view based on social survey data", in Fink-Hafner, Danica (ed.) *The development of civil society in the countries on the territory of the former Yugoslavia since the 1980s.* Ljubljana: Faculty of social sciences, 23–40.

Oetting, E. R., & Beauvais, F. (1987). Peer cluster theory, socialization characteristics, and adolescent drug use: A path analysis. *Journal of counseling psychology*, *34*(2), 205.

Portney, Kent E., Eichenberg, Richard C. and Niemi, Richard G.(2009) *Gender differences in political and civic engagement among young people,* Paper prepared for presentation at the annual meeting of the American Political Science Association, Toronto, Canada, September 3–6, 2009.

Проекции на Обединетите нации за населението за Македонија, http://www.un.org/esa/population/

"ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2017–2020" (15.03.2018) http://vlada.mk/programa

Punch, S. (2007). Negotiating migrant identities: Young people in Bolivia and Argentina. *Children's geographies*, *5*(1–2), 95–112.

PwC (2010). *Millennials at work: Reshaping the workplace*

Robinson, C., Mandleco, B., Olsen, S.F. and Hart, C.H. (1995) Authoritative, Authoritarian, and Permissive Parenting Practices: Development of a New Measure. Psychological Reports, 77, 819–830. https://doi.org/10.2466/pr0.1995.77.3.819

Schwarts, S. (2011). Studying Values: Personal Adventure, Future Directions. Journal of Cross-Cultural Psychology, 42(3), 307-19).

Schwartz, S. H. (2012). An Overview of the Schwartz Theory of Basic Values.Online Readings in Psychology and Culture,2(1).https://doi.org/10.9707/2307-0919.1116

Stark, O., & Bloom, D. E. (1985). The new economics of labor migration. *The American Economic review*, *75*(2), 173–178.

Серафимовска, Е. (2006). Влијанието на социјалната криза брз авторитарност и социјалната доминација. Годишник на ИСППИ, Скопје

Sidanius, J., Pratto, F, & Mitchell, M. (1994). In-group identification, social dominance orientation, and differential intergroup social allocation. *Journal of Social Psychology,* 134, 151–167.

Симоска, Емилија (2001): „Елементи на авторитарната свест кај граѓаните", во Симоска, Емилија, Габер Наташа и Бабунски Климе (2001): *Политичката култура на граѓаните во Р. Македонија,* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 11–28.

Симоска, Емилија (2010): „Индикатори на авторитарната свест", во Инџевска Славица и Симоска, Емилија (ур.) *Политичката култура и идентитетите*, Скопје: ФОСИМ и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 19–36.

State statistical office of the Republic of Macedonia (2017): Migrations, 2016. Skopje.

Sissenich, Beathe, (2010), 'Weak States, Weak Societies: Europe's East-West Gap'. *Acta Politica* 45 (1/2): 11–40.

State Statistical Office(2015): *Time use survey.* Skopje, http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=58 (16.03.2018)

*"Стратешки план на Министерство за труд и социјална политика 2015–2017"*(14.03.2018) http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/03461/mk/MTSP_2014Strate ski-plan-na-MTSP.pdf

Sra Elder, Novkovska Blagica, Violeta Krsteva (2013)*"Labour market transitions of young women and men in the FIROM"* ILO

Sue, D. W. (2003). Overcoming our racism: The journey to liberation. San Francisco: Jossey-Bass.

Taylor, P. & Keeter, S.(2010) *MILLENNIALS: A Portrait of Generation next.* Washington: Pew Research Center.

Taleski, D., Damjanovski, I., Markovik, N., Božinovski, V. (2006): *Youth Aspiration Survey in Republic of Macedonia.* Skopje: Friedrich Ebert Stiftung – Office Skopje.

Taleski Dane, Reimbold, Haley, and Hurrelmann Klaus (2015) *Building democracies in South East Europe: Youth as an Unwilling Agent.* In Hurrelmann Klaus, and Weichert Michael, (eds.) *Lost in Democratic Transition? Political challenges and perspectives for young people in South East Europe. Results of representative studies in eight countries.* Friedrich Ebert Stiftung office, Sarajevo.

Tienda, M., Taylor, L., & Moghan, J. (2007, August). New frontiers, uncertain futures: Migrant youth and children of migrants in a globalised world. In *Background Paper for Zurich Migration Workshop* (Vol. 17).

Todaro, M. P. (1969). A model of labor migration and urban unemployment in less developed countries. *The American economic review*, *59*(1), 138–148.

Томовски Стеван (2017) *"Погледите на младите од Македонија за вработувањето во државата"*,БСЦ ЕСТЕК Скопје;

Талески Дане, Дамјановски Иван, Марковиќ Ненад и Божиновски Владимир (2006): *Истражување за очекувањата на младите во Република Македонија.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт

Topuzovska Latkovic, M., Borota Popovska, M., Serafimovska, E., & Cekic, A. (2013): *Youth study Macedonia.* Skopje: Friedrich Ebert Stiftung, office in Macedonia.

Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Старова, Н. (2016): *Невработеноста на младите луѓе во Република Македонија.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт – канцеларија Скопје.

Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Цацановска, Р., Јаќимовски, Ј., Сасајковски, С., Симоска, Е., Забијакин Чатлеска, В. (2016): *Студија за младите луѓе во Република Македонија.* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Tozija, F., Gjorgjev, D., Kjosevska, E., Kendrovski, V., Kasapinov, B. (2008): *Global School-Based Student Health Survey Results Macedonia.* Skopje: Republic Institute forHealth Protection http://www.who.int/ncds/surveillance/gshs/Macedonia_GSHS_2007_Report_English.pdf (15.03.2018)

Тренески Борче, Гарванлиева Тренеска Весна, Димоска Габриела (2016) *"Анализа и преглед на политиките за социјално вклучување на младите"* CEA, Федерација на фармери, Скопје.

Ummuhan, B., Rubal Maseda, M., and Rosso, F. (2015): *Young People Not in Employment, Education or Training(NEET)- An Overview in ETF Partner Countries,* European Training Foundation Report.

"U.S. Committee for Refugees World Refugee Survey 2001 – Macedonia". United States Committee for Refugees and Immigrants.

Van Deth, Jan W. (2014) A conceptual map of political participation. *Acta Politica,* Vol. 49 (3), 349–367.

*Women and Men in the Republic of Macedonia*, Republic of Macedonia State Statistical Office, Skopje, 2017

YOUTH 2010: the social profile of young people in Slovenia http://www.ursm.gov.si/fileadmin/ursm.gov.si/pageuploads/slike/mladina_2010/Youth2010.pdf

Забијакин Чатлеска В., Борота Поповска М., Топузовска Латковиќ М. (2016) *"Мултиетничка студија за младинско претприемништво"*, МИР, ИСППИ, Скопје

Цекиќ, Анета (2014): „Партиципација на младите и локална младинска работа, во Јаќимовски, Јорде (ур.) *Младинските трендови во Република Македонија- истражувачки извештај*, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 63–95.

Цекиќ, Анета (2016): „Политичката партиципација на студентите", во Цветанова, Ганка (ур.) *Идентитетите на студентската популација во Р.Македонија,* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 49–70.

https://www.iph.mk/aerozagaduvanjeto-vo-republika-makedonija

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=8

http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---*dcomm/documents/publication/wcms_218864.pdf*

http://nvoinfocentar.mk/wp-content/uploads/2016/07/korekcija-Anketa_Mladite-semejstvoto-i-migraciite-12.07.2016-1.pdf

http://siteresources.worldbank.org/INTPROSPECTS/Resources/334934-1199807908806/MacedoniaFYR.pdf (16.03.2018)

http://reports.weforum.org/global-competitiveness-report-2015-2016/competitiveness-rankings/ (16.03.2018)

http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Being_young_in_Europe_today_-_family_and_society

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64 -2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (16.03.2018)

https://www.bentley.edu/impact/articles/revenge-millennials

http://www.pewinternet.org/2012/02/29/millennials-will-benefit-and-suffer-due-to-their-hyperconnected-lives/

http://www.stat.gov.mk/pdf/2017/8.1.17.33.pdf (15.03.2018)

http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2012/03/Developing-Brain-Gain-Policies-in-Macedonia_Pitfalls-and-ChallengesOPTIM.pdf (16.03.2018)

# ФУСНОТИ

[ 1 ] Во земјата не е спроведен попис од 2002 година.

[ 2 ] Големина на населено место, Пол, Пр3, Пр8, Пр9.8, Пр13, Пр14, Пр20, Пр61, Пр88, Пр89.1,Пр96.1, Пр98 и Пр127.

[ 3 ] Со кластер-анализата, испитаниците автоматски се групирани во три кластери, при што 1=46,1 %, 2=24,7 % и 3=23,5 %.

[ 4 ] Хистограмот (skewed-right) не покажа нормална дистрибуција на одговори, па оттаму за споредба на вредностите според возрасни категории се применети непараметриски тестови, кои не евидентираа статистички значајни асоцијации.

[ 5 ] Беше креирана и пресметана дополнителна варијабла СЕС за социо-економскиот статус, но не е употребена во анализата поради малиот број на целосно валидни одговори по испитаник, со само 300 случаи вкупно.

[ 6 ] Влијанието на одредени фактори врз тенденцијата за миграција не може да се докаже преку линеарна регресија поради неисполнувањето на основната претпоставка за нормална дистрибуција на резидуалите (премногу екстремно позитивни и негативни резидуали).

[ 7 ] Автоматски се групирани испитаниците во четири кластери, процентуално комбинирани на следниот начин: 1=31.8 %, 2= 22.0 %, 3=20.5 % и 4=25.7 %.

[ 8 ] Во целиот овој дел со три целини е употребена непараметриска статистика, а како минимум е земена значајност на ниво 0,05.

[ 9 ] употребени статистици: nonon-parametric method Kruskall Wallis Anova за возрасните групи и Mann Whiteny за пол, националност и место на живеење

[ 10 ] употребен стастик Spearman’s correlation coefficient

[ 11 ] Авторитативните родители се карактеризирааат со високи очекувања што ги имаат од нивните деца, но тие очекувања се придружувани со разбирање и поддршката за нивните деца. Овој вид на родителство создава најздрава средина за детето кое расте, и помага да се поттикне продуктивна врска помеѓу родителот и детето.

Во пермисивното (дозволувачко) родителство, родителите се чувствителни на потребите и побараувањата на нивните деца, но не поставуваат никакви барања пред нив. Овие родители имаат тенденција да бидат благи додека се обидуваат да избегнат конфронтација. Придобивката од овој стил на родителство е тоа што таквите родители обично се многу нежни и љубезни. Сепак, негативните карактеристики ги надминуваат овие позитивни моменти. Пред децата се поставуваат само неколку правила, но тие правила и кога постојат се неконзистентни. Овој недостиг на структура предизвикува овие деца да растат со мала самодисциплина и самоконтрола.

Авторитарното родителство, исто така наречено строго родителство, се карактеризира со родители кои имаат големи побарувања од своите деца, но не се чувствителни на потребите на децата. Авторитарните родители дозволуваат малку отворен дијалог помеѓу родителот и детето и очекуваат децата да ги следат строгите правила и очекувања. Тие обично се потпираат на казна кога бараат послушност или кога воспитуваат (Robinson, Mandieco, Olsen & Hart, 1995).

[ 12 ] Во споменатта студија поголемиот дел од младите (44 %) веруваат дека ниту тешко, ниту лесно ќе успеат да ги исполнат своите животни цели и планови, а само 13 % веруваат дека ќе успеат лесно или многу лесно во реализацијата на своите животни цели и планови. Една третина од младите, или вкупно 31 % сметаат дека тоа ќе им оди тешко (или многу тешко). Слично како и на претходното прашање, поголем дел од младите (40 %) веруваат дека „ниту лесно, ниту тешко“, ќе успеат да заработат доволно за да го живеат животниот стил кој го посакуваат, повеќе од една третина (или 37 %) веруваат дека тоа ќе се одвива „тешко“ или „многу тешко“, и само 10 % веруваат дека тоа ќе биде „лесно“ или „многу лесно“ (Јакимовски и др., 2014).

[ 13 ] Податокот од студијата насловена како „Идентитетите на студентската популација во Република Македонија“ работена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во 2013 година, во однос на тоа за што сонуваат студентите во РМ, зборува за тоа дека најголем број од студентите сонуваат да ги завршат студиите и да се вработат (45,5 %), потоа следат студентите кои сонуваат да создадат свое семејство (18,5 %). „Да живеам подобро од моите родители“, „Да станам богат/а и да избеагам од овде еден ден“ сонуваат од 5 % до 9 % од студентите во РМ (Цветанова и др., 2016).

[ 14 ] Spearman Corelation (Спирманова корелација)

[ 15 ] Употребен статистик Mann Whitney

[ 16 ] Во студијата за млади од 2013 година понудените одговори на прашањето за зачестеноста на практикување на религијата беа од 1 до 7, при што 1 значеше ретко а 7-редовно.

[ 17 ] За тестирање на предиктивноста на неколкуте споменати важни варијабли се користише непараметрискиот тест Mann Whitney U test.

[ 18 ] Користена е непараметриска корелација

[ 19 ] Религиозноста е конструирана од одговорите на двете прашања: Колку Бог е важен за Вашиот живот (на скала од 1 до 10) и Колку често практикувате верски обреди (скала од 1 до 7). Во групата на религиозни се оние кои на првата скала дале вредност над 6, а на втората скала дале вредност над 4.

[ 20 ] Во „Студијата за млади во Македонија", од 2013год. беше поставено истото прашање, само што одговорите тогаш беа на скала од 1 до10, па споредбата е направена откако се трансформирани вредностите од десеттостепена на петтостепена скала. Прашањето беше идентично поставено, освен што во студијата во 2013 година беа оценувани и религиските лидери, кои ги немаше во оваа студија.

[ 21 ] податокот за сексуалната ориентација како причина за дискриманција веројатно не е и не може до крај да ја отсликува реалната состојба во ваков вид на истражувања

[ 22 ] Употребени статистики: непараметриска корелација, $x^2$, бинарна логистичка регресија, кластер-анализа

[ 23 ] Редовни и вонредни професори, доценти и виши предавачи.

[ 24 ] Во 2015 година е оснивана Опсерваторија на вештини , која требаше да ја преземе оваа активност, но таа не функционира.

[ 25 ] Кога во овој модел е додадено и тврдењето за потребата од силен лидер, од скалата за авторитаризам, варијаблата е негативно поврзана и статистички значајна, но нема промени во однос на значајноста на варијаблите презентирани во моделот во Табела 12. Со оглед на тоа дека експланаторната моќ на моделот не се зголемува кога варијаблата за авторитаризам е додадена, го задржуваме постојниот модел.

# ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ


12 СЛИКА БР. 1:
**Пол**

12 СЛИКА БР. 2:
**Возраст**

13 СЛИКА БР. 3:
**Како би го опишале местото во коешто живеете?**

13 СЛИКА БР. 4:
**Националност**

13 СЛИКА БР. 5:
**Финансиска состојба во домаќинството**

18 СЛИКА БР. 6:
**Активности на младите во слободното време (средни вредности на скала од 1-никогаш до 5-многу често)**

19 СЛИКА БР. 7:
**Временска серија за поминато време пред ТВ или на Интернет**

19 СЛИКА БР. 8:
**Број на виртуелни „пријатели"**

20 СЛИКА БР. 9:
**Колку често се користи Интернет за следните цели?**

20 СЛИКА БР. 10:
**Дали пушите?**

21 СЛИКА БР. 11:
**Дали пиете алкохол?**

21 СЛИКА БР. 12:
**Дали пушите? кростабулација според пол**

21 СЛИКА БР. 13:
**Дали пиете алкохол? кростабулација според пол**

21 СЛИКА БР. 14:
**Дали користите лесни дроги како марихуана?**

22 СЛИКА БР. 15:
**Кластер-анализа за консумирање на алкохол**

22 СЛИКА БР. 16:
**Кластер-анализа за користење на лесни дроги како марихуана**

22 СЛИКА БР. 17:
**Кое од следните тврдења најдобро го опишува вашето сексуално искуство?**

24 СЛИКА БР. 18:
**Дали користите контрацептивни средства или методи за контрола на раѓање?**

24 СЛИКА БР. 19:
**Став за сексуална апстиненција пред бракот**

25 СЛИКА БР. 20:
**Траекторија на транзиција на клучни животни настани кај младите од женски пол**

26 СЛИКА БР. 21:
**Траекторија на транзиција на клучни животни настани кај млади од машки пол**

26 СЛИКА БР. 22:
**Во споредба со со луѓето на ваша возраст во Македонија: Колку пари имате за вашите лични потреби?**

30 СЛИКА БР. 23:
**Дали некогаш сте престојувале во странска земја поради учење или обука?**

31 СЛИКА БР. 24:
**Дали сте биле надвор од вашата земја подолго од 6 месеци?**

31 СЛИКА БР. 25:
**Желба да се напушти матичната земја**

32 СЛИКА БР. 26:
**Крос-национална анализа: Желба за миграција во земјите на ЈИЕ – споредба на средни вредности**

32 СЛИКА БР. 27:
**Временски серии за плановите за миграција**

33 СЛИКА БР. 28:
**Кластер анализа за желбата за миграција**

33 СЛИКА БР. 29:
**Причини за миграција**

34 СЛИКА БР. 30:
**Кога би мигрирале?**

35 СЛИКА БР. 31:
**План за останување во земјата- домаќин**

35 СЛИКА БР. 32:
**Преземени конкретни мерки за иселување**

36 СЛИКА БР. 33:
**Ниво на запознаеност со можностите за имигранти**

36 СЛИКА БР. 34:
**Ниво на познавање на официјалниот јазик во преферираната земја- домаќин**

37 СЛИКА БР. 35:
**Покана од некој што живее во преферираната земја**

37 СЛИКА БР. 36:
**Потенцијален придонес кон развојот и просперитетот на посакуваната земја – домаќин**

42 СЛИКА БР. 37:
**Вредности на младите во Македонија (во аритметички средини)**

42 СЛИКА БР. 38:
**Дендограм за кластерите на вредности Dendrogram using Average Linkage (Between …) Rescaled Distance Cluster Combine**

43 СЛИКА БР. 39:
**Проекции за личната иднина**

44 СЛИКА БР. 40:
**Проекции за иднината на РМ**

45 СЛИКА БР. 41:
**Стравови на младите за општествените појави (во аритметички средини)**

46 СЛИКА БР. 42:
**Проценти на млади кои практикуваат верски обреди**

47 СЛИКА БР. 43:
**Проценти на одговори на прашањето за значајноста на Бог во животот на младите**

48 СЛИКА БР. 44:
**Компаративни податоци за довербата во други (во аритметички средини)**

48 СЛИКА БР. 45:
**Компаративни податоци за социјалната дистанца на младите (во аритметички средини)**

49 СЛИКА БР. 46:
**Проценти на одговори за видот на претрпена дискриминација**

59 СЛИКА БР. 47:
**Има случаи на купување оценки во училиштата / универзитетите**

59 СЛИКА БР. 48:
**ПРОСЕК НА ОЦЕНКИ 2013/2018**

60 СЛИКА БР. 49:
**Часови посветени на учење 013/2018 (%)**

60 СЛИКА БР. 50:
**Типичен ден на училиште/ факултет 2013/2018**

61 СЛИКА БР. 51:
**Социо-економски статус и аспирации за посакуваниот степен на образование**

62 СЛИКА БР. 52:
**Дали сметате дека обуките, училишното и универзитетското образование се добро прилагодени на светот на работата?**

62 СЛИКА БР. 53:
**Дали во текот на образованието сте партиципирале во некаков вид пракса/интершип, со моментален статус во образование**

63 СЛИКА БР. 54:
**Колку лесно ќе најдете работа по завршувањето на образованието?**

63 СЛИКА БР. 55:
**Според вашето мислење, колку лесно ќе најдете работа по завршување на формалното образование?**

64 СЛИКА БР. 56:
**Барања на моменталното работно место за ниво на формално образование**

65 СЛИКА БР. 57:
**Во кој од следниве сектори би сакале да работите?**

66 СЛИКА БР. 58:
**Важност на факторите за избор на работа со финансиска состојба на домаќинство**

67 СЛИКА БР. 59:
**Дали сте учествувале во волонтерска активност во последниве 12 месеци, т.е. дали доброволно сте работеле неплатена работа?**

68 СЛИКА БР. 60:
**Организации каде што волонтирале изразено во проценти**

74 СЛИКА БР. 61:
**Интерес за политика (% на одговори „заинтересиран/а“ и „многу заинтересиран/а“)**

74 СЛИКА БР. 62:
**Информирање за политички настани**

75 СЛИКА БР. 63:
**Задоволство од претставеноста на интересите на младите во политиката**

75 СЛИКА БР. 64:
**Гласање на избори**

76 СЛИКА БР. 65:
**Дали би прифатиле политичка функција? (%)**

77 СЛИКА БР. 66:
**Доверба во институции**

78 СЛИКА БР. 67:
**Идеолошко позиционирање: лево-центар-десно**

78 СЛИКА БР. 68:
**Идеолошко позиционирање: лево-центар-десно (2018)**

78 СЛИКА БР. 69:
**Идеолошко позиционирање: лево-центар-десно (2013)**

79 СЛИКА БР. 70:
**Идеолошки позиции Скала 1–5 (1-потполно не се согласувам; 5-потполно се согласувам)**

80 СЛИКА БР. 71:
**Демократски и авторитарни вредности**

81 СЛИКА БР. 72:
**Ставови за демократски и авторитарни вредности според етницитет**

81 СЛИКА БР. 73:
**Демократски и авторитарни вредности според степен на образование**

82 СЛИКА БР. 74:
**Групни права**

82 СЛИКА БР. 75:
**Права на жените немаат доволно права (%)**

83 СЛИКА БР. 76:
**Права на ЛБГТ лицата немаат доволно права w)**

83 СЛИКА БР. 77:
**Права на малцинствата немаат доволно права (%)**

83 СЛИКА БР. 78:
**Селектирани ајтеми на Ф-скала**

84 СЛИКА БР. 79:
**Селектирани ајтеми на скала на национализам**

84 СЛИКА БР. 80:
**Скорови на Ф и Н- скала според идеолошки определби**

85 СЛИКА БР. 81:
**Учество во политички активности/политичко ангажирање**

85 СЛИКА БР. 82:
**Политичка партиципација (Според приходот на семејството)**

86 СЛИКА БР. 83:
**Идентификација од локален до глобален идентитет**

87 СЛИКА БР. 84:
**Колку себеси се гледате како**

87 СЛИКА БР. 85:
**Ставови за надворешна политика**

88 СЛИКА БР. 86:
**Цели на владата (проблеми кои треба да се решат)**

88 СЛИКА БР. 87:
**Очекувања за економската ситуација (1 – 5)**

89 СЛИКА БР. 88:
**Состојба со избрани вредности во Р. Македонија и Европската Унија (оценки од 1 до 5)**

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

14 ТАБЕЛА БР. 1:
**Материјална сопственост**

19 ТАБЕЛА БР. 2:
**Број на пријатели во реалниот живот**

23 ТАБЕЛА БР. 3:
**Кое од следниве тврдења најдобро го опишува вашето сексуално искуство? Кростабулација според возрасни групи**

23 ТАБЕЛА БР. 4:
**Кое од следниве тврдења најдобро го опишува вашето секусуално искуство? Кростабулација според пол**

34 ТАБЕЛА БР. 5:
**Посакувана дестинација за миграција**

64 ТАБЕЛА БР. 6:
**Кој е Вашиот моментален работен статус?**

65 ТАБЕЛА БР. 7:
**Ранг на фактори за да се најде работа**

86 ТАБЕЛА БР.8:
**Регресиона анализа за политичка партиципација**

89 ТАБЕЛА БР. 9:
**Ранг на вредности**

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**

**ИЗДАВАЧ:** Фондација Фридрих Еберт Скопје
Ул. Борка Талевски 42/6 • 1000 Скопје
Северна Македонија
https://www.fes-skopje.org/mk/
www.fes.de/youth-studies/

**ОДГОВОРНИ ЛИЦА:** Ева Елерајт
**ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА:** Нита Старова
nita.starova@fes-skopje.org
**АВТОРКИ:** Марија Топузовска Латковиќ, Мирјана Борота Поповска, Елеонора Серафимовска, Анета Цекиќ, Нита Старова
**ЛЕКТУРА:** Инда Савиќ Костова
**ДИЗАЈН:** Андреа Шмит • Typografie/im/Kontext
**ПЕЧАТЕЊЕ:** bub Bonner Universitäts-Buchdruckerei

**ISBN:** 978-3-96250-290-4
**ДАТУМ:** 2019

Ставовите во оваа публикација не мора да соодветствуваат со ставовите на Фондацијата Фридрих Еберт, или со оние на организациите во кои се вработени авторите. Фондацијата не гарантира за прецизноста на информациите и податоците содржани во оваа публикација. Изданијата на Фондацијата Фридрих Еберт во ниту една медиумска форма не смеат да се користат за комерцијални цели без претходна писмена дозвола од страна на Фондацијата. Секое спомнување на Косово е направено без предрасуди во однос на државниот статус и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот на безбедност на ОН (UNSCR 1244/1999) и со Мислењето за косовската декларацијата за независност на Меѓународниот суд за правда. Официјалните процедури за усвојување на уставните измени за промена на името од Бивша Југословенска Република Македонија во Северна Македонија не беа финализирани за време на печатењето на оваа студија. Затоа, секоја употреба на името Македонија во публикацијата се однесува на името на државата според стандардите на ОН.